Александар Донски

ОБЕДИНУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА

Дејствата на американско-македонските сили
Дејствата на Грчката армија
Дејствата на Албанската армија
Дејствата на Македонската Ослободителна Армија

Александар ДОНСКИ

ОБЕДИНУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА

ЕМАРИ
Штип, 2008

Александар ДОНСКИ
ОБЕДИНУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА

Издавач
ЕМАРИ

За издавачот
Марија-Емилија КУКУБАЈСКА

Рецензент
Гордица ВЕЛИЧКОВСКА

“Држава се прави со пари, а не пари со држава”.
Плутарх (1 век по Христа)

ЕКСКЛУЗИВНА ВЕСТ!

ПРОНАЈДЕНА НАФТА ВО ОВЧЕ ПОЛЕ

НА ПОВИДОК НОВА ЕРА ВО РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНИЈА

'Во Овче Поле се лоцирани огромни наоѓалишта нафта' - ова го изјави Џон Ворен, портпарол на фирмата ОИЛ РЕСЕРЧ од САД на прес конференцијата што беше организирана вчера во главните простории на компанијата во Вашингтон. Портпаролот Ворен изјави дека американските истражувачи со сигурност потврдиле дакаво регионот на Овче Поле лежат над осумдесет билиони барели нафта, што е нешто помалку од целокупните нафтени резерви на Кувајт.

Американската компанија ОИЛ РЕСЕРЧ ги почна испитувањата во регионот на



Од прес конференцијата на "Оил ресерч"

Претходно, уште за време на поранешна Југославија во овој регион испитувања вршеше фирма од Словенија, кои ненадејно беа прекинати.

Македонскиот премиер из-

ИНФО МАКЕДОНИЈА
бесплатен дневен весник
Број 234

СЕ ЗАЦВРСТУВА ПРИЈАТЕЛСТВОТО ПОМЕЃУ САД И МАКЕДОНИЈА

ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА САД ВО ПОСЕТА НА МАКЕДОНИЈА



Вчера во офици-јална посета на нашата земја допатува Лесли Вајт, потпретседател на САД. Ова е негова прва официјална пспета на нашата земја.На потпретседалеот Вајт му беше приреден официјален дочек на аеродромот Александар Велики. Веднаш по пристигнувањетопотпретседателот Вајт имаше средба со официјални лица од Македонија, меѓу кои премиерот Саздовскии министерот за надворешни работи г-дин Илиевски. Утре е закажана средба и со претседателот на Република Македонија Богдановски.На заедничката прес конференција одржана по средбата со нашите претставници, г-дин Вајт изјави дека пријателстото помеѓу Македонија и САД е во цврст подем. Министерот повтори дека САД ја поддржуваат Македонија во спорот со името оГрција, но дека остават двете држави сами да го решат овој спор. На новинарско прашање за неговиот став за етничкото потекло на денешните Македонци потпретседателот Вајт изјави дека не се меша во историјата, но дека е горд што прв пат доаѓа во земјата на Александар Велики. Новинарот на То Вима постави прашање дали знае дека Александар бил роден на тлото на денешна Грција, на што Вајт одговори дека од историјата знае дека Александар бил роден во Македонија (Продолжува на 3-та стр.)

ИНФО МАКЕДОНИ

бесплатен дневен весник

ГОЛЕМИ ДЕМОНСТРАЦИИ ПРЕД АМЕРИКАНСКАТА АМБАСАДА ВО АТИНА

ПОЛИЦИЈАТА ОДВАЈ СПРЕЧИ ИНЦИДЕНТ ОД ПОГОЛЕМИ РАЗМЕРИ

Запалено американското знаме

Атина 24 април. На вчерашните големи демонстрации пред американската амбасада во Атина, малку фалеше да дојде до инцидент кога толпата тргна кон зградата на амбасадата, но беше спречена од полицијата. Разгневените демонстранти палеа американски знамиња и носеа транспаренти со анти-американска содржина. Говорниците од движењето Мегали Елада, кое има директна поддршка од грчката влада, повторно ја ги обвинија САД дека стојат за бомбашките напади во северна Грција. Како доказ за тоа еден од говорниците го посочи известувањето на СиЕнЕн за овие настани, кое било преполно со лаги против Грција за сметка на некакви непостоечки Македонци.

Американскиот амбасадор во Атина ден пред демонстрациите заминал на консултациивo Вашингтон.

ИНФО МАКЕДОНИЈ
бесплатен дневен весник

ВОВЕДЕНА ДИКТАТУРА ВО ГРЦИЈА

УКИНАТ ПАРЛАМЕНТОТ И ЗАБРАНЕТИ ПАРТИИТЕ



Грчки полицајци на улиците

Атина 6 април. Демократијата во Грција е мртва! Ова го изјави лидерот на ПАСОК Адријанос на импровизираната прес-конференција, која веднаш по неговата изјава беше прекината од полицијата, а тој беше одведен во непознат правец, откако истиот ден, преку ТВ и радио-станици премиерот Калојанис прочита соопштение во кое објави дека во Грција привремено се забранува дејствувањето на сите политички партии, а уставот се суспендира. Калојанис додаде дека ваквиот чекор морало да биде превземен за да се стабилизира внатрешната состојба во Грција. Пред десетина дена врз него беше извршен обид за неуспешен атентат, а провладините грчки медиуми за ова ги обвинија опозициските партии, кои наводно биле помогнати однадвор. Како организатор некои дури ја посочија и ЦИА. Веднаш по изјавата на Калојанис, изјава даде и началникот на генералштабот на грчката армија генерал полковник Митропулос, кој рече дека војската целосно ги поддржува овие мерки додека не се обезбеди мир и стабилност во државата. Амбасадорот на САД во Атина Шон Дувал изрази загриженост поради овие настани и повика да се зачува мирот во Грција. Членовите и симпатизерите на грчката десница веднаш излегоа на улиците во знак на поддршка на политиката на Калојанис. Со ова практично во Грција е востановена диктатура, слична на онаа од 1967 година. Умерениот грчки претседател Стилијанос, засега нема дадено официјална изјава, но аналитичарите сметаат дека тој целосно ќе биде изолиран како политичка личност доколку отворено се спротивстави на Калојанис.

ИНФО МАКЕДОНИЈ

бесплатен дневен весник

ДЕМОНСТРАЦИИ ВО СКОПЈЕ

ОСУДА НА МАСАКРОТ ВО ФУШТАНИ

16 март . Вчера пред амбасадата на Република Грција во Скопје се одржаа протестни демонстрации. Нивни организатор беа здруженијата на граѓани чии предци се со потекло од егејскиот дел на Македонија. Најголемите политички партии во Македонија ги повикаа своите членови да не учествуваат во овие демонстрации, иако нивните лидери јавно го осудија однесувањето на грчката полиција во Фуштани. Демонстрациите поминаа мирно. Од пред десетина дена, полициското обезбедување пред грчката амбасада во Скопје е во голема степен засилено

ИНФО МАКЕДОНИ

бесплатен дневен весник

МОА СЕ ЗАКАНУВА СО НОВИ НАПАДИ

МАКЕДОНСКАТА ОСЛОБОДИТЕЛНА АРМИЈА НАЈАВУВА НОВИ ДЕЈСТВА

Македонските герилци на прес-конференција

10-ти јуни. Претставник на Македонската Ослободителна Армија (МОА) за агенцијата Асошиајтед прес изјави дека грчката армија и полиција се немоќни во борбата против неговата организација ќе изврши напади врз целиот регион на егејскиот дел на Македонија. Тој ги обвини грчките вооружени сили дека спроведуваат геноцид врз Македонците и дека десетици Македонци се депортирани по грчките затвори без никаква причина. Оваа изјава дојде само еден ден по инцидентите во Костур, Невеска, Воден, Клисура, Серез и Бер, кога во одделни инциденти беше отворен оган врз тамошните полициски станици и пунктови.

Припадниците на МОА и натаму држат неколку села под своја контрола.

УБИЕНИ ДЕВЕТ ГРЧКИ ВОЈНИЦИ

Во вчерашните жестоки борби што се водеа на планината Вич, убиени се девет грчки војници, јави портпа-

ИНФО МАКЕДОНИ
бесплатен дневен весник

ГРЧКАТА АВИЈАЦИЈА ЈА БОМБАРДИРА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДЕВЕТМИНА ЗАГИНАТИ ВОЈНИЦИ ВО КАСАРНАТА СТИВ НАУМОВ ВО БИТОЛА

Воени возила на АРМ во пламен

3 март. Денес околу 05 часот наутро седум грчки борбени авиони извршија напад против Република Македонија. Прво е бомбардирана е касарната Стив Наумов во Битола, каде загинаа деветмина македонски војници. Македонската против-воздушна одбрана не успеала да реагира.

Во битолската касарна три проектили паднале на пистата, два проектили го погодиле магацинот за оружје, по што дошло до експлозија. Овде загинале деветминатата војници. Два проектила паднале и до оградата на касарната.

Истите авиони подоцна го бомбардирале и полигоноt во Криволак. Врз баракиte биле испрелани десет проектили. Таму нема загинати, а полесно е ранет еден офицер. Непосредно по бомбардирањето премиерот на Македонија Стојановски изјави дека е шокиран од овој варварски напад на грчката авијација. Тој рече дека нивото на борбеност во РМ е подигнато на највисоко ниво. Истовремено најави дипломатска офанзива против Грција. Од генералштабот на грчката армија е потврдено дека од воениот аеродром

ИНФО МАКЕДОНИЈ

бесплатен дневен весник

АМЕРИКАНСКИТЕ НОСАЧИ НА АВИОНИ ТРГНАА КОН ЈОНСКОТО МОРЕ

ЕСКАЛИРА СОСТОЈБАТА ОКОЛУ ГРЦИЈА

Носачот на авиони Кастер

Пентагон 12 јули. Само два дена по убиството на тројцата маринци на македонско-грчката граница, американските носачи на авиони Вашингтон, Калифорнија, Алабама и Кастер, кои дејствуваат во рамките на Шестата флота, добија наредба за впловување во водите на Јонско Море.

Состојбата е мошне напната. Аналитичарите сметаат дека се работи за акт на притисок врз Грција и дека натамошниот тек на настаните е неизвесен.

ИНФО МАКЕДОНИ
бесплатен дневен весник

ЛЕРИН Е ОСЛОБОДЕН!!!

ОД ВЧЕРА ЛЕРИН НЕ Е ПОД ГРЧКА ВЛАСТ!

Американски војник на улица во ослободениот Лерин

По еднонеделни жестоки борби и по повлекувањето на грчката армија, денес околу десет часот претпладне, првите единици на американската армија, придружувани од пешадиска единица од АРМ, влегоа во Лерин.

Иако поголемиот дел од населението на овој град побегна поради воените дејства, сепак на плоштадот се собра група од околу две илјади Македонци, кои воодушевено го поздравија ослободувањето на својот град. Во тек се активности за обновување на виталните функции на градот; водоснабдувањето и струјата. И натаму се слушаат поединечни пукотници од периферијата, но ситте делови од градот се под контрола на нашите. Во Лерин стигна и единица од стотина борци на МОА, главно жители на тој крај. Грчката армија се повлече кон Невеска, каде се очекува да биде организирано ново одбранбено упориште. Во битката за Лерин загинаа седумдесет и двајца маринци и осумнаесет припадници на АРМ, додека загубите на грчка страна се непознати. Не-познат е и бројот на загинатите цивили.

ВОСТАНОВЕНА ВОЕНА УПРАВА

Во Лерин е востановена воена управа на чело со полковник Џонсон. Воведен е полициски час, а на локалните медиуми се емитувани соопштенија граѓаните да не излегуваат без потреба од своите домови. Низ градот патролираат заеднички американско-македонски патроли, кои се грижат за редот во овој град.

Полковникот Џон-

ИНФО МАКЕДОНИЈ

бесплатен дневен весник

НОВ ОДБРАНБЕН БЕДЕМ ПРЕД СОЛУН

ГРЧКАТА АРМИЈА СЕ ПРЕГРУПИРА ПРЕД СОЛУН

Грчки тенкови се подготвуваат за одбрана на Солун

По повлекувањето на грчките вооружени сили од поголемите градови на егејскиот дел на Македонија, Генералштабот на грчката армија донесе одлука за преѓрупирање и формирање одбранбен систем околу Солун. По ослободувањето на Воден, борби се водат и околу Неѓуш, Бер и Ставрос, при што е забележано повлекување на грчките сили по долината на реката Бистрица, во насока кон Серфице, каде исто така се очекува преѓрупирање и создавање одбранбен бедем. Се проценува дека во и околу Солун се концентрирани околу триста илјади грчки војници, опремени со артилерија и оклопни средства...

- Море, така им треба на Американците. Дај Боже и навистина ова да им се случи... - рече Југомил додека на ѕидот пред него врвеа спектакуларните сцени од научно-фантастичниот филм "Денот на независноста", во кои вонземјаните еден по еден, за само неколку секунди, ги рамнеа со земја облакодерите по американските градови. Архангел во недоумица погледна во него:

- Ти навистина не си нормален!

- Зошто бе? - зачудено праша Југомил.

- Зарем толку ги мразиш Американците? Дури и на филмот не можеш да се воздржиш. - одврати Архангел.

- Ги мразам од дното на душата, па што? Тие господарат со светот. Нам ни го уништија социјализмот. Тие се виновни за сe... Што мислиш, кој го измисли птичјиот грип? Или сидата? Тие тоа го сторија во нивните лаборатории. Мајката нивна... Или погледни го времето... Кога си видел волку топла зима? Тоа е поради нивните експерименти во вселената... - пламна неконтролирано Југомил.

Тој беше четириесетиедногодишен таксиозач, кој во ретките паузи кога не беше на работа се видуваше со Архангел и седнуваа на пиво. Често пати правеа муабет за политиката. Југомил беше син на поранешен партиски функционер во социјализмот, кој почина од мозочен удар во 1988, т. е. две години пред воведувањето на демократијата во Македонија. Југомил не успеа да се снајде во животот. Веројатно поради тоа што, како мал, беше навикнат секогаш да има сe што ќе посака, кога

остана сам, на крајот заглави како такси возач за туѓ газда. Не беше оженет, па целата своја негативна енергија постојано ја празнеше против "Американците", кои според него, беа "виновни" за сите негови животни неуспеси.

Неговиот соговорник Архангел (и главен лик на оваа сторија) имаше триесет и пет години. Тој беше речиси целосна спротивност на Југомил. Беше приватен бизнисмен, кој се занимаваше со продажба и сервис на компјутери. На време заврши факултет, а потоа успеа и да магистрира. Заедно со својата сопруга Борјана имаа фирма, која солидно работеше. Политички не беше ангажиран, но беше огнен поддржувач на прозападната ориентација на Македонија. Со Југомил беа добри пријатели, но честопати се расправаа за Американците.

Така беше и сега. По репликата од Југомил, Архангел само дофрли:

- Ти си непоправлив. Ајде да го догледаме филмот, па потоа ако сакаш ќе зборуваме.

Како што течеше филмот, Американците (предводени од својата авијација, меѓу кои посебно се истакнуваше главниот лик на пилот, толкуван од Вил Смит), почнаа да ги победуваат вонземјаните. На крајот тие беа целосно уништени, а Американците (но и остатокот од светот), останаа да ги залечуваат раните од оваа меѓупланетарна војна. За цело време на овие сцени Југомил негодуваше:

- Еба ти пропагандата...

Архангел одвај се воздржуваше да не одговори. Дури по завршувањето на филмот што

го гледаа кај него дома преку неговиот нов ДЛП проектор на белиот ѕид од салонот што беше приспособен за гледање филмови, Архангел провокативно рече:

- Ете гледаш? Пак победија Американците!

- Да, но само на филм... Ова е невидена пропаганда. Таму во реалноста ги малтретираат црнците, а на филм ги прават херои. - подготвено одговори Југомил.

- Си видел ли ти со свои очи дека таму ги малтретираат црнците? - продолжи да напаѓа Архангел.

- Не, но знам... Секој тоа ќе ти го каже.

- Не секој, туку само таквите како тебе... Си бил ли ти воопшто во Америка? - продолжи Архангел.

- Ниту сум бил, ниту пак сакам да одам. - одврати Југомил.

- Ти си непоправлива жртва на комунистичката пропаганда. Зборуваш за пропаганда, а не си ни свесен дека самиот си нејзина жртва...

- Јас сум жртва на пропаганда? - пламна Југомил и додаде - Глупости! Навистина ли така мислиш или се шегуваш со мене?

- Не само што навистина мислам така, туку и сум убеден во тоа... Ќе ти објаснам зошто, само остави ме да се доискажам до крај и немој да ме прекинуваш. Потоа ти зборувај, а јас ќе молчам.

Југомил се подзамисли, па рече:

- Во ред. Ајде да чујам зошто јас сум жртва на комунистичката пропаганда?

- Како прво, ти ги обвинуваш Американците за пропаста на комунизмот.... - почна, трудејќи се да биде што посмирен Архангел.

- Не на комунизмот, туку на социјализмот... - уште веднаш го прекина Југомил и додаде - Во комунизмот се уште не бевме влезени...

- Добро де, во социјализмот... Ти реков да не ме прекинуваш... За мене комунистички е секој систем во кој неприкосновено владееја комунистите... Исто како што за оној систем во кој владееле фашистите, велиме дека бил фашистички и исто како што онаму каде што владеат повеќе партии, велиме дека е демократија...

- Е, не е исто.... - дофрли Југомил.

- Добро, нека не е исто. - се согласи неволно Архангел, само за да може да продолжи да зборува без да биде прекинуван, по што додаде - Ако мислиш да ме прекинуваш, тогаш воопшто и да не зборувам.

- Ајде продолжи. - додаде Југомил - Но, потоа ти ќе молчиш, а јас ќе зборувам.

- Во ред... Значи, тврдам дека ти си несвесна жртва на комунистичката пропаганда. Ти како да не сакаш, или не можеш, да сфатиш дека комунистите сами си беа виновни за пропаста на нивниот систем. Токму тие најмногу крадеа. Сети се зошто пропаднаа фабриките. Крадеше кој како ќе стигне. Крадеа директорите, крадеа шефовите, а богами крадеа и добар дел од работниците.

Југомил посака да интервенира, но се сети дека вети оти ќе молчи, по што му даде

знак со мимика на Архангел да продолжи. Тој го стори тоа, трудејќи се да биде уште посмирен:

- Кога комунистите видоа дека економијата ја доведоа до колапс и дека народот почна да бара отчет од нив за лошата состојба, тогаш тие требаше да си ги признаат грешките и да заминат од власта. Но, тоа не им паѓаше ниту на крај памет... Кој е луд самоиницијативно да се откаже од власта? Од друга страна тие мораа да најдат некој "виновник" за лошата состојба што сами ја предизвикаа со цел да го "смират" незадоволството кај народот. Така тие го измислија "надворешниот непријател" како "главен виновник" за сите зла во тогашна Југославија. Впрочем, тоа е позната пракса за сите тоталитарни и недемократски режими. Значи, не тие што одвнатре крадеа, туку некој "однадвор" беше виновен за промашувањата на економски и секаков друг план...

- Извини, но морам да те прекинам. - не можејќи да издржи, пак се уфрли Југомил.

Архангел прекорувачки го погледна, а Југомил како да почна да се правда:

- Подоцна прекинувај ме и ти кога јас ќе зборувам.

- Кажи де.

- Велиш економски промашувања. Не те обвинувам затоа што не знаеш многу работи. Тогаш си бил мал... Не знаеш колку убаво живеевме... Посебно за време на Тито...

- Чекај сега... - се обиде да одговори Архангел.

- Нема што да чекам. Се знае дека тогаш стандардот беше мошне висок. Слободно и без визи патувавме кога сакаме и каде сакаме. Југословенскиот пасош беше најслободен пасош во светот. А, каков е сега македонскиот? Без виза денес можеш да патуваш само од едно село во друго и тоа под услов да нема блокада на патот... Тогаш сите имаа автомобили, имаа работа, имаше поволни потрошувачки кредити...

- Добро де, ќе ми дозволиш ли да ти одговорам? - инсистираше Архангел.

- Да чујам.

- Како прво Тито беше диктатор. Прашај ги оние што беа негови опоненти и гниеја на Голи Оток или по затворите колку убаво живееле во неговиот режим... Но, еве да речеме дека делумно се согласувам со тебе. Точно е дека во извесен период поголем дел од народот не живееше лошо. Точно е и дека тој период беше за време на Тито...

- Ете гледаш?

- Чекај де... Тогаш живеевме релативно добро, но така беше благодарение на кредитите што Тито ги зема од Запад... Тоа беа кредити земени токму од тие Американци кои ти сега не ги поднесуваш... Со нивните пари живеевме.... Но, сети се што се случуваше по смртта на Тито, кога тие си ги побараа парите назад?... И мене ако ми даде некој еден милион долари, ќе живеам како цар... Но, тешко мене кога ќе дојде време да ги враќам тие пари.

Југомил замолча, а Архангел продолжи со нападот:

- Зошто вие комунистите кога зборувате за комунизмот во Македонија и Југославија, го потенцирате само Титовото време кога солидно живеевме главно благодарение на западните кредити? Вие како да ги заборавивте мрачните години кои почнаа веднаш по смртта на Тито и траеја се до распадот на Југославија. Се сеќаваш ли на недостатоците на прехранбени артикли? Зарем заборави дека јас и ти, заедно со други деца и младинци, во 1984 година бевме ангажирани од Месната заедница да носиме бонови за зејтин низ маалото? А се сеќаваш ли на недостатоците на бензин и на огромните колони пред бензинските помпи? И тоа на крајот на дваесеттиот век! Се сеќаваш ли кога не тераа да возиме во различни денови во зависност од тоа кој има парни, а кој непарни броеви на автомобилските таблички? Зарем ја заборави огромната инфлација? А рестрикциите на струја и вода, кои траеја и по осум часови дневно и тоа среде зима!?...

Југомил молчеше, а Архангел уште понападно продолжи:

- И кој беше виновен за сето тоа? Се разбира дека според комунистичката пропаганда не беа виновни комунистите, затоа што ако го признаеја тоа, народот ќе требаше да ги линчува. Но, како што реков, мораше да биде посочен виновник за да може народот таму да ја насочи и празни својата негативна енергија и незадоволство. Ете затоа беа измислени дежурни виновници, то ест надворешни непријатели, а тоа беа: ЦИА и Американците, Ватикан, потоа исламот, Бугарите и слично. Практично

комунистите измислуваа "надворешни непријатели" за сечиј терк. И во тие времиња на недостиг на слободни медиуми, народот сакал или не, потпаѓаше под таа пропаганда на миење мозоци. Кај многумина тоа остави последици до денес. И денес добар дел од народот така размислува. За сите државни, колективни или свои поединечни неуспеси, сѐ некој друг однадвор им е виновен. Ете оттаму кај тебе владее параноја против сѐ што е однадвор. Тоа е само последица од комунистичката пропаганда, чија несвесна жртва си и самиот... Ти тогаш си живеел добро, а сега си за никаде. Но, не сакаш да признаеш дека самиот си виновен, туку вината ја бараш кај друг...

Југомил со внимание, но со нескриена нервоза, ги слушаше објаснувањата на Архангел и отпрвин не реагираше. И покрај тоа што беа доволно блиски, па можеа да си кажат сешто еден на друг, сепак овојпат Архангел помисли дека малку претера со обвинувањата кон својот пријател. Но, од друга страна веќе му беше дојдено преку глава таквото негово однесување. Немаше назад, па реши да продолжи, иако овојпат со посмирен тон:

- Дури ми имаш зборувано дека Американците ги уништиле големите македонски фирми од социјализмот. Ајде, кажи ми барем еден Американец што влезе во македонските фирми за да ги уништи? Тие ли ги уништија овие фирми или самите раководни лица во нив, кои крадеа кој како ќе стаса, имајќи предвид дека тие фабрики беа ничии?

- Како бе ничии? Што зборуваш глупости? - наеднаш како да се "врати" во разговорот Југомил.

- А чии беа? - праша Архангел.

- Беа на народот.

- Бре мајката.

- Што "бре мајката"?

- Значи и хотелите беа на народот? Така ли?

- Така, ами што. Беа општествени, народни...

- Па зошто тогаш не летувавме бесплатно по хотелите? Ако беа на народот, тогаш секој припадник на тој народ, како нивни "сопственик", ќе можеше да спие и јаде во нив бесплатно. - го начека Архангел.

Југомил кога чувствуваше дека го губи тлото под нозете во дискусијата, се префрлуваше на посигурен терен:

- А што е со училиштата и здравството? Зарем тие не беа бесплатни? Колку плаќаш сега за да одиш на лекар? А, школувањето? Колку те чинеше твојата магистерска?

- Добро, тоа беа позитивни работи... Не велам дека не беше така... Но, целиот систем воглавно беше скапан... Затоа и се распадна сам од себе... Комунизмот или, како што велиш ти - социјализмот, се обидоа да го востановат разни народи, со разни менталитети и култури, на разни континенти, но никаде не успеа... Нели не лажеа со децении дека еден ден ќе сме влегле во комунизмот и сите ќе сме биле "среќни"? Зошто никогаш и никаде не се случи тоа?

- Виновни се луѓето што го спроведуваа... Меѓу нив беа уфрлени шпиони од Запад. - се правдаше Југомил - Комунизмот како идеја е нешто совршено. Сите луѓе да бидат еднакви... Има ли лошо во тоа?

- Има. Комунизмот пред се е неодржлив како идеја и негова главна цел е да ги сведе луѓето да живеат на нивото на инсекти... Кај пчелите и мравките постои комунизам во практика. Тие работат "секоја според своите можности", а земаат "онолку колку што им треба". Благодарам, но јас не сакам да бидам инсект.

- Не е така. - се бранеше Југомил. - Комунизмот во основа е хуманизам... Не ми одговори што има лошо во тоа сите луѓе да бидат еднакви?

- Што да ти одговорам? Тоа е тешка глупост. Не вреди ниту да се коментира... - енергично одговори Архангел.

- Зошто?

- Замисли дека јас и ти во комунизмот работиме иста работа и земаме иста плата. Ти штедиш цело време и си правиш куќа, а јас моите пари ги трошам на забави. По извесно време, ти ќе имаш куќа, а јас ќе немам ништо. И дали е во ред државата да ти ја земе таа куќа и да ја сподели со мене за да бидеме јас и ти "еднакви"? Е, токму тоа се случувало во 1945 година кога им ги национализирале приватните добра на домаќините за да ги споделат со секакви неранимајковци и неработници.

- Што имаш ти против 1945 година? Да не беа комунистите Македонија немаше да биде

слободна држава... - пак се префрли Југомил на друг терен.

- Е, ни тоа не го прифаќам. - одговори Архангел - Најголемиот број партизани не биле комунисти.

- Да, но се бореле под знамето на комунизмот. - подготвено го дочека Југомил.

Архангел малку се збуни, но веднаш се совзема и рече:

- Разликата меѓу мене и тебе е во тоа што јас, бидејќи сум демократ, признавам дека во комунизмот имаше и позитивни работи. Но, ти не признаваш ништо позитивно во демократијата...

- А, што е тоа "позитивно во демократијата" што треба да го признаам? Дали зголемениот степен на криминал? Погледни колку убиства се случуваат речиси секојдневно во Македонија. Да ти е страв на улица да излезеш навечер... Погледни ги кражбите. Кога имало волку кражби и тепачки? Тоа е последица на капитализмот и на твојата "демократија". Луѓето немат сигурност и затоа се нервозни... И што има тука позитивно? Можеби позитивна е невработеноста? Кога имало ваква невработеност и волкава сиромаштија? Или можеби сакаш да зборуваме за национализмот? Во времето на социјализмот воопшто не беше важно кој од која нација е. Сите бевме исти. А, погледни сега. Секој секого мрази, само затоа што припаѓа на друга нација. Зарем тоа не е надвор од умот? Или погледни ги партиите. Само се караат меѓу себе и гледаат кој да се докопа до власта... Мислиш дека им е гајле за мене и за тебе...

Главна цел им е да ја грабнат власта, а потоа да крадат кој колку може... - се засили Југомил.

- Добро, реков дека признавам оти тогаш имаше и позитивни вредности, а признавам и дека во демократијата има и негативни работи, но во крајна линија сега е подобро. Порано живеевме како овци во трло. Дали некој ќе работи или не, сите земаа исти мизерни плати. Денес, пак, оној што е способен може да работи и заработи колку што може. Можеби тоа не е најдобро, но тоа го признаваат и теоретичарите на капитализмот. Тие велат дека овој систем не е најидеален, но поуспешен досега не е измислен.

- Море, социјализмот беше злато... Сети се на слетовите. Какви претстави беа тоа и се беше бесплатно... Тогаш не се дозволуваше да пропаднат фабриките... Еднаш татко ми ми кажуваше дека за неговото претпријатие фалеле поголеми количества железо. Отишле во Загреб и оттаму зеле бесплатно колку што им треба... Тоа беше вистински систем.

- И тука си во заблуда. - го пресече Архангел.

- Зошто?

- Како прво не е точно дека претпријатијата "не пропаднале". Напротив, речиси ниту едно не остана здраво. Сите се распаднаа. Како второ, треба да знаеш дека ништо на светот нема бесплатно. И тие слетови што ги спомнуваш и тоа железо што го зел татко ти, некој морал да ги плати... Ете, затоа пропадна тој систем. Сите мислеа дека се е бес-

платно и дека се е наше, а всушност сето тоа некој го плаќаше... Конкретно со земањето на тоа железо без пари, некој бил оштетен...

Југомил пак почна да се мурти, но веднаш потоа повторно нападна:

- Во социјализмот општествениот стандард беше висок. Не само здравството и школството, туку и многу други работи беа бесплатни. Разни курсеви, секции, концерти и што ли уште не... Сето тоа можеше бесплатно да се посетува.

- Мене не ми е јасно како не можеш да сфатиш една работа. Тој систем пропадна токму поради карактерот на сопственоста. Таа беше ничија и затоа никој не се грижеше за неа. Но, откако настапи приватизација, работите тргнаа на подобро. Земи каков сакаш пример... Сети се каков беше штипскиот хотел "Астибо". Во времето на комунизмот келнерите се правеа небаре се главни газди во него. Не можеше ниту да дојдеш до нив и да нарачаш пијалак... Подоцна хотелот почна буквално да се распаѓа и никој не мрдна со прст. А и зошто да мрдне кога тој хотел беше "општествен", то ест ничиј? Но, откако се приватизира, работите преку ноќ се променија на подобро. Порано ние ги бркавме келнерите за да нарачаме пијалак, а сега тие не бркаат нас... Истото важи и за другите тогашни установи. Погледни ги банките. Порано, кога беа општествени, не можеше да го намолиш службеникот да ти ја заврши услугата за која е платен. Те отишол на појадок, па го нема со часови, те кафето да си го допиел, те земал пауза... А, денес кога ќе влезеш во приватна банка, те пречекуваат како да си цар...

Уште тепих да ти постелат... Ете тоа е разликата.

- Ајде не ми ги спомнувај приватните газди. Прашај ги нивните вработени. Прашај ги на каква експлоатација се изложени, колку работат, а колкави плати земаат. Работат и по десет часа дневно, а не земаат ниту сто евра месечно. Тоа е твојот капитализам. - се спротивстави Југомил.

- Така е. Тоа не е во ред. Но, порано или подоцна, и овие работи ќе се средат... - одговори Архангел.

- Ќе се средат кога ќе си го видам тилот! Веќе седумнаесет години живееме во капитализам. Зошто уште ништо не е средено?

- Со појавата на конкуренција ќе дојде до недостиг на работна сила, па газдите ќе мора да ги зголемат платите. Гледаш ли сега што се случува со приватните конфекции? Никој не сака да им работи заради малите плати и тешката работа што ја нудат повеќето од нив. На тој начин газдите, сакале или не, ќе мораат да ја подобрат состојбата со своите вработени ако сакаат да опстанат. - се обиде да објасни Архангел.

- Не е така. Тука си грешка.

- Зошто?

- Сум разговарал со сопственик на приватна конфекција. Тој не е толку виновен...

- А, кој е виновен? Тој им... - се обиде да објасни Архангел, но Југомил го прекина:

- Не е виновен сопственикот на конфекција, туку виновни се оние "твоите" од Запад... Ти добро знаеш дека нашите конфекции

работат по лон-систем за газди од Запад. Практично и нашите газди на конфекции се вработени кај овие западни капиталисти. Нашиве честопати барале малку повисока цена за услугите што им ги прават овде за да можат да им ги зголемат платите на своите вработени, но западните газди не сакале ни да слушнат. Им велеле дека ако не им чини, ќе најдат други конфекции да работат за нив. Тоа се твоите капиталисти од Запад. Заради нив ние страдаме... Крвопијци, мајката нивна...

Овојпат Архангел не се снајде веднаш што да одговори, но само за кратко:

- А зошто нашите газди не одвојат малку од својот профит за сметка на работниците...

Југомил се почувствува "победник" во оваа рунда, па само додаде:

- А зошто да не одвојат и западните газди од својот профит? Малку ли пари имаат?

Архангел се обиде да објасни:

- Види вака, факт е дека тие се побогати од нас и за тоа постојат многу историски и други причини... Штом се побогати и помоќни, ќе се однесуваат како што сакаат. И ти не си поарен кон некој што доаѓа да работи кај тебе како аргат за да ти ја ископа бавчата или да ти ги исече дрвата за огрев... И тој тебе можеби те пцуе поради тоа што смета дека недоволно го плаќаш... Не мислам лично на тебе, туку ти кажувам само како пример... Едноставно, такви се односите меѓу луѓето... Полека работите ќе се средуваат...

- Тешко дека ќе се случи тоа. - не попушташе Југомил.

За миг завладеа "затишје". Како да размислуваа кој како ќе "нападне". Архангел прв се сети:

- Комунистите нанесоа огромна штета и во начинот на размислување и во самата психологија на луѓето... Мислам во однос на својот опстанок...

- Од каде пак ова? Ова досега не си го спомнал.

- Тие го убија духот за претприемништво и за амбиција... - продолжи Архангел.

- Глупости!

- Не се глупости. Сети се што ни зборуваа уште од основно училиште...

- Не знам на што мислиш.

- Ни велеа дека ние сме богата земја, имаме се... Ништо не ни фали. Имаме планини, реки, рудни богатства...

- Па, зарем не беше така? - зачудено праша Југомил.

- Токму таквата погрешна пропаганда создаде летаргична психологија кај народот. Мнозина си велеа: "Штом имаме се, зошто да се мачиме и да работиме?" И не само тоа. Ваквите сфаќања еволуираа во уште поперверзна насока. До не така одамна, многумина се задоволуваа со сосема малку во животот... Тие едноставно немаа амбиција за постигнување нешто повеќе...

- Не сум сигурен дека те разбирам.

- Ќе ти објаснам со конкретен пример.... Се сеќаваш ли на мојата роднина од Австралија што беше кај мене? - праша Архангел.

- Онаа Славица? Така ли се викаше?

- Да, таа.

- Што со неа?

- Еднаш додека бевме излезени, не сретна еден мој пријател. Оној Мице, го знаш... Не покани на ручек кај него. Сакал да прави муабет со Славица за Австралија. Тоа беше одамна, во времето на комунизмот...

- И?

- И отидовме. Мице убаво не дочека. Живееше со жена му и двете деца. Јадевме пастрмајлии и пиевме вино, седевме и разговаравме. Мице тогаш живееше многу сиромашно. Во една стара и трошна куќичка, со излупени ѕидови и ниски тавани.

- Тој и сега таму живее. - дополни Југомил.

- Добро де... Но, слушни што се случи потоа.... Мице ја праша Славица колкава % е платата. Таа се намурти и рече: "Слаба ми е. Воопшто не сум задоволна." Јас ја замолив сепак да ни каже колку е, а таа одговори дека земала три илјади австралиски долари месечно. Знаеш ли колку пари е тоа?

- Знам. - рече Југомил - Тоа е... околу сто и пет-шеснаесет илјади денари или околу две илјади евра сегашни пари.

- Така. Ако знаеме дека малопродажните цени во Австралија се горе-долу исти како овде, замисли колку пари зема таа.

- Е добро де, не е малку. - потврди Југомил.

- Да, но таа беше незадоволна од таквата плата. Велеше дека мажите кои биле вработени на исти работни места земале многу повеќе. Рече дека планира да бара друга работа.

- Се уште не разбирам што сакаш да кажеш - нетрпеливо праша Југомил.

- Ќе слушнеш... Разговорот продолжи. Го прашав Мице: "Мице, како живееш ти?". Тој без размислување ми одговори: "Супер! Задоволен сум. Имав две собички, но летово успеав од шупата во дворот да направам уште една. Сега имам три соби и добро ми е."

Архангел замолча, со надеж дека Југомил ќе се сети што сака да му каже.

- Хм... - почна да се замислува Југомил.

Откако виде дека не реагира, Архангел продолжи:

- Ја сфати ли разликата во психологијата и во начинот на размислување? Славица со три илјади долари велеше дека е "незадоволна" и дека ќе се бори да добие повеќе, а нашиот кутар Мице, кој живееше со жена и две деца во три никакви собички, од кои едната била шупа, рече дека бил "задоволен". Тоа е што сакам да ти го објаснам. Тоа е директна последица од комунистичкиот начин на размислување во стилот: "Ние имаме се и ништо не ни треба". Но, на Запад поинаку ги воспитуваат децата. Таму уште од мали им велат дека нивната земја "не е богата", дека парите тешко се заработуваат, па затоа треба да се штедат, дека човек треба сам да се снаоѓа ако сака да опстане и се во тој стил. Затоа тие, постојано се незадоволни од својата заработувачка и под притисок на таквото воспитување, далеку стасуваат, а ние се уште тапкаме во место, живеејќи во илузија дека имаме се и дека ништо не ни е треба.

- Но, денес веќе не е така. Ајде најди ми еден невработен кој ќе ти рече дека е задоволен... - рече Југомил.

- Точно. Работите почнаа да се менуваат. Тоа незадоволство кај нашиве невработени треба да предизвика нагон за самоодржување и опстанок, па некои од нив можеби ќе се снајдат... Мнозина и се снајдоа... - се обиде да амортизира Архангел.

- Да, се снајдоа. Затоа мнозинството живеат во сиромаштија... - никако не попушташе Југомил.

- Можеби е така, но највиновни сме самите ние, а не Американците... - одговори Архангел.

- Ти како да си вљубен во нив? - наеднаш провокативно праша Југомил.

- Зошто да не сум? Ги сакам и почитувам. За мене тие се лидери на слободниот свет.

- А, атомските бомби? А, Виетнам? А, Ирак и Авганистан? - нападна Југомил, убеден дека на ова нема одговор.

- Што за атомските бомби? - праша Архангел.

- Знаеш ли колку Јапонци загинаа? И тоа жени и деца. Американците се единствената нација која употреби атомско оружје против луѓе... Каква монструозност! - пламна Југомил.

- Да, но само малкумина од нив знаеле за вистинската моќ на тие бомби. Подоцна неколкумина од тие што биле одговорни за бомбите извршија самоубиство. Американците не знаеле за разурнувачката моќ на овие бомби. Главна цел им било запирањето на војната. Факт

е дека Јапонија капитулира токму поради атомските бомби... Инаку, можеле уште долго да војуваат, па веројатно исто толку луѓе би загинале, ако не и повеќе, доколку војната се оддолжела. - подготвено одговори Архангел.

- Хм, а Виетнам? Што е со уништувањето на таа земја?

- Денес Америка е најмоќната држава на светот и многумина и завидуваат и љубоморат. Многумина не ја сакаат затоа што за нив е недостижна. Исто како во басната за лисицата и грозјето. Кога видела дека не може да го дофати зрелото грозје, лисицата рекла дека тоа "не чини". Нормално е дека кога си на врвот ќе имаш многу непријатели. Но, на врвот можат да дојдат само најспособните и најснаодливите. Тоа е така. Порано и Македонија била светска велесила, па затоа потполно ги разбирам Американците. И Александар Македонски бил мразен и напаѓан од сите тогаш познати држави, затоа што бил на врвот... Но ете денес сме останале на дното. И кој ни е виновен?

- Можеби е така, но не знам каква врска има ова со Виетнам? - праша Југомил.

- Има. Виетнамската приказна е претерано форсирана. Сите зборуваат за војната на Америка во Виетнам, но што е со другите виетнамски војни? Знаеш ли ти колку време Французите војуваа против Виетнамците? Точно сто години Виетнам бил под крвава француска окупација... Или сети се на 1979 година, кога Кина го нападна Виетнам. Зошто никој не ги ниту спомнува овие војни против истиот тој Виетнам, туку се спомнува само војната со Аме-

рика? Па, ниту Виетнамците не се китка за мирисање. Сети се на нивната воена агресија врз Кампучија... Колку луѓе загинаа во сите овие виетнамски војни, кои речиси и се заборавија... Конечно, Виетнам ја доби војната против Америка, така ли е? И што постигна со тоа? Поминаа над триесет години по нивната победа над Американците и знаеш ли каде е Виетнам сега? Тој е една од најсиромашните држави во светот. Од неодамна дури почнаа да ги молат Американците да им дадат храна - истите тие против кои војуваа. Ако знаеле виетнамските партизани, кои загинале во таа војна, дека нивната земја ќе биде една од најсиромашните во светот, се прашувам дали воопшто ќе се бореле против Американците.

- Хм..., а Ирак и Авганистан? Зошто од таму не се повлечат Американците? Влегоа за да им ја украдат нафтата на Ирачаните.

- Да, но и ги соборија тоталитарните и криминални режими во тие земји. Оди и прашај ги Курдите како живееја под Садам Хусеин, кога им фрлаше хемиски отрови по селата... - одговори Архангел и почна со против-напад - Чекај малку.... Зборуваш за жртви, така ли? Ајде да видиме кој систем предизвика најмногу невини човечки жртви? Знаеш ли ти дека во Русија за време на комунизмот се убиени милиони луѓе, само затоа што не се согласувале со тој систем или биле неправедно обвинети! А колку биле испратени во прогон во Сибир? А, Голи Оток кај нас?

- Ниту Американците не се подобри во злосторствата... Погледни ја базата

Гвантанамо... Колку невини луѓе беа затворени таму? Како можеш тоа да го оправдуваш? Или види што сторија на Балканот. Ни ја растуриja Југославија. Никогаш нема да им простам што ја бомбардираа Србија... Нашите браќа кои таму живеат... - продолжи Југомил.

- Ти пак за Србија... Стопати ти имам кажано. Србите најмногу ги зафркна Милошевиќ. Негов најголем грев е тоа што им го уништи традиционалното пријателство со Американците. И не само тоа, туку тој дури и војуваше против нив. Жена му беше запнала да го обновува Варшавскиот договор... Војуваа и загубија. И сега нема лутење кога им го зедоа Косово. Албанците само мудро го искористија сето ова. Тие се врзаа со Американците во борбата против заедничкиот непријател Милошевиќ, па нормално дека на крајот остварија победа. Јас ти гарантирам дека ако во 1992 година на изборите во Србија победеше проамерикански определениот Милан Паниќ, сега Косово сe уште ќе беше во границите на Србија. Но, Србите си го сакаа Милошевиќ, па сега кој им е виновен?

- Милошевиќ беше српски патриот... - се обиде да објасни Југомил.

- Српски патриот, а благодарение на неговата политика, Србија доживеа порази на сите полиња. Ебати таквите патриоти... - се уфрли Архангел.

- Не е така, но и да е така, не можеш да ги обвиниш сите Срби. А сите беа бомбардирани... Тоа е злосторство!

- Знам. Некои од нив денес велат дака не може да постои колективна одговорност, то ест

дека не може целиот народ да страда заради погрешните потези на некој свој политичар.

- Па, зарем не е така?

- Така е, но само делумно. Кој го одржуваше Милошевиќ на власт со децении? Тоа беше токму мнозинството од истот тој српски народ. Се сеќаваш ли на неговите митинзи на кои присуствуваа милони? Значи, мнозинството Срби ја поддржувале неговата политика, која на крајот ги доведе до бездна. Потоа се свестија, па самиот народ го избрка од власта, но веќе беше предоцна.

- Ќе видиш сега и нам што ќе ни дојде до глава од твоите Американци. - пак нападна Југомил.

- Ништо нема да ни дојде доколку сме пријатели со нив. Америка е најмоќна држава во светот и таа ги казнува сите што се против неа, но умее и да ги награди оние кои пријателски се поставуваат. - смирено одговори Архангел.

- Американците ќе бидат пријатели со нас само додека имаат интерес. - забележа Југомил.

- Интерес? Ајде не зборувај глупости! Зарем не гледаш дека ни го признаа уставното име и застанаа на наша страна во спорот со Грција? - подготвено одговори Архангел.

- Па што?

- Како, па што? Кој е нивниот интерес за да го направат тоа? Што е тоа што Македонија може да им го пружи повеќе од Грција? Дали се тоа природните богатства? Грција ги има многу повеќе од нас. Или можеби нашата армија, која е далеку под нивото на грчката? Или можеби

имаме воени бази поарни од грчките?... Еве одговори ми зошто Американците застанаа на наша страна доколку донесуваат одлуки само врз основа на својот материјален интерес?

Југомил се замисли и за миг не знаеше што да одговори, а потоа почна:

- Мора да има нешто... Тие ништо не прават без сопствен интерес...

- Добро де, ајде кажи што е тоа?

- Од каде да знам? - призна Југомил и додаде - Сигурно наскоро ќе излезе на виделина.

- Јас знам зошто застанаа на наша страна. - констатира Архангел.

- Зошто?

- Заради нашето пријателство со нив. - одговори Архангел и продолжи - И заради ширењето на анти-американизмот во Грција. Сети се што се случи пред признавањето на нашето уставно име. На американскиот министер Колин Пауел не му беше дозволено ниту да дојде во Грција на отворањето на Олимпските игри. Наводно, имало толку отпор од страна на Грците против неговото доаѓање што полицијата не можела да му гарантира безбедност. Низ цела Атина беа поставени огромни транспаренти со навредиви содржини против САД. Тоа беше понижување за Американците пред очите на целиот свет. Од друга страна, ние секогаш пријателски се однесувавме и им дававме поддршка. Ете затоа, недолго потоа, тие го признаа нашето уставно име, то ест, на извесен начин % вратија на Грција.

- Хм. - помисли Југомил.

- Можеби нема најчесни односи во сето ова, но тоа е така и ние како мала и никаква држава мораме да се прилагодиме ако сакаме да опстанеме. Тука нема дилеми. Или си со најмоќниот или си против него со што ризикуваш да те снема. Сите што отворено им се спротивставија на Американците, меѓу кои Милошевиќ, талибанците, Садам Хусеин, па дури овде ќе ја спомнам и Грција, доживеаја пораз, во склад со степенот на своето спротивставување. Замисли кај нас да дојдат повторно комунисти на власт. Тие веднаш ќе почнат да шират омраза против САД со што ќе предизвикаат судир со оваа држава. Што ќе се случи потоа? Ти гарантирам дека Македонија ќе ја снема за 24 часа. И тоа не мора САД да не нападнат. Доволно е да им одобрат на нашите соседи да не уништат... Јас однесувањето на САД го поистоветувам со однесувањето на некој локален моќник во нашите градови какви што ги имаше во седумдесеттите и осумдесеттите години, но и пред тоа. Тогаш, како што знам, во секој град во Македонија имаше по некој локален моќник. Тоа обично беше некој успешен стопанственик, кој дури имаше пресудно влијание и во политиката во својот град.

- Точно. Имаше такви... - потврди Југомил - Па што?

- Таквите беа семоќни, но имаа и бројни непријатели. Некои отворено им се спротивставуваа, а мнозинството граѓани потајно ги мразеа и им љубомореа. Така, овие моќници, во извесна смисла, беа осамени. Секој што ќе им се спротивставеше, тие го уништуваа,

па со тоа си создаваа уште повеќе непријатели. Но, овие моќници имаа и мал број луѓе кои ги поддржуваа, без разлика дали искрено или поради сопствен интерес. Тоа беа нивните шофери, соседи, потчинети соработници и друг вид потрчковци. Од ваквите луѓе моќниците практично немаа никаква фајда, но сепак тие умееја богато да им се оддолжат за нивната лојалност. Така, на пример, нивните возачи добиваа станови, сопругите им беа вработувани и така натаму. Исто е и со Америка. Американците, како најмоќни во светот, денес имаат голем број непријатели и субјекти кои им завидуваат. Тие постојано се во конфликт со таквите на еден или друг начин, почнувајќи од отворено војување, па се до економски, културни и друг вид судири. Но, има мал број земји кои постојано се со САД. Таквите земји добиваат своевидна "награда", иако САД имаат мала фајда од нив. Такви треба да бидеме и ние... Ако сакаме да опстанеме.

- Хм. Чудна логика... - се замисли Југомил.

- Не е чудна, туку е вистинита. По секоја цена треба да се спречи анти-американската хистерија кај нас...

- Не би рекол. Ќе видиш кога наскоро Русија повторно ќе застане на нозе. Потоа ќе се спои со Кина, па тешко на твоите Американци. Цел свет ќе се сврти против нив и тие ќе мора да паднат. Каде ќе биде тогаш Македонија, ако сега се однесуваме како нивни лакеи?

- Ти немаш поим од историја. Иако сега односите ни се добри и со целата почит кон неа, но порано токму Русија била најголем непријател на Македонија...

- Ајде не зборувај глупости! - сакаше да го прекине Југомил. - Наши најголеми непријатели ни се соседите...

- Да, но кој стоел зад нив? Лично го слушав д-р Владо Поповски, кој со својата руска соработничка д-р Жила неодамна донесоа документи од руските архиви од кои сосема јасно се гледа дека токму Русија била иницијатор за поделбата на Македонија... А, кој ја создаде Санстефанска Бугарија? Тоа беше руска творба. И кој ја поддржува Српската Црква да не ја признае МПЦ? А, што е со неодамнешните изданија на Руската академија на науки во кои нашите преродбеници се прикажани како "бугарски"? Ги слушна ли навредите на Жириновски, кој е еден од најмоќните руски опозициски лидери, што ги кажа против Македонците, велејќи дека античките Македонци биле "Грци", а сегашните се "Бугари"? Кој го поддржуваше диктаторскиот режим на Тодор Живков во Бугарија кога масовно страдаа Македонците? За разлика од Русија, со САД состојбата е поинаква. Постојат документи според кои македонскиот јазик официјално бил признаен во САД уште на почетокот на 20 век. Подоцна претседателот Рузвелт дури и се заложил за создавање независна Македонија... - речиси рафално го "испука" сето ова Архангел.

Југомил почека да заврши, а потоа појде во противнапад:

- Не е сосема така. Постојат документи дека и Русија во извесен период се залагала за независна Македонија. Тоа било на почетокот на 19 век. Поделбата на Македонија ја направиле нашите соседи и тие тоа ќе го стореле без оглед на ставот на Русија. Ги знам изјавите на Жириновски, но тој сепак е маргинален политичар. Ниту за режимот на Тодор Живков, не можат да бидат виновни Русите. За времето на социјализмот, на Радио Москва се емитуваа емисии на македонски јазик. Српската Црква не ја признава македонската заради Грците, а не заради Русите. А Санстефанска Бугарија... Тоа било само идеја на некој руски гроф, која не била прифатена од руската официјална власт... И со Руската академија работите се поправија по интервенцијата одовде. Од друга страна и денес постојат американски конгресмени и други високи политичари, кои даваат изјави во полза на грчкиот и бугарскиот шовинизам...

- Да, но официјалната американска политика секогаш е на наша страна. - констатира Архангел.

- И руската е на наша страна. - дофрли Југомил.

- Тоа е добро, но САД се најмоќна држава во светот. Ако сме блиски со нив, не значи дека не можеме да бидеме блиски и со Русија. - заклучи Архангел.

- Или си со едните или со другите. Не можеш да седиш на два стола. - се спротивстави Југомил и додаде - Ние треба да бидеме со Русија. Тоа се наши православни браќа.

- Аман од тие твои "православни браќа". Зарем не гледаш дека Македонија најмногу страда токму од "православните браќа"? Едните не ни ја признаваат нацијата, историјата и јазикот, другите Црквата, а третите уставното име... Да ти се плукнам на таквите "браќа".

- Засега навистина е така, но за тоа се виновни оние од надвор. Ако не ни се мешаат на Балкнот, ние ќе си ги средиме работите меѓу себе. - се обиде да се одбрани Југомил.

- Значи пак се виновни Американците? - веќе со доза на нервоза праша Архангел.

- Индиректно, да. Зошто ни се мешаат овде на Балканот? И зошто се мешаат секаде во светот? - пак почна Југомил.

- Затоа што можат и затоа што се најмоќни! - речиси дрско одговори Архангел.

- Не, туку затоа што насекаде во светот имаат свои лакеи кои им ги лижат чизмите. Исто како овде. - одговори Југомил со повишен тон.

- Тешко нам со такви како тебе. За среќа се помалку сте на број... - пламна Архангел, откако сфати дека не може никако да се разбере со својот собеседник.

- Што им фали на таквите како мене? Ние сме патриоти, а не продадени души како тебе. - пламна и Југомил, па продолжи - На Македонија не и требаат подлизурковци и слуги на Американците.

- На Македонија не и требаат комуњари и арамии.. Секаде во светот комунизмот замина на ѓубриштето на историјата, а ти овде сакаш пак да се врати. Срамота! - продолжи уште

пожестоко Архангел и додаде - Освести се веќе еднаш и погледни и в очи на вистината...

- Ако ја сакаш вистината, тогаш признај дека си платеник на ЦИА! И затоа ги браниш Американците. - грмна Југомил.

- Јас платеник на ЦИА? - ги ококори очите Архангел.

- Мислиш дека не знам... Те имам видено како стоиш со Американци шпиони во градот, кои божем овде се дојдени со некаков "Мировен корпус"... - продолжи Југомил.

- Па, ти не си нормален! Ти си болен параноик! Такви сте сите комуњари!... Јас не сум ничиј платеник, но ако треба некому да му служам, поарно ќе служам на ЦИА, отколку на УДБ-а како тебе.... - веќе неконтролирано експлодира Југомил.

- Кому бе ти УДБ-аш? - речиси подвикна Југомил -

- Ако ти ме нарекуваш шпион на ЦИА, тогаш ти си шпион на УДБ-а!

- Штом е така... - рече крајно налутен Југомил, кој потоа бргу стана и излезе од вратата - Никогаш веќе нема да ме видиш кај тебе. За мене веќе не постоиш!

- Твое право. Мене ми е се едно....

Југомил демонстративно излезе во претсобјето, а веднаш потоа и низ влезната врата.

Архангел остана да седи, вриејќи од нервоза. Во мислите како да ја продолжи дискусијата со Југомил. "Тој мене ќе ми го фали комунизмот!? Будала низаеден! Од една страна се прави верник и хуманист, а од друга

го брани тој атеистички систем! Како не ми текна да му ја спомнам религијата!? Уривањето на црквите со динамит што било спроведено во Русија... Зарем случајно комунизмот и сатанизмот имаат заеднички симбол во црвената петокрака?... Ах, како не ми текна да му го спомнам и "вербалниот деликт"! Идиотите комунисти затвораа луѓе да лежат со години во затвор само затоа што кажале некоја шега против нивниот режим... Цели семејства се запустија само затоа некој што кажал нешто... Мајката нивна... Ќе го начекам кога тогаш и ќе му го кажам сето ова..."

Архангел како да почувствува задоволство од ваквите "победнички" мисли. Таа вечер беше сам дома. Жена му Борјана и малиот син Павле претходниот ден заминаа за Скопје кај нејзините родители. Се уште нервозен, Архангел пушти друг филм преку проекторот. Тоа беше филмот "Без предупредување" (Њитхоут Њарнинг). Всушност овој филм за првпат го виде преку една локална телевизија во Штип уште во 1996 година. Филмот му остави голем впечаток. Главна улога во него е спикер на Си-Ен-Ен, кој среде читањето вести, добива информација дека три метеори паднале во три различни делови на светот. Потоа почнува вклучување на известувачи од местата на случување, кои даваат "извештаи" за чудниот настан. Следува најава за доаѓање на нов метеор што треба да удри во ненаселено место на Земјата. Владите на САД и Русија решаваат да го уништат со атомски бомби, иако еден научник ги предупредува да не го прават тоа затоа што тој смета дека овој метеор е ис-

пратен од интелигентни суштества како поздрав до земјаните. Но, метеорот е уништен со ракети уште пред да падне на земјата. Како одговор на тоа, уште три метеори се упатени против три големи градови на Земјата, но и тие се уништени со атомски бомби. Меѓутоа, атомското оружје на земјаните се исцрпува, а следуваат стотици нови метеори кои се упатуваат кон исто толкав број градови на Земјата. Научниците и сиот свет ги гледа преку мониторите во НАСА, немоќни да го спречат уништувањето на Земјата. Најинтересно во овој филм беше тоа што цело време дејствието се случуваше во студиото на една голема ТВ станица со вклучувања на известувачи ширум светот, па така се добива впечаток дека сето тоа навистина се случува.

Додека го гледаше филмот, Архангел се уште беше опседнат со кавгата со Југомил. Постепено нервозата и настроеноста против него, почна да спласнува и да отстапува место на каење. Одамна се познаваа и срамота беше да се караат за политика. "Тој е комунист и тоа си е негово право. Зошто толку жестоко го нападнав? И без тоа му е тешко во животот, па уште јас му фалам да го толчам", се прекори Архангел. Кога дојде крајот на филмот, тој веќе не му се лутеше на Југомил. Напротив. Посака да му се јави и да му се извини. Си вети дека во иднина ќе избегнува муабети за политика или, ако тој ги наметне, ќе се труди да ги игнорира... Погледна во часовникот. Бројките покажуваа дванаесет и пол по полноќ. Значи, доцна е за јавување. Ништо. Ќе му се јави утре и ќе ја исправат работата...

Откако се потсмири со ваквите мисли, си пушти уште еден филм. Овојпат тоа беше постарата верзија на филмот "Војна на световите". И во овој филм Земјата е нападната од вонземјани, при што доживува големи катастрофи. Воопшто, него го привлекуваа филмови со апокалиптична содржина. Ги имаше во својата колекција неколку такви. Помислуваше колку лесно со неколку потега на режисерот, на филмското платно беа "убивани" милиони, па и милијарди луѓе. И никому ништо. Луѓето со задоволство ги гледаа таквите филмови, ги наградуваа со оскари и им ги полнеа џебовите на нивните автори. Архангел размислуваше какво може да биде објаснувањето за овој парадокс, но не успеа да најде соодветен одговор.

Само што одмина петок, 12 јануари 2007 година. Архангел го изгледа и овој филм, го собра проекторот и се замота во затоплената спална соба. Не можеше ни да претпостави дека утрешниот ден ќе му го измени животот засекогаш... Пред спиење го вклучи радиото во својата спална и ги слушна полноќните вести. Радиофоничниот машки глас ја прочита следната информација:

"*Атина, 12-ти јануари. Врз американската амбасада во грчкиот главен град Атина вчера рано изутрина била истрелана ракета, која предизвикала материјална штета, но не и жртви. Ракетата од руско производство пролетала крај амблемот со американскиот орел, над влезот во амбасадата, и удрила во клозет на третиот кат, истиот кат каде што се и просториите на амбасадорот Чарлс Рис. Ракетата, истрелана околу 6 часот, експлодирала внатре во амбасадата, јави новинската агенција АФП. Напаѓачите веројатно дошле со*

комби, по прометната улица пред амбасадата, стрелале и потоа побегнале.

Одговорност за нападот презела левичарската терористичка група Револуционерна борба, која и порано вршела слични напади.

Грчката министерка за надворешни работи Дора Бакојани и министерот за ред Вирон Полидорас веднаш дошле до амбасадата, за да помогнат во истрагата и да се сретнат со американските дипломати. Бакојани изјавила дека Владата ќе стори се што е во нејзина моќ да спречи слични напади во иднина

Американскиот амбасадор во Атина Рис изјави дека односите меѓу САД и Грција нема да трпат поради нападот.

- Нема оправдување за вакви напади - додал Рис.

Обезбедувањето на амбасадата петнаесетина минути ги држело грчките полицајци надвор од дворот, а уште еден час не им дозволувало да влезат и извршат увид во самата амбасада, веројатно додека да се обезбедат доверливите информации. Амбасадата, како и американскиот конзулат во Солун, вчера биле затворени.

Грчката опозициска левичарска партија ПАСОК побара од владата на Костас Караманлис да се справи со напаѓачите. Грчката Комунистичка партија, блиска до разните радикални групи во Грција, побара да нема полициски реваншизам и им порача дека нападот може да биде злоупотребен од САД во нивната агресивна политика.

Веднаш потоа на радиото следуваше женски спикер:

“*Мнозинството од населението во 13 земји кои и припаѓаат на т.н. еврозона сметаат дека воведувањето на еврото им наштетило на нивните национални економии, покажуваат резултатите од неодамнешното истражување, кое го објави „Фајненшел тајмс”.*

Повеќе од две третини Французи, Италијани и Шпанци, како и повеќе од половината граѓани на Германија веруваат во негативниот ефект на еврото, пишува весникот. Така, во Франција само пет отсто од испитаниците позитивно гледаат на воведувањето на еврото.

Дека франкот не е заборавен, ниту прежален, зборува и примерот од градот Ле Бланк во центарот на Франција, каде и пет години по воведувањето на еврото и понатаму се користи францускиот франк, барем за време на зимските распродажби. Најзаслужна за тоа е претседателката на Здружението на сопственици на дуќани Силви Венлокоз.

„Преоѓањето од франкот на еврото беше вистинска катастрофа. Ние пропаѓаме со еврото", изјави меѓу другото таа. Направеното истражување, објави „Фајненшел тајмс" покажува дека мнозинството Французи се непријателски расположени кон еврото.

Жак Мијар еден од малкуте француски пратеници, кој се противеше на воведувањето на еврото посочува дека Французите не се среќни со валутата што ја користат, затоа што не се остварале ветувањата кои им биле дадени.

"Бре мајката." - помисли Архангел - "Ние се мачиме да влеземе во Европа, а на некои од европските народи веќе како да им здодеа, па сакаат да излезат оттаму. Ако пропадне еврото, ќе почнат да пропаѓаат и другите европски институции..."

Машкиот глас од радиото пак дојде на ред:

"Прогноза за времето..."

Без да ја слушне прогнозата за времето, Архангел ги изгаси радиото и ноќната ламба и бргу заспа.

Стана околу осум часот, разбуден од алармот што го нави пред да си легне. Тој ден,

според договорот, требаше да појде во Скопје и да си ги земе жената и детето. Беше сабота, неработен ден, па планираа да прошетат малку до зоолошката градина пред да се вратат во Штип. Околу осум и пол веќе беше седнат во своето "рено". До клучката пред Велес стигна без проблеми, а потоа налета на стеснетиот двонасочен автопат, кој создаваше доста непријатности во собраќајот. Стар камион се испречи пред него. Не можеше да го претекне, а беше прилично нервозен да се влече по него. Надвор беше студено и имаше мала утринска магла. Архангел се обидуваше да процени дали и кога да го претекне здодевниот камион. Двоумејќи се така, реши сепак да го стори тоа. Но, оваа одлука ја донесе пред една кривина. Па, што... Белки нема некој токму тогаш да налета. Предоцна. Веќе тргна...

Огромната сканија што наеднаш му се појави пред очи беше последната глетка што свесно ја виде. Како огромен аждер незапирливо леташе кон него. За миг му го покри сиот видик. И потоа
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....

.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....!.....
.....
.....
.....
.....
.....!Жеи%Ч&*)_+,./?
><.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....e%Ч
((.....(
&>>>.....
.....*&%иее.....
.....
.....
....
.....
.....
.....
.....
.....
.....

```
.................................................
.....................................!Жеи%Ч&*()_+_
)(<>?,./.........................................
.................................................
.................................................
.................................................
.................................................
.....!Жеи%Ч&*)_+=-
,./?><...........................................
.................................................
.................................................
.................................................
.................................................
.................................................
.................................................
.................................................
.e%Ч*((..........................................
..(*&>>>.........................................
.........*&%иее..................................
.................................................
.................................................
...............
..............................
....................
.................................................
.................................................
.................................................
.................................................
.................................................
.................................................
.................................................
.....................................!Жеи%Ч&*()_+_
)(<>?,./.........................................
.................................................
```

.....!Жеи%Ч&*)_+=-
,./?><.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.e%Ч*((.....
..(*&>>>.....
.....*&%иее.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....!Жеи%Ч&*()_+_
)(<>?,./.....
.....
.....
.....
.....
.....!Жеи%Ч&*)_+=-

,./?><.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.e%Ч*((.....
..(*&>>>.....
.....*&%иее.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....!Жеи%Ч&*()_+_
)(<>?,./.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....!Жеи%Ч&*)_+=-
,./?><.....
.....
.....
.....

.....
.....
.....
.....
.e%;*((.....
..(*&>>>.....
.....*&%иее.....
.....
.....
.....

.e%Ч*((.....
..(*&>>>.....
.........*&%иее.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....!Жеи%Ч&*)_+=-
,./?><.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.e%Ч*((.....
..(*&>>>.....
.........*&%иее.....
.....

.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....!Жеи%Ч&*()_+_
)(<>?,./.....
.....
.....
.....
.....
.....!Жеи%Ч&*)_+=-
,./?><.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.e%Ч*((.....
..(*&>>>.....
.....*&%иее.....
.....
.....
.....
.....
.....

.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....!Жеи%Ч&*()_+_
)(<>?,./.....
.....
.....
.....
.....
.....!Жеи%Ч&*)_+=-
,./?><.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.e%Ч*((.....
..(*&>>>.....
.....*&%иее.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....



– Ох мај Год! Цесус! Цесус!!!! Цоме љуицк! Доцтор Саракиноф!!! Доидете! Несто се слуци... - викна докторката Елизабет Велс.

Доктор Саракинов влезе како фурија во собата, во која пискавиот звук од апаратот што регистрираше промени кај пацинетот, ја параше стерилната атмосфера.

- Што е дактар Велс? Да не почина?

- Но! Не... Хе ис... Тој се... буди... - одвај успеа да изусти д-р Велс.

- Неверојатно! Бргу викнете ги доктор Христодулос и доктор Мемети. Неверојатно! - панично викна д-р Саракинов.

- Веднас. - рече докторката Велс. Потоа притисна на копчето за тревога и истрча надвор од болничката соба.

Во болницата настана мобилна состојба. Додека стасаа повиканите лекари, д-р Саракинов ги прегледа виталните функции на пацинетот кој лежеше на постелата, приклучен на најсовремени апарати за одржување во живот. Изгледаше дека е се во ред. Потоа погледна во пациентот, кој штотуку ги беше отворил очите, тапо зјапајќи во таванот.

Д-р Саракинов почувствува дека грлото му е суво од возбуда. Не рече ништо, туку само застана над постелата на пациентот од каде продолжи да го набљудува. Беа сами во собата, а тој како да стравуваше да не им се сретнат погледите, иако во погледот на пациентот, освен празнина, ништо друго не можеше да се прочита.

Прв влета д-р Мемети. Погледна во д-р Саракинов, а овој му даде знак да погледне во пациентот. Д-р Мемети подзина од чудо, кога виде како пациентот гледа во таванот.

Набргу влетаа и докторите Велс и Христодулос, како и медицинската сестра Митревска. Докторите како да се охрабрија еден со друг. Ја заобиколија постелата, но тогаш пациентот бавно ги затвори очите. Докторите вознемирено се растрчаа околу апаратите што го

одржуваа во живот, пак проверувајќи ги показателите за неговите витални функции.

- Пулсот е океј. - рече д-р Мемети и додаде - И притисокот е океј.

- Работата на срцето е стабилна. - констатира д-р Саракинов.

- Браин ис ОК. - додаде д-р Христодулос.

- Хи слипс. Спие... Ох мај Год! Дис ис амејзинг! - додаде д-р Велс.

- И тхинк со. - потврди д-р Христодулос.

- Значи успеавме! Го постигнавме нашиот таргет. - воскликна д-р Саракинов.

- Конграчулејшнс! - му се обрати д-р Христодулос, насмевнувајќи се.

- Честитам докторе Мемети... Конграчулејшнс доктор Христодулос... Доктор Велс...

Се поздравија секој со секого и меѓусебно си честитаа.

Д-р Мемети и се обрати на сестрата:

- Сестро Митревска, превземете ја вообичаената терапија.

- Океј докторе Мемети. - послушно одговори сестрата и почна да ја приготвува терапијата. - - Неверојатно! - повторуваше д-р Саракинов, се уште не верувајќи во тоа што се случи.

- Миракл! - му се придружи во чудењето д-р Велс.

По извесно време малку се смирија. Потоа д-р Христодулос и д-р Велс излегоа, а д-р Мемети и д-р Саракинов, се сместија на кожените столчиња недалеку од постелата до пациентот. Сестрата седна понастрана.

Седеа во молк. Беше еден часот по полноќ, но тие не спиеја. Само понекогаш речиси низ шепот разменуваа по некоја информација околу пациентот. Напнато исчекуваа.

Наеднаш тивок глас се разлеа низ тишината:

- Мамо...

Веднаш потоа пискавиот звук од апаратот што регистрираше промени кај пациентот, пак ги нападна сетилата за слух на присутните. Обајцата доктори скокнаа и за миг се најдоа кај пациентот. Не знаеја како да постапат.

- Сестро повикајте го д-р Мегленски. Психијатарот. Бргу! - викна д-р Саракинов.

- Сестрата Митревска притисна едно копче на блискиот монитор и му кажа на д-р Мегленски веднаш да дојде.

За тоа време д-р Саракинов и д-р Мемети застанаа крај постелата на пациентот. Овојпат тој не зјапаше само во таванот, туку гледаше ту во едниот, ту во другиот. Но, во неговиот поглед немаше ништо свесно, а ниту човечко.

Д-р Саракинов отвори уста да каже нешто, но не успеа. Реши да причека додека да дојде психијатрот. По триесетина секунди се појави и тој - еден од најпознатите психијатри во земјата и пошироко - лично д-р Христо Мегленски. Набрзина климна со главата во знак на поздрав кон докторите Саракинов и Мемети, а потоа и самиот се закова над постелата на пациентот.

Пациентот сиот начичкан со цревца за инфузија во рацете и со други приклучоци за

апаратите околу него, тапо зјапна во д-р Мегленски. Овој го погледна како да сакаше со погледот да воспостави комуникација со него, па разговетно, внимавајќи секој збор да го каже прецизно, рече:

- Господине, дали знаете кој сте Вие?

Пациентот и натаму тапо зјапаше во него. Останатите лекари, напнато ја очекуваа реакцијата на пациентот. Залудно. Тој не одговори ништо. Ја сврте главата лево и пак замижа.

Докторите се погледнаа меѓу себе.

Д-р Саракинов речиси прошепоти:

- Изгледа пак заспа...

Повторно погледнаа во апаратите за одржување и регистрирање на виталните функции, а по кратко чекање, се упатија кон своите места. Но, само што тргнаа, пак се слушна полугласниот повик:

- Мамо...

Веднаш се вратија на претходните места кај пациентот.

- Господине.... - по мала пауза продолжи д-р Мегленски - Дали знаете кој сте Вие?

Пациентот зачудено погледна во него, а потоа воздивна. Ништо не одговори.

- Господине, дали знаете кој сте Вие? - трпеливо повтори психијатарот и натаму внимавајќи на разговетноста на секој изречен збор.

- Да не го заморуваме? - нетрпеливо рече д-р Мемети.

Д-р Мегленски, без да погледне во Мемети, му даде знак со раката да молчи, а

потоа го повтори прашањето уште еднаш и натаму обидувајќи се да воспостави некоја комуникација барем со очите.

Наеднаш пациентот погледна во очите на д-р Мегленски. Го збрчка челото, правејќи напор да каже нешто, но без успех. Како да забораваше што сака да каже. Само уште еднаш повтори:

- Мама...

- Мама? - повтори д-р Мегленски Вашата мама е... Дали знаете кој сте Вие?

Пациентот замолча. И натаму правеше напори да се сети да каже нешто. Неизвесноста ја прекина д-р Мегленски:

- Господине Вие бевте многу болен. Но, сега сте добри. Долго време бевте болен... Дали ме разбирате што Ви зборувам?

Пациентот климна со главата во знак на потврда, но докторите не беа сигурни дали тоа го направи инстинктивно или навистина го разбираше кажаното. Д-р Мегленски продолжи:

- Јас сум доктор Христо Мегленски. Овде сум, заедно со моите колеги, за да Ви помогнеме. Вие сте во болница. Многу долго време бевте болен. Ме разбирате ли?

Овојпат пациентот не климна со главата. Само го сврте погледот настрана. Потоа нагло се втренчи во д-р Мегленски и одвај чујно проговори:

- Каде е... мама?...

Докторите се погледнаа меѓу себе, а искусниот д-р Мегленски прв се снајде.

- Има време за мајка Ви. Дали знаете кој сте Вие? Кое е Вашето име? Како се викате?

Пациентот ги намести усните како да се обидува да ги повтори зборовите на д-р Мегленски, но не успеа. Потоа пак се сврте настрана и заспа. Откако почекаа уште извесно време, докторите се повлекоа, освен дежурниот д-р Мемети и сестрата.

Утредента околу осум часот, пациентот повторно се разбуди. Овојпат, можеби поради терапијата, како да изгледаше посвесен. Д-р Мегленски и д-р Саракинов подготвено чекаа пред него. Но, сега во болничката соба беше присутен и лично директорот на болницата д-р Ангел Арсов, кој се интересираше за состојбата на пациентот и следеше што се случува. Имаше уште еден со него. Сите беа облечени во бели стерилизирани одела и носеа ракавици. Како и пред тоа беа вклучени камерите за снимање на сe што се случува во оваа специјална болничка соба.

Откако дојдоа до него, д-р Мегленски се истави нанапред и пак ги повтори прашањата од вчера:

- Дали знаете кое е Вашето име?

- Име... - неконтролирано повтори пациентот.

- Кој сте Вие? -упорно инсистираше д-р Мегленски.

Пациентот замолча.

- Слушнете ме добро. Вие се викате Архангел Димитровски. Многу одамна доживеавте сообраќајна несреќа. Сега сте во болница. Долго бевте во кома. Дали се сеќавате на тоа?

Пациентот, всушност Архангел Димитровски, пак го збрчка челото. Збунето

гледаше во д-р Мегленски. Потоа се обиде да изговори:

- Арх...ангел...

Но, како да се замори од ова што го кажа, го сврте погледот и замолча. Недолго потоа пак заспа.

- Организирај ми прес-конференција за во два часот. - по кратко молчење проговори директорот Арсов, обраќајќи му се на својот придружник.

Одговорниот за контакт со јавноста потврдно климна со главата и излезе. Директорот на клиниката погледа уште малку во пациентот, а потоа, се сврте кон присутните лекари и рече:

- Честитам господа! Одам да го известам министерот. Вие докторе Мегленски, продолжете. Ви стојам на располагање за се што Ви треба.

Потоа забрзано излезе. Во собата останаа д-р Мегленски, д-р Саракинов и сестрата Митревска.

Следните неколку дена пациентот повторно повремено се будеше, изговараше по неколку неповрзани зборови и пак заспиваше. Наликуваше на бебе, кое допрва учи да зборува, само што бргу напредуваше во тоа. Секој ден се подолго време беше буден. По околу една недела д-р Мегленски конечно го доби посакуваниот одговор.

Тоа утро, во друштво со д-р Саракинов, д-р Мегленски застана над пациентот и буквално му се внесе в лице, поставувајќи му го којзнае по кој пат истото прашање:

- Господине, дали знаете кој сте Вие?

Токму кога помисли дека и овој пат нема да добие одговор, слушна со одвај разбирлив глас:

- Знам. Знам кој... Јас сум... Арх...ангел. Ло...шо зборам...

- Токму така. - радосно извика д-р Мегленски и додаде - Како се чувствувате?

Пациентот ништо не одговори. Како да се трудеше да сфати што го прашуваат. Се чинеше дека повеќе одговара инстинктивно, отколку свесно.

- Каде е... мама? - праша, наместо да одговори..

Д-р Мегленски подготвено му рече:

- Ве поздравуваат Вашите жена и син. Наскоро ќе дојдат да ве видат...

- Очите на пациентот се раширија. Како да блесна искра на радост во нив:

- Син ми?...

- Да. Набргу ќе се видите. - радосно повтори д-р Мегленски. И жена Ви ќе дојде...

- И внукот. - рече д-р Саракинов, на што д-р Мегленски прекорувачки го погледна. Д-р Саракинов сфати дека избрзал и ги подигна рамениците во знак на признание дека згрешил.

Усните на пациентот се издолжија во насмевка.

- Синот.... Пав...ле.

Д-р Мегленски и д-р Саракинов исто така се насмевнаа, задоволни што пациентот се повеќе им одговараше свесно, иако повремено се "губеше".

- Добро е што се сетивте. Дали знаете како се викате Вие?

- Архангел Ди...Димитровски.

- Одлично - воскликна д-р Мегленски. - А, како се вика Вашата жена?

Архангел го сврте погледот настрана и се замисли. Токму кога докторите помислија дека нема да им одговори, тој изусти:

- Бор... Борјана.

Докторите веќе немаа сомнение дека Архангел е наполно свесен. Д-р Мегленски го продолжи разговорот:

- Како се чувствувате?

- Доб...ро. Са...кам вода.

Сестрата притрча да му подаде чаша вода, но д-р Саракинов ја спречи во тоа:

- Чекајте сестро... Не знаеме дали ќе може да голта....

Д-р Мегленски зачудено го погледна:

- Но, голтањето е рефлекс, кој не се заборава.

- Знам но сепак, давајте му по малку, шорт голтки и внимавајте да не се засркне.

Сестрата Митревска така и постапи. Со олеснување видоа дека Архангел нема проблеми со голтањето. Испи околу половина од малата чаша вода.

- Каде сум... јас? - праша наеднаш Архангел.

- Во клиниката "Малколм Донован". - одговори д-р Мегленски и продолжи - Не грижете се. Се е во ред.

Архангел се подзамисли, како што се подзамислуваше на секој добиен одговор.

Очигледно дека свеста се повеќе му се враќаше на големо задоволство на присутните.

- Зошто сум... овде?

Во тој миг, мобилниот на д-р Мегленски даде знак со вибрации дека некој го бара.

Тој не му одговори на Архангел, туку го извади мобилниот и отиде на страна зад една од завесите. Оттаму се слушна метален женски глас:

- Ве бара министерот за здравство Тимов.

На ова гласот на д-р Мегленски одговори:

- Повелете господине министре.

Машки метален глас, одговори, можеби не толку гласно, но доволно разбирливо поради тишината во собата:

- Пренесете ги моите честитки на екипата. Лично ќе дојдам да ви честитам. Како е пациентот?

- Тој е океј господине министре. Штотуку разговараме.

- Кога да дојдам да го видам?

- Кога сакате господине министре. Само треба уште некое време додека психички да го подготвиме. Не знаеме како ќе реагира на вистината. Ова е непознат кејс во досегашната практика во психологијата, иако имаме одредени индиции како треба да постапиме.

- Во ред. Известувајте ме редовно. До вечер ќе Ви се јави и претседателот. Довидување.

- Довидување господине министре. - рече д-р Мегленски по што излезе од зад завесата и забрзано се врати кај постелата на пациентот:

- Министерот беше.... Ви честита.

- Благодарам. - одговори д-р Саракинов.

- Да не сакате да одморите? Да земете рест? - го праша д-р Мегленски пациентот Архангел.

- Да земам.... рест? - се уште тешко зборувајќи, одговори тој со контра-прашање.

- Да одморите. Сакате ли да одморите? - го праша д-р Саракинов.

- Уморен сум... - одвај чујно проговори тој.

- Во ред. Сестро дајте му за спиење и останете со него. Ќе се видиме подоцна.

Сестрата Митревска вклучи неколку копчиња на еден од апаратите до постелата приклучени преку цревце на раката на Архангел. По неколку секунди, тој заспа. Двајцата доктори задоволно излегоа од одајата.

На излегување, д-р Мегленски рече:

- Откако ќе му дадеме од новите медисини за освежување, очекувам да биде фреш, па тогаш ќе треба да му ја кажеме вистината.

- Голем успех постигнавме... Се уште не ми се верува! - повеќе како за себе одговори д-р Саракинов.

***

- Пред да се видите со Вашите најблиски, должен сум да Ви соопштам некои работи. Дали сте подготвени? - рече д-р Мегленски по неколку дена успешна и интензивна терапија на себеспознавање, пред разбудениот Архангел. Двајцата беа сами во болничката соба..

Архангел, кој се уште лежеше приклучен на разните апарати, ништо не одговори, туку

само гледаше во него со истиот поглед на зачуденост. Сепак, се гледаше дека многу повеќе е свесен во однос на состојбата по првото будење. Откако не рече ништо, д-р Мегленски продолжи:

- Дали се сеќавате зошто сте овде?

Архангел, без да одговори, заврте главата во знак на незнаење.

- Дали знаете дека доживеавте сообраќајна несреќа?

Архангел го збрчка челото. Замижа, а потоа ги отвори очите и ги згрчи рамениците.

По кратко молчење, д-р Мегленски продолжи:

- Најнапред да Ви кажам дека сте здрав и дека по извесен период ќе станете и ќе можете да си одите дома, иако ќе треба да помине извесно време до Вашата целосна медицинска рехабилитација. За тоа време ќе бидете овде, под наш надзор. Ќе Ви биде пружена целата потребна нега... Архангел и натаму молчеше, но од изразот на лицето се гледаше дека разбира голем дел од она што докторот му го зборуваше.

Д-р Мегленски продолжи:

- Значи, најважно е дека сте жив и здрав... То ест ќе бидете сосема здрав по извесно време... Другото е во втор план...

Архангел зачудено го погледна докторот. Значи нешто сепак не е во ред. Но, што? Рацете и нозете му беа во ред. Ги чувствуваше и можеше да ги мрда. Несвесно мрдна со обете раце и нозе. Д-р Мегленски го забележа тоа, па веднаш реагираше:

- Физички сте сосема во ред. Сe си е на свое место. Вашите мускули беа одржувани со специјална терапија. Исто е и со другите органи. И психички сте океј. Вие ќе излезете одовде како здрав и нормален човек, само...

Архангел пак вознемирено се загледа во докторот. Овој замолча.

- Само што... докторе? - пак проговори Архангел со своето отежнато зборување.

Сега д-р Мегленски молчеше. Како да бараше погодни зборови за да продолжи. Иако беше врвен психијатар, првпат се наоѓаше во ваква состојба, каква не беше ни опишана во достапната литература. Од друга страна знаеше дека секој негов збор и гест се снимани и набљудувани. Јавноста чекаше на него... Наеднаш како да собра сили, па решително рече:

- Вие бевте долго време во кома господине Архангел. Многу долго...

Напнатоста на лицето на Архангел, како да се замени со израз на олеснување. Тоа ли е проблемот? Ако е тоа, тогаш не е страшно. Бил во кома, но таа поминала. Важно ќе се врати дома жив и здрав. Сега веќе добро се сеќаваше на своите жена и дете. И на сите други роднини и пријатели...

- Разбирам... Долго... не сум... Долго сум... овде... Така ли? - проговори Архангел, кој како да се надеваше дека тоа е крајот на изненадувањата.

- Да. Многу долго... - потврди д-р Мегленски.

Архангел воздивна. Како да се наближуваше кулминацијата на разговорот. Наеднаш тој пресече:

- А... колку долго?

Д-р Мегленски замолча. Архангел продолжи како за себе:

- Месец?... Два месеца?... Цела година?...

Д-р Мегленски и натаму молчеше. Архангел го погледна во исчекување.

- Многу подолго... - рече несигурно д-р Мегленски и како гром од ведро небо изговори - Вие бевте во кома цели четириесет и една година!

Настана непријатен молк. Секундите се сторија во денови...

Архангел се напна како тапан. Браздите му го изораа и без тоа збрчканото чело. Преплашено зјапна во д-р Мегленски:

- Ш...Што? Колку?... Како?... Да не е... шега?

- Жалам г-дине Архангел. Не е шега. Вие бевте во кома цели четириесет и една година. Целото ова време Ве одржувавме во живот со помош на најсовремена техника. Но, не грижете се... Набргу ќе излезете одовде сосема здрав...

Архангел не го слушаше... Посака да стане, но цевките и каблите на апаратите на кои беше приклучен, го спречија во тоа.

- Не е можно! Проклети да сте! Пуштете ме одовде!

Д-р Мегленски подготвено пријде до леглото и го притисна соодветното копче, преку

кое, во телото на Архангел внесе средство за смирување. За неколку мига Архангел повторно заспа, а тој притисна на едно друго копче, по што веднаш влегоа подготвени д-р Мемети, д-р Христодулос, д-р Саракинов и уште две медицински сестри.

- Како што претпоставував. Реагираше импулсивно. Му дадов медисан за смирување.

- Кутриот... - рече д-р Мемети.

***

По будењето пред очите на Архангел повторно се појави ликот на д-р Мегленски. Не чекајќи ниту да се расони, тој почна:

- Г-дине Архангел. Ве молам слушнете ме добро. Знаете ли колку несреќи се случуваат секојдневно? Луѓе умираат, гинат цели семејства, млади момчиња и девојки се разболуваат, се осакатуваат... Вие, сепак сте жив и здрав. И не само тоа. Жива и здрава е и Вашата сопруга и Вашиот син. Пак ќе бидете заедно....

На Архангел не му требаше долго да се присети за реалноста во која се наоѓаше:

- И колку... Колку имам јас сега?

Д-р Мегленски замолча.

- Која година сме сега?

Д-р Мегленски како да се двоумеше, но сепак одговори:

- 2048 година.

- Значи јас имам... - се напна Архангел.

- Биолошки имате седумдесет и шест години. - призна д-р Мегленски, а веднаш потоа се обиде да амортизира - Но, Вам метаболизмот

Ви беше многу спор. Не изгледате толку стар... Имате уште живот пред себе...

- Седумдесет и... Седумдесет и шест години... Дали имате огледало? - како да не го слушаше, праша ненадејно Архангел.

Д-р Мегленски зеде едно рачно огледало и му го подаде:

- Како што реков, Вашиот метаболизам... - се обиде да повтори д-р Мегленски, но откако сфати дека Архангел не го слуша, прекина, подготвен повторно да го вклучи средството за смирување.

Архангел се загледа во огледалото, фаќајќи се со раката по лицето. Косата му беше испаѓана, а неколкуте прамени што му останаа, беа целосно побелени. Се уште збунет од неверојатното сознание, повторуваше како во бунило:

- Неверојатно... Неверојатно...

- Помислувајте на веселата страна од животот. Наскоро ќе си одите дома. Пак ќе бидете со Вашите најблиски... Освен тоа, Вие сега сте во центарот на вниманието, не само на македонската, туку и на целата светска јавност. Сигурно дека ќе добиете покани за интервјуа, кои ќе можете скапо да ги наплатите. Набргу ќе станете богат човек. И нашата влада подготвува добар финансиски подарок за Вас и за Вашето семејство, а тоа ќе го сторат и бројни организации...

Архангел и натаму се гледаше во огледалото, не верувајќи дека ликот на старецот е самиот тој. Откако наслушна што му кажа д-р Мегленски, малку фалеше пак да збесне:

- Пари? Дали сте Вие... нормален докторе? Погледнете ме каков сум... Поарно да умрев.... Што ќе ми е ваков живот? Уште колку ќе живеам?

Тогаш д-р Мегленски речиси му се внесе в лице:

- Слушајте човеку! Точно е дека судбината си поигра со Вас. Мора да се помирите со тоа. На милиони луѓе им се случуваат и далеку полоши работи, па сепак тие или нивните семејства продолжуваат со каков таков нормален живот. Пред Вас се можеби уште неколку години, а можеби и над две децении. Вие не стареевте како другите. Вашите органи се позачувани од органите на некој ваш врсник што "нормално" живеел. Ние овде ве одржувавме со најсовремена техника. Не мислете на тоа уште колку ќе живеете. Кој од нас нема да умре еден ден? Да не мислите дека јас ќе живеам бескрајно? И јас и вие и сите што ги познавате или не ги познавате, еден ден ќе умреме. Заради тоа, што е толку важно кој кога ќе умре? Дали некој порано или подоцна? Што ако јас Ве надживеам за дваесет или триесет години? Голема работа! Пак, еден ден ќе умрам и ќе се видиме на "оној свет". Значи, не мислете на умирањето. Тоа сите не очекува. Не мислете ниту на тоа што судбината си поигра со Вас и што Господ токму Вас Ве избрал како човек кој најдолго во историјата на човештвото лежи во кома. Тоа сигурно дека не е случајно. Гледајте сега да се приберете со своето семејство и да си го проживеете времето што е пред Вас. Вие сега сте можеби најпопуларниот

човек на светот. Сите светски медиуми јавија за Вашето будење...

Овие зборови малку како да го потсмирија Архангел. Во мигот посака што побргу да излезе од болницата. Сега мислите како да му заскитаа во друга насока. Којзнае колку нови работи се имаат случено што тој не ги знае. Којзнае каква технологија царува сега неколку децении по неговото паѓање во кома? Ваквите мисли наликуваа на првите сончеви зраци што се појавуваат по некоја тешка повеќедневна облачност.

- Во ред... Кога ќе излезам одовде?

Д-р Мегленски задоволно констатира дека неговата терапија покажа релативен успех кај Архангел. Веднаш му одговори:

- Мораме да извршиме уште некои испитувања. А потребно е време и за Ваша психо-физичка рехабилитација. Но, не грижете се. Вашите набргу ќе дојдат... Вам сега Ви е потребна постепена ресоцијализација, за која јас сум задолжен. За Вашата физичка состојба одговорни се д-р Саракинов и д-р Мемети. Оние двајца кои беа овде кога прв пат се разбудивте. Тие рекоа дека се е во ред. Сите Ваши функции се сосема нормални.

Архангел ништо не рече, па д-р Мегленски продолжи:

- Сега ќе јавам да Ви донесат телевизор.

Потоа притисна на копчето на sидот, давајќи налог на болничарите да го внесат телевизорот.

Архангел се уште беше во шок од страотното сознание, но помислата дека набргу

ќе гледа телевизија, како за миг да ја потисна реалноста во која се наоѓаше, Нејасна љубопитност се појави кај него. "Какви им се сега телевизорите? Каква им е програмата?", помисли.

Набргу влегоа двајца болничари, носејќи нешто налик на поголема маса, на која имаше копчиња. Во првиот миг Архангел помисли дека тоа е постолјето за телевизорот. Но, испадна дека тоа е самиот телевизор. Му го поткренаа потпирачот на главата на постелата, а "масичката" то ест телевизорот го наместија пред него. Архангел заинтересирано зјапна во оваа чудна направа. Едниот болничар го вклучи и потоа се случи нешто што Архангел не можеше ниту да замисли. На масичката наеднаш "изникнаа" луѓе и пре-дели. Тие се движеа горе-долу по површината како да беа присутни во собата. Беа осветлени и на нив јасно се гледаше секој детаљ. Архангел за миг заборави на се околу себе. Заинтересирано се вџаши во "телевизорот".

- Холограмска телевизија. - рече д-р Мегленски и додаде - Ова е најнов модел.

Всушност на програмата имаше некој динамичен филм.

- Во мое време.... телевизорите беа... како се викаа? - праша се уште зачудениот Архангел.

- Плазма телевизори... - дополни д-р Мегленски, кој очигледно беше добро подготвен со информаци.

- Да... така беше... Јас имам нов дома... рече Архангел, а потоа сфати што рекол, па пак тажно замолча.

- Плазма телевизорите одамна се исфрлени од употреба. Прво беа заменети со тродимензионални, а потоа и со холограмски. Овие навистина пружаат многу големо задоволство. Небаре сам се наоѓаш среде актерите во програмата.... - се обиде да го успокои д-р Мегленски.

Во тој миг му ѕаѕвони мобилниот. Бркна во џебот и го извади. И мобилниот беше во форма на плочка. Откако го вклучи, едно женско лице како да "изникна" од него. Очигледно дека и телефонот беше холограмски.

- Ве бара претседателот.

Д-р Мегленски се заблагодари и по извесно време, на "плочката", што требаше да биде мобилен телефон, се појави лик на возрасен човек.

- Повелете господине претседател. - рече д-р Мегленски.

- Докторе Мегленски, како е пациентот?

- Океј е. Еве штотуку му го покажав телевизорот.

- Конектирајте ме. - со заповедничи тон најави претседателот.

- Веднаш. - одговори Мегленски.

Потоа се упати кон телевизорот и гласно извика:

- Програма нула!

Актерите од филмот, кои трчаа по "плочата" наеднаш ги снема, а на нивно место

“изникна” торзото на непознат средовечен човек. Со разговетен глас тој проговори:

- Добар ден господине Димитровски. Јас сум Мирко Робевски, претседател на Македонија. Ве поздравувам и сакам да Ви честитам за Вашето будење од долгогодишата кома. Ве уверувам дека сe што треба ќе сторам за да бидете до крај излекувани. Веќе добив јавувања од неколку претседатали. Посебно Ве поздравува претседателот на Соединетите Американски Држави господин Берт Конрад.

- Благодарам... - инстинктивно одговори Архангел. Во моментот се обиде да се сети како се викаше претседателот на Македонија во негово време, но не успеа.

- Како се чувствувате? Дали сте океј? - продолжи претседателот.

Архангел потврдно одговори.

- За сe што Ви треба можете да побарате од докторите таму. - дополни претседателот.

Архангел пак климна со главата пред непознатиот човек. Не знаеше дали да се концентрира на тоа што му го зборува или пак на холограмската слика, која му беше многу интересна, па речиси го голташе секој детаљ од неа. Истовремено, како тежок облак, сe уште во свеста му висеше реалноста во која се наоѓаше.

Претседателот како да сфати дека на Архангел не му е многу до разговор, го поздрави уште еднаш и се одјави. На телевизорот пак се појави динамичниот филм од претходно.

Архангел полека како да почна да се привикнува на состојбата. Всушност, тој

очигледно потсвесно бегаше од реалноста со тоа што си го окупираше вниманието со новините што беа околу него, посебно со холограмскиот телевизор, чија програма буквално ја "голташе". Секоја сцена му беше интересна. Цел ден гледаше во "живите" фигури од програмата, доколку тоа и навистина беше програма, а не сигнал од некој извор. Му беа пуштани само емисии со "ведра" содржина. Освен филмови, гледаше живописни емисии за животни, за природни убавини и сл. Кога помислуваше на својата состојба, доживуваше болка и паѓаше во депресија, но потоа пак зјапаше во телевизорот, а вниманието му го отргнуваа и присутните доктори и сестри, кои постојано се менуваа. Од сите нив најприсутен беше д-р Мегленски. Така помина уште една недела. Сеќавањето полека почна да му се враќа. Неговата меморија наликуваше на огромно море, кое во првите денови по будењето беше речиси сосема мирно, а подоцна, кога сеќавањата почнаа да му се враќаат едно по едно, наликуваа на риби што постојано скокаат од водата. Како што минуваше времето, се поброjни беа "рибите" што "скокаа", бранувајќи ја мирната површина на морето на сеќавањата. Од длабоката потсвест, со децении заробени, но сепак живи, информациите што ги знаеше, незапирливо му се враќаа во свеста. Се разбира и дека постојано прашуваше кога ќе се види со неговите, на што му беше одговарано дека наскоро ќе се случи и тоа и дека прво треба да завршат уште некои испитувања.

Дотогаш му рекоа дека е најдобро да не контактира со нив на каков било начин.

Три недели по освестувањето, д-р Мегленски му соопшти:

- Со задоволство сакам да Ве известам дека резултатите од испитувањата на Вашето здравје се одлични. Поради тоа, денес ќе се видите со Вашите најблиски. Ќе ве оставам насамо... Дали сте подготвени?

- Да... Одвај чекам да ги видам.

Д-р Мегленски излезе и ја затвори вратата зад себе. Помина предолга минута и не се случи ништо. Потоа вратата полека почна да се отвора. Архангел подзина од чудо. Не можеше да верува на своите очи во тоа што го виде. Да не е некоја невкусна шега? Се подисправи во постелата, не знаејќи дали да се чуди или да се плаши. Во болничката соба влезе младо момче! Но, тоа беше токму тој! Архангел Димитровски! Да, самиот Архангел влезе во собата. И тоа таков каков што изгледаше на помлади години. Момчето молкум се доближи до постелата, а Архангел во неа само што не почна да паничи. Во главата за миг му светна спасоносна идеја. Да, тоа е холограм. Холограм од самиот него. Каков што изгледал на млади години. Но, зошто вака му прават? Зошто си играат мајтап со него? Да не е дел од некаква терапија? И дали ова е навистина холограм? Премногу реално изгледа... Сите овие мисли за миг му летнаа низ главата. Младичот застана до постелата. Наеднаш со мирен глас проговори:

- Јас сум Архангел Димитровски.

Архангел во постелата подзина. Само што помисли да вика на помош, младичот додаде:

- Јас сум Вашиот внук... Син на Вашиот син Павле. Затоа го носам Вашето име...

На Архангел во постелата, устата му затрепери. Се прекори себеси за неразумниот страв од својот внук. Но, тој толку личеше на него од млади години, што секој така би реагирал.

Премногу се возбуди и не знаеше што да каже. Посака да му се извини заради паниката што момчето сигурно ја забележа кај него.... Тогаш пак се отвори вратата. Непозната старица влезе во собата, а по неа и средовечен човек.

Уште со влегувањето, двајцата почнаа да плачат. На Архангел како некој да му истури студена вода врз главата. Не му требаше долго да ги препознае своите најмили - жената и синот. Тие буквално скокнаа врз неговата постела и прегрнати долго плачеа. Кај Архангел превладуваа мешани чувства, ту на длабока тага и револт против проклетата судбина, ту неизмерна радост и топлина што е во прегратките на своите најблиски. Во тој миг влезе и д-р Мегленски со една сестра. Д-р Мегленски им рече на неговите да не го возбудуваат премногу. Сестрата, трудејќи се да биде што подискретна, го притисна копчето со средството за смирување, а д-р Мегленски, како искусен психијатар, веднаш го сврте разговорот на друга тема.

- Како е времето кај вас во Штип? Како патувавте?

Борјана, иако сега имаше седумдесет години, се уште беше физички добро одржана. Синот Павле ги имаше истите црти од дете, но сега, во склад со возраста, беше подздебелен и проќелав. Архангел зјапаше во секој детаљ од нивните лица. Бакнежите, солзите и прегратките не успеја да ги спречат ниту упаѓањата на д-р Мегленски.

Средбата траеше околу час и половина. Потоа д-р Мегленски го извести Архангел дека тие сега ќе заминат, а тој ќе треба да остане на рехабилитација во болницата уште неколку недели, по што ќе си оди дома.

Синот и жената му потврдија на Архангел дека навистина ќе биде така и дека тие со нетрпение ќе го чекаат. Му рекоа дека секој ден ќе се гледаат и слушаат со него преку холограмскиот мобилен што му го оставија на располагање. Архангел почувствува извесно олеснување од средбата со нив. Пред тоа, беше полн со несигурност и како да не им веруваше многу на докторите околу себе. Но сега, откако се виде со своите, се потсмири. Значи навистина се е во ред. Ќе си оди дома за неколку недели, а потоа што му даде Господ. Има уште години пред себе... Не знаеше дали овие "ведри" мисли му беа резултат на средбата со неговите или пак на средството што му го даде сестрата. До вечерта пак гледаше телевизија, чии програми (иако не веруваше дека одат во живо, веројатно за да го поштедат од информации) можеше да ги менува само со својот глас. Потоа убаво се отспа.

Утредента пак имаше вклучување преку холограмската телевизија, кога даде кратко интервју на еден новинар, кое подоцна го пренеле голем број ТВ станици во светот. Всушност, д-р Мегленски, како одговорен психијатар за процесот на неговата психичка рехабилитација, инсистираше на што помалку контакти со јавноста додека не биде сосема подготвен.

По една недела се случи првото станување на нозе. Претходно д-р Саракинов се обиде со што поедноставни зборови да му објасни дека сите витални органи и функции за целото ова време му биле одржувани со помош на најсовремени апарати. Освен електронската масажа на целата мускулатура, бил приклучен на помошно вештачко дишење за да се спречи пневмонијата од долгото лежење. Температурата на мозокот била одржувана во нормала, а така било и со дотурот на крв и кислород. Со најнови медикаменти и со друг вид најсовремени интервенции била спречувана појавата на мозочни едеми. Редовно била контролирана и состојбата на другите витални органи и биле превземани сите мерки за нивно одржување.

Д-р Мемети, кој беше интернист, му ја покажа целата внатрешност, сите негови органи на холограмска снимка, која помагала за контрола на нивната состојба. Тоа му го покажа на посебен канал на холограмскиот телевизор што беше сместен до постелата на Архангел. Иако малку разбра од сето она што му го кажаа, Архангел климаше со главата во знак на одобрување.

Одењето почна напорно, но поради колку толку зачуваната состојба на мускулите, по напорните вежби, успешно ги изоди неколкуте метри во собата. Потоа одеше се повеќе и повеќе. И рацете успешно му функционираа, исто така благодарение на соодветната нега. Мокрењето отпрвин не можеше да го контролира, но бргу ја надмина таквата состојба. Постепено почна и сам да се храни.

Одвај чекаше да помине времето, па да се врати дома. Во својот Штип. Следните денови поминаа во релативно успешно прилагодување на својот нов почеток, кое напредуваше подобро од очекуваното. Главно беше концентриран на терапијата, а останатото време спиеше или гледаше холограмска телевизија. Филмовите не се многу разликуваа по својата содржина од оние во негово време, освен што се восхитуваше на техниката која овде или онде ја појавуваше во нив: летечки такси налик на хеликоптери, блутут компјутери налик на пенкала кои само ги проектираа тастатурата и мониторот на кои можеше да се работи, каде и да се стават; холограмски телевизори, едноставен и функционален мебел, сјајни облеки, градби со чудни форми. Филмовите беа американски, но синхронизирани на македонски. Му беше интересен секој детаљ во нив.

Понекогаш гледаше и низ прозорецот на собата, но низ него не можеше да види многу, затоа што гледаше директно во другото крило на болницата на кое се наоѓаа исти такви монотони прозорци.

- Каде сум јас? Каде е оваа болница? - праша еден ден Архангел, чудејќи се самиот на себе зошто досега не го поставил ова прашање. Во собата беа неговиот "ангел-чувар" д-р Мегленски и еден болничар.

Д-р Мегленски и болничарот се погледнаа. Двајцата истовремено се насмевнаа. Д-р Мегленски рече:

- Зарем заборавивте? Вие сте во болницата "Малколм Донован". Ми се чини дека тоа веќе Ви го кажавме. Тоа е најсовремената болница во Македонија...

- Аха, значи сте ме префрлиле во Скопје...Така и си мислев... - рече Архангел и додаде - А, каде е оваа болница? Во мое време најсовремена беше болницата... Како се викаше?... Да, "Филип Втори". Нејзиниот сопственик лично го познавав. Се викаше... Жан... Академик доктор Жан Митрев.... Да не е ова продолжение на неговата болница? И зошто има англиско име?

- Д-р Мегленски го погледна, а потоа како да се сети на нешто, па проговори.

- Името не е англиско, туку е американско. И Вие не се наоѓате во Скопје, туку во...

Архангел, како да беше расположен за муабет, го прекина д-р Мегленски среде реченица:

- Чекајте! Не кажувајте ми. Сакам сам да погодам во кој град се наоѓам. Нека биде тоа мала умствена вежба. Да видам на колку имиња на македонски градови ќе се сетам...

- Во ред. - рече д-р Мегленски по кратко двоумење.

- Штом не сум во Скопје, а штом ова е Македонија, тогаш сум во Битола. Тоа е вториот по големина град во Македонија, па веројатно владата таму изградила ваква голема болница.

- Не... не сте во Битола - одговори д-р Мегленски.

Болничарот напнато го слушаше разговорот.

- Не сум ниту во Штип, затоа што моите ми рекоа дека патувале за да дојдат до овде. Знам. Јас сум во Охрид.

- Не е ниту Охрид.

- Куманово? Тетово? Струмица? Велес?...

- Убаво што ги помните имињата на градовите, но не е ниту еден од нив.

- Да не е некое село? Или можеби болницава е изградена на некоја локација подалеку од урбаните средини?

- Не.

- Па, каде сум тогаш? Признавам дека не можам да погодам...

Д-р Мегленски значајно се наведна над него и со својот разговетен глас му соопшти:

- Човеку, Вие сте во главниот град на Македонија. Во Солун. Во оваа болница сте веќе неколку години....

Архангел остана занемен како некој да го удри со стап по глава. Студени морници го полазија по вратот.

- Ш... Што?... Каде се наоѓам???

- Во Солун.

- С... Солун...!? - пропелтечи Архангел, а веднаш потоа се совзема и рече:

- Ајде докторе не шегувајте се со мене. Каков Солун? Знам дека сте духовит човек, но Ве молам да не се мајтапите со такви работи.

Д-р Мегленски воздивна:

- Знаев дека ќе мора да дојде до овој разговор. И подготвен сум...

- До кој разговор? - љубопитно го прекина Архангел, горејќи од нетрпеливост.

- До разговорот за политичките и други промени што се случија кај нас и во светот додека Вие бевте, така да кажам, отсутен...

- Па, ајде тогаш почнете! Што чекате! - нетрпеливо потскокна во постелата Архангел.

- Стрпете се. Има време.... Потребни се долги разговори... Не е мал период.

- Во ред. Разбирам... И рековте дека сум во Солун? И Вие слободно зборувате македонски? Неверојатно!... Но, како?... Како се случи тоа? Во мое време...

- Видете вака. Сега морам да одам, но ветувам дека за два часа ќе се вратам. Ќе Ви донесам и материјали, а и ќе Ви одговорам на сите прашања што Ве интересираат. - рече д-р Мегленски и тргна да излегува.

- Но чекајте...

- Болничарот Лега ќе Ви прави друштво.

- Но... - се обиде пак да довикне возбудениот Архангел, но д-р Мегленски одмавна со раката во знак на поздрав и излезе. Болничарот Лега, младо и убаво русокосо момче, му пријде и му рече да се смири.

Архангел се спушти врз перницата. Наеднаш се сети, па се обрати на болничарот:

- Како рековте дека се викате Вие?

- Зико Лега.

- Вие сте...

- Влав сум. Од Битола.

- Дали е вистина тоа што ми го кажа докторот?

Болничарот ги згрчи рамениците:

- Вистина е. Но, не прашувајте ме повеќе. Не ми е дозволено да зборувам со Вас... Вашата психо-социјална рехабилитација му е доверена на докторот.

- Но, само кажете ми...

- Плиз... Ве молам не прашувајте ме. - категорично одговори Лега.

- Но, каква врска има тоа со мојата рехабилитација? Тоа е политика...

- Знам... Можеби, но сепак најдобро е докторот да Ви објасни.... Јас имам друга дјути...

- Во ред. Извинете... Знам дека сето ова се снима...

Болничарот пак ги згрчи раменатa и замолча. Седна на една од фотељите во аголот и се загледа во нешто налик на џебен компјутер. Очиледно нешто читаше.

***

Точно по два часа од заминувањето, кои на Архангел му се сторија како две години, д-р Мегленски влезе со познат предмет во рацете. Тоа беше лап-топ.

- За да не губиме време во Ваша подготовка со ракување на современите апарати,

Ви донесов еден многу стар компјутер. Во Вашето време се викаше лап-топ. Сигурно се сеќавате.

Архангел се насмевна.

- Како не? И јас дома имам сличен...

- На него Ви се снимени извадоци од печатени медиуми во последните четири децении за да можете барем приближно да се информирате за сe што се случуваше кај нас и во светот за ова време. - рече д-р Мегленски и му го подаде лап-топот. Архангел возбудено го зеде. Прво неколку мига гледаше во него, како да сакаше да се присети како се ракува, а потоа го отвори и кога сакаше да го вклучи, д-р Мегленски проговори:

- Не мора веднаш да го вклучувате. Во него Ви направивме избор од информаци, но ако ги читате една по една, можат да Ве збунат. Не знам колку ќе Ви ги доловат сите настани така како што се одигруваа. Затоа сега јас ќе Ви раскажам што се случуваше, а информациите од лап-топот, можете да ги прочитате откако јас ќе си одам дома.

Архангел послушно го затвори лап-топот и климна со главата во знак на одобрување.

Д-р Мегленски го извади својот џебен компјутер, се загледа во него и почна:

- Јас не сум бил ниту роден кога Вам Ви се случила несреќата. Но, овде си направив прибелешки за да Ве запознаам што подобро со она што се случи по Вашето паѓање во кома....

- Само кажете ми: дали навистина се наоѓаме во Солун? Чиј град е сега тој? - пак нетрпеливо праша Архангел.

- Стрпете се... Одиме по ред. - рече д-р Мегленски и го погледна сериозно, ставајќи му до знаење дека и навистина треба да се стрпи. Потоа продолжи:

- Јас ќе зборувам, а Вие ако имате потпрашања, поставувајте ми ги слободно.

Архангел климна со главата. Д-р Мегленски почна:

- Од моите забелешки гледам дека во времето кога Ви се случила несреќата, а тоа е јануари 2007 година, на власт во Македонија била коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, ДПА, НСДП, Социјалистичката партија и Демократската Обнова на Македнија со уште некои помали партии. Во опозиција биле СДСМ, ДУИ, ЛДП, ПДП и други. Премиер бил Никола Груевски, а претседател Бранко Црвенковски. Просечната плата била околу 250 тогашни американски долари и имало голема невработеност. Република Македонија тогаш се стремела да влезе во тогашната Европска Унија и во НАТО, а имала проблеми со соседите. Грција, според моите забелешки, не ни го признавала името и идентитетот, Бугарија не го признавала јазикот и идентитетот на Македонците, а Српската Црква не ја признавала Македонската. Во светот Американците се уште биле во Ирак, Русија имала проблеми со Чеченците, а...

- Чекајте докторе. Овие работи ги знам. Не се сеќавам на детаљи, но сето ова ми е горе-долу познато. Кажете ми што се случи потоа? Како дојде до тоа во Солун слободно да се зборува македонски?...

- Јас мислев прво да Ви ја опишам состојбата каква што била тогаш, а потоа да поминам на она што следуваше.... Но, како сакате. Сепак, ќе морам да Ви зборувам и за она што се случуваше надвор од Македонија, затоа што само така може да се сфати денешната состојба. - објасни д-р Мегленски.

- Во ред. Продолжете Ве молам...

- Всушност, кога од сегашен аспект правам анализа, сфаќам дека се случи специфичен склоп на околности, како кај нас, така и во светот. Во Македонија се почна во 2017 година. Таа година во Овче Поле беа откриени огромни резерви со нафта... - почна д-р Мегленски.

- Чекајте. Мислам дека се сеќавам по нешто и за ова. - влета Архангел. - Ако не се лажам, уште за време на Југославија, таму се вршеле испитувања...

- Да. Еве овде имам запишано. За време на дамнешната социјалистичка Југославија, некоја словенечка фирма вршела такви испитувања. Но, тие биле прекинати поради непознати причини. Наводно, нафтата тогаш била ефтина, па затоа испитувањата прекинале. Сепак, словенечката фирма тогаш изјавила дека има нафта. Поради тоа, прекинувањето на натамошните истражувања останало загатка.

- Хм... Продолжете.

- Подоцна и некоја канадска фирма се понудила да врши ископувања, но до тоа не дошло. Причината и за ова не е позната. Конечно, пред да Ви се случи несреќата и Рударскиот факултет во Вашиот град Штип, се

обидел да превземе иницијатива за продолжување на ископувањата во Овче Поле...

- Мислам дека по нешто се сеќавам... - го прекина Архангел.

- Јас тогаш сум бил сосема мал. - констатира д-р Мегленски.

- Значи факултетот од мојот град ја обнови оваа иницијатива?

- Така некако. Истата година, Рударскиот факултет потпадна во Универзитетот "Гоце Делчев" што се отвори во Вашиот град. Всушност овој универзитет беше иницијатор на сето тоа... Како и да е, ископувањата почнаа во 2016 година. Ги спроведе американска фирма. И веќе следната 2017, беше откриено огромно наоѓалиште на нафта.

- Колку огромно?

- Според проценките во Овче Поле и пошироко имало нешто помалку нафта од целокупните резерви на Кувајт.... А и квалитетот бил приближен на оној на кувајтската нафта...

- Уф! И што потоа?

Д-р Мегленски пак се загледа во своите прибелешки, па продолжи:

- Во тие времиња и во светот се случија крупни промени, кои имаа директно или индиректно влијание и врз состојбите во Македонија. Пред се мислам на Франција и на Русија.

- Каква врска имаат тие со нас? - нетрпеливо праша Архангел.

- Ќе слушнете. Не сум сигурен дали се сеќавате на дамнешните немири на муслиманските

доселеници во Франција од октомври и ноември 2005 година?

Архангел се замисли, но не успеа да се сети.

- Не се сеќавам... Жалам...

Д-р Мегленски продолжи:

- Тие немири континуирано се повторуваа во помали размери и подоцна, но во 2016 година дојде до вистинска експлозија. Тогаш немирите беа најжестоки. Доселениците не биле задоволни од третманот што го имале во Франција. Французите, пак, се жалеле против нив и така дошло до големи судири. Француската полиција не успеа да излезе на крај со бунтовниците, па француското население почна да се самоорганизира во квартовите со доселеници. Така почнаа судири од невидени размери. Во неколку градови беше воведена вонредна состојба...Тие немири доведоа до енормен пораст на угледот на француската десница. На изборите во 2022 година Националниот фронт, обединет со десничарското Движење за Франција, доби неверојатни 32% од гласовите, а на следните избори во 2027 година веќе имаа околу 45% проценти, па со некои помали партии успеаја да составаат влада. Така, Франција целосно тргна в десно. Новата влада воведе драконски мерки и организираше иселување на голем дел од доселениците, а истовремено ги влоши односите со САД, со исламските земји, но и внатре во тогашната Европска Унија...

- Чекајте, рековте во тогашната Европска Унија. Па зарем таа денес не постои?

- Постои, но само формално. Ниту од далеку не е тоа што била во Вашето време. Еврото одамна е укинато како платежно средство и секоја држава си го врати својот сопствен суверенитет и национална валута. Французите почнаа први, а потоа се одеше според домино ефект. Пак се вратија границите меѓу државите. Всушност, најбогатите држави своевремено ја создале Европската Унија, па тие и ја растуриja...

- Уф мајката. А во мое време сите нам ни беше опсесија влезот во Европската Унија....

Д-р Мегленски го крена погледот и повеќе како за себе, констатира:

- Всушност, ако малку се познава историјата ќе се забележи одреден цикличен процес, во кој, во одредена форма, работите само се повторуваат. На пример, по секоја војна следува мир и тенденција за обединување, но по секој таков подолг период, пак настапуваат судири и војни. Така било отсекогаш. На луѓето како да им е здодевно постојано да живеат во мир, па вака или онака, како да наоѓаат причини за нови судири, недоразбирања и војни... Чудна работа.

Архангел се напрегна:

- Што? Зарем пак имало војна?

- Да... Всушност не... Тоа не беше војна како Првата и Втората, но сепак имаше.

- Каде? Како?

- Овде!

- Овде? Во Македонија? - речиси извика Архангел.

- Да.

- Неверојатно! И како се случи тоа?

Д-р Мегленски како малку да се загрижи поради вознемиреноста на Архангел, па продолжи со посмирен тон:

- Одиме по ред.... Крупни промени се случија и во Русија. По економскиот колапс што го доведоа корумпираните влади и по засилените терористички напади на чеченските бунтовници, а секако и под влијание на случувањата во Франција, и во Русија на власт дојде екстремна влада. На изборите за Думата во 2025 година, најмногу гласови доби Либерално-демократската партија, која порано ја создал извесен Жириновски. На трето место беа комунистите, кои формираа влада заедно со Либерално-демократската партија. Ваквата нова Русија, по примерот на Франција, ги заостри односите со САД, ветувајќи враќање на некогашната моќ на Русија.

- Зарем дојде до војна меѓу Русија и САД? - речиси уплашено праша Архангел.

- Не. Тоа сепак не се случи, но тие војуваа преку други држави, то ест и едните и другите се стремеа да имаат што поголемо влијание во светот. Слично на дамнешната студена војна. - подготвено одговори д-р Мегленски.

- И што се случуваше потоа?

- Како што реков, се случи домино ефект. Новите десничарски влади во Русија и Франција, кои меѓу себе одлично се разбираа, предизвикаа сличен ефект во некои исламски земји. Незадоволни од третманот на муслиманите од страна на овие влади, како и поради традицио-

налната нетрпеливост кон САД и Израел, во некои арапски земји исто така на власт дојдоа радикални елементи. Најдрастичен е примерот со Саудиска Арабија и Кувајт, кои порано беа едни од главните извозници на нафта во САД. Таму дојде до внатрешни немири, по што кралските семејства побегнаа во Египет. Новите радикално исламиски влади во овие земји веднаш го редуцираа извозот на нафта во сите западни земји. САД се обидеа да ги вратат на власт "своите" режими во овие земји, но без успех. Така САД се најдоа во опасност од нафтена криза. Во тоа време веќе наголемо течеа подготовките за експлоатацијата на нафтата од Македонија, па веројатно САД сметале дека е полесно да се приближат кон Македонија, отколку да влегуваат во несигурни авантури на инсталирање погодни режими во арапските земји. Така и се случи. Но, зближувањето на САД со владата на Македонија, предизвика големо незадоволство во Грција, кое се манифестираше со уште поголем притисок, зачинет со закани, против Македонија. Владата на Македонија покажа подготвеност за соработка со САД, а за возврат побара ослободување од притисокот од Грција. Сепак, тогаш се уште немаше ни трага од подоцнежиот судир што се случи....

- Судир? Кој со кого се судрил? - праша се уште вознемирен Архангел.

- Ќе слушнеш...

- Добро. Продолжете.

Д-р Мегленски, длабоко воздивна, па продолжи:

- Во склад со тајниот план направен со владата на Македонија, а пред се поради сопствен интерес за добивање на македонската нафта, САД почнаа со тајна поддршка и финансирање на движењата на Македонците во тогашна Грција. Тоа предизвика зголемување на анти-американското расположение во оваа држава и до постепено зближување на грчката влада со десничарските режими во Франција и Русија, кои ги прибираа околу себе сите опоненти на САД. Сепак, како што реков, во тие години на третата деценија на 21 век, судирите се уште не беа толку отворени, туку прикриени, затку-лисни.

- Ги спомнавте Македонците во Грција? - праша Архангел.

- Да, во тогашна Грција.

- Хм. Колку што се сеќавам, во мое време тие беа собрани во две-три помали организации со мал број членови...

- Да, така било, но потоа се случија некои други работи.

- Слушам.

- Како резултат на анти-американското расположение и како резултат на настаните во Франција и Русија, во Грција исто така на власт дојде десничарска опција. Основа на ова беше партијата Лаикос, околу која се обединија повеќето националистички партии и движења. Оваа партија порано била мала партија. Била формирана од извесен Карацаферис, поранешен член на Нова Демократија. Но, нејзиниот подем бил забележан уште во Вашето време. На избо-рите во март 2004 година оваа партија имала

над 4% гласови, а пред тоа имале само околу 2%. На изборите во 2026 година, оваа партија веќе беше во состојба да формира влада, исто така со помош на неколку помали партии. Таа постојано ја обвинуваше Нова демократија за попустливост кон соседите, поради што во 2024 година дојде до расцеп во Нова демократија што резултираше со засилување на редовите на Лаикос. Истовремено на партијата Лаикос и пристапија и националистичката Патриотска алијанса. На чело на Грција дојде десничарскиот премиер Калојанис. Уште веднаш тој влезе во судир со разединетите опозициски демократски сили, главно собрани околу ПАСОК и остатоците од Нова Демократија. Во март 2028 година, во Волос, врз него беше извршен обид за атентат. Атентаторот, кој наводно бил член на некоја анархистичка група, само полесно го рани Калојанис, по што си го одзеде животот со отровна таблета што ја имал во устата. Овој настан беше искористен од десничарската влада за воведување диктатура во Грција. Беше забранета работата на политичките партии, а беше суспендиран и уставот. Војската и полицијата му дадоа поддршка на Калојанис, а подоцна тој на клучните функции во овие институции си постави свои луѓе. Обидот во Советот за безбедност на ООН да се изгласа осуда на диктатурата помина без успех поради спротивставувањето на Франција и Русија. Грчкиот диктатор директно ги обвини САД за вмешаност во атентатот против него. Некои грчки медиуми дури и изнеле наводни "докази" за вмешаноста на ЦИА. Грчката јавност во прилична

мера му дала поддршка на диктаторот, кој ветил враќање на силата на Грција. Тогаш Македонија се уште не била во преден план на надворешната грчка политика, со исклучок на вербалните закани и притисоци, па Грција се насочила кон Албанија и Кипар. Прво бил организиран референдум во јужниот дел на Кипар за припојување кон Грција. Ова го искористила Турција, која го анектирала северниот турски дел на овој остров.

- Турција и Грција се расправаа за Кипар и во мое време... - го прекина излагањето Архангел - Дали војуваа и сега?

- Не. Калојанис се договорил со Турција за поделба на Кипар и тоа и се случило. Немало потреба од меѓусебна војна, кога се знае деа јужниот дел на Кипар бил грчки, а северниот турски. Едноставно тие се договориле да ја официјализираат етничката поделба на овој остров.

- Која година било тоа?

- 2030 година. - одговори д-р Мегленски.

- И што потоа?

- Во Грција била организирана невидена прослава по повод присоединувањето на јужниот дел на Кипар, кое било изведено без никакви жртви. Калојанис сега имал неограничена моќ и огромна популарност.

- Ова ме потсетува на... Хитлер... - прокоментира Архангел за себе.

Д-р Мегленски продолжи:

- Следна на ред на неговата експанзија била Албанија. Уште претходно грчкиот диктатор иницирал немири во јужниот дел на Албанија,

таму каде живее грчко малцинство. Во октомври 2029 година биле организирани големи демонстрации на Грците во јужен Епир, кои завршиле со насилство. Албанската полиција реагирала, при што дошло до жестоки судири. Загинале двајца албански полицајци и четиринаесет демонстранти. Грчкиот диктатор ги прекинал дипломатските односи со Албанија, каде на власт била Социјалистичката партија. Се случиле погранични инциденти. Грчкиот режим почнал кришум да ги снабдува водачите на грчките екстремни организации во Албанија, кои уште во 2028 година создале своја единствена организација под името Хриси Авги по урнек на поранешната истоимена националистичка партија во Грција. Хриси Авги јавно се заложила за отцепување на јужен Епир од Албанија и негово присоединување кон Грција. Албанската армија интервенирала и дошло до судири од поголеми размери. Грчкиот режим тајно уфрлувал свои офицери и бројни доброволци кои успешно се бореле против послабо вооружената албанска армија. Грчките герилци, на чело со извесен Димитриос, ги избркале албанските вооружени сили од градовите и селата јужно од Валона, а во 2033 година прогласиле самостојност на таа област со главен град Жирокастро. Недолго потоа прогласиле и отцепување од Албанија. Албанската влада на чело со социјалистичкиот премиер Селмани објавила општа мобилизација, но од не сосема јасни причини, не се случил напад од поголеми размери. Дури мнозина аналитичари сметаат дека се работело за некој таен договор. Имено, во тоа време поголемиот

јужен албански дел на независно Косово, на референдум се изјаснило за припојување со Албанија, додека северниот дел се припоил со Србија. Населението од областа Гора на референдум се изјаснило за соединување со Македонија. Така, некако Албанија го добила најголемиот дел од Косово, но го изгубила јужен Епир, додека Србија го изгубила поголемиот дел од Косово, но за возврат ја добила поранешната Република Српска. Остатокот на Босна и Херцеговина, пак, влегол во рамноправна конфедерација со Хрватска... Практично, и покрај големите турбуленции и жртви, на крајот дошло до еден вид, повеќе или помалку, коректна етничка распределба на овие територии. И Србија и Хрватска и Албанија и Грција со повеќе или помалку отпор, ја прифатиле ваквата распределба, свесни дека никој не може да добие сe. Се случил еден премолчен компромис врз етничка основа... Е, сега Србија до денес сe уште зборува дека цело Косово е нивно, но така е само вербално. Во практика, сите ја прифатија реалноста. Сето ова се случуваше во текот на неколку децении, па ако сакате можам да Ви дадам подетални објаснувања.

- Не мора. Кажувајте ми што се случуваше со Македонија. Ја спомнавте Гора...

- Да. Селата во Гора создале регионална заедница, еден вид локална самоуправа, која организирала референдум за својата натамошна судбина. Мнозинството се изјасниле за припојување кон Македонија. Можеби изгледа чудно, но ваквиот предлог во извесна степен го поддр-

жале и Србија и Албанците од Албанија и Косово.

- Зошто? - љубопитно праша Архангел.

- Едноставно, логиката на Србија била што помал дел од Косово да падне во рацете на Албанија. Според нивната логика, поарно било Гора да се присоедини кон Македонија, отколку кон Албанија.

- Хм... можеби има некоја логика. А, Албаниците?

- Македонија одржувала пријателски односи со Албанија поради трпењето заеднички притисоци од Грција. Македонија помагала на Албанија во војната со побунетите Грци. За возврат Албанија изршила притисок врз Албанците на Косово да се откажат од Гора и да ја прифатат желбата на Гораните, кои во најголема мера се изјасниле како Македонци со исламска вероисповед.

- Интересно...

- Но, пак ќе повторам, јавно Србија сеуште го смета Косово сосе Гора за своја територија, но во реалноста, ваквите барања се се поретки и придушени. И со Србија и со Албанија, Македонија денес има нормални и добри односи.

- Какво било однесувањето на големите сили во овие турбуленции? - љубопитно праша Архангел.

- Како што Ви реков. САД давале поддршка на Албанија, а Франција и Русија на Грција. Сепак, на крајот и тие како да се согласиле, прифаќајќи ја новата реалност на Балканот.

- А Србија?

- Србите овојат не се осмелиле отворено да се спротивстават на САД, иако биле поттикнувани од своите националисти. Причина за ова секако дека било сеќавањето на искуството од 1999 година, кога биле бомбардирани од НАТО. Србија овојпат помудро се однесувала. И на крајот доби повеќе отколку што загуби.

- Како се случи присоединувањето на Гора кон Македонија?

- Нормално. На жителите на Гора им било оставено да одлучат сами дали сакаат анексија во македонската држава или пак сакаат еден вид локална автономија во границите на Македонија. Тие се изјасниле за автономија. Сега се составен дел од Македонија, но си имаат своја автономна самоуправа. Нивни претставници се инкорпориани во нашата власт.

- Така треба.... - задоволно се насмевна Архангел - а потоа додаде - Но, зошто избрале присоединување со Македонија?

- Можеби од прагматични причини. Во тоа време, тие и да сакале не можеле да се спојат со Србија. Ем затоа што Гора нема физичка граница со Србија, ем затоа што на такво нешто Албанците никогаш немало да се согласат. Со Албанија исто така не сакале да се спојат поради тоа што тогаш таму се водела војната за јужен Епир. Нашите активисти Македонци муслимани со потекло од Гора, успешно агитирале среде тамошното население и на крајот тоа резултираше со сегашната состојба. Е, сега нормално дека влијание одигра и ноќањето на нафта во Македонија, која веќе почна да се

експлоатира при што стандардот на граѓаните нагло почна да расте.

За миг завладеа тишина. Архангел прв ја прекина:

- И што се случуваше потоа? Како дојде до тоа Солун повторно да стане дел од Македонија?

- Тешко е да се каже што точно се случувало во заткулисните игри. Грчкиот диктатор Калојанис ги повикал Грците од дијаспората масовно да почнат да се враќаат. Истовремено неговата диктатура предизвикала големо незадоволство кај Македонците, Власите, Албанците, Турците и Ромите во Грција. Нивните партии и здруженија биле целосно забранети, а нивните активисти биле следени. Меѓутоа, тоа довело до компактизација на припадниците на овие народи и до меѓусебна соработка. Од друга страна политиката на САД и натаму била на жесток удар од грчкиот режим. Од трета страна, пак ќе повторам дека нафтата пронајдена во Македонија, доведе до нагло зголемување на стандардот на граѓаните. За само неколку години, Република Македонија од сиромашна земја, се претворила во богата оаза, како што порано бил Кувајт. Практично САД и Македонија нашле заеднички интерес во опонирањето со Грција, а основа на сето тоа била македонската нафта. САД решиле да зададат контра-удар. Тогаш е разработен план за дестабилизација на Грција. На овој план активно работеле експерти од американската и македонската влада, стручњаци од ЦИА, но и претставници на македонските иселенички организации во соработка со тајните

македонски организации во тогашниот егејски дел на Македонија. За таа цел биле употребени огромни средства. Најпрво била засилена пропагандно-едукативната дејност насочена кон денационализираните Македонци. Било иницирано создавање на илегални македонски организации, па дури се пристапило и кон физичко доселување на етнички Македонци.

- Како било можно тоа? Зарем грчкиот режим не се спротивставил? - зачудено праша Архангел.

- Според претходно утврдениот план, македонските иселенички организаци од Европа, Австралија, Канада и САД, среде грчките иселеници, кои се вратиле во Грција на повикот од Калојанис, уфрлиле и свои луѓе Македонци, кои формално се декларирале како "Грци" само за да влезат на теренот. Некои од нив претходно биле обучувани за вооружени акции во САД, па во егејскиот дел требало да послужат како основа за натамошните случувања.

- Хм. - рече Архангел и додаде - И кога било тоа?

- Во текот на неколку години, почнувајќи од 2030 година, кога беше организирано помпезно враќање на грчките иселеници во Грција.

- Значи тие свесно се декларирале како "Грци" само да влезат во Македонија, а потоа требало да почнат да работат на македонската кауза? - праша Архангел.

- Така е.

- Но, зарем грчката полиција и шпиони не ги откриле?

- Секако. Мнозина од нив биле откриени и не им било дозволен влез во Грција, но голем број влегоа внатре.

- Колку?

- Тоа никој не го знае... Но, можеби околу три илјади...

- Зарем не е малку?

- Не, затоа што повеќето од нив биле добро обучени за воени и други дејства. Веќе реков дека тие требало да бидат основа за идните случувања... И по нивното населување во егејскиот дел на Македонија, продолжило нивното богато финансирање преку тајни канали.

- И што се случи потоа? - со зголемена љубопитност праша Архангел.

- Потоа почнаа подготовки. Се работело на неколку фронта. Со помош на пропагандна литература и пари се вршела подготовка на не-грчкото население во егејскиот дел. Посебно се водела грижа за национално освестување на Македонците. Биле одржувани тајни состаноци, како и безбројни поединечни разговори. Некои Македонци со радост ги дочекале овие активности. Други, пак, не сакале да работат против Грција, иако и самите биле на извесен начин под притисок и постојан сомнеж од грчкиот режим. Таквите биле заплашувани и уценувани. Им било укажувано дека наскоро САД ќе интервенираат во егејскиот дел на Маке-донија, исто како што порано инервенирале на Косово, па дека секој што немало да ја поддржи оваа интервенција, ризикувал подоцна да биде ставен во немилост. Било укажувано и на тоа дека Македонците немаат никаква иднина во

Грција, која ја очекувал воен пораз, па дека поарно било да се издвојат од оваа држава додека е време. Се разбира дека ни грчката полиција не спиела, па некои македонски активисти биле уапсени под разни изговори. Двајца од нив загинале под сомнителни околности. Но, тоа предизвикало уште поголем револт и поларизација во егејскиот дел на Македонија. Истовремено се поддржувале тајните национални движења и на другите народи во овој дел од Македонија, а пред се на Албанците - Чами, на Ромите и на Власите. И тие не биле задоволни од грчкиот режим, па и тие биле убедувани со ветувања, уцени и закани, да се придружат на она што требало да следува. Така, во текот на следните 5-6 години во тогашниот егејски дел на Македонија била создадена солидна критична маса, која станала основа за спротивставување на грчкиот режим. Сепак, во овој дел на Македонија и натаму доминирале потомците на таканаречеите "мацири", кои биле христијани доселени од Турција во егејскиот дел на Македонија, уште на почетокот на 20 век. Мнозинството од нив сега биле фанатизирани грчки националисти.

- Да. Такви беа и во моето време. Иако, најголем дел од нив не биле Грци, се правеа поголеми Грци и од самите Грци. И што се случи потоа? - се уфрли Архангел.

- Првите инциденти почнале во јануари 2035 година. Таа година, дотогаш непознатата, "Македонска Ослободителна Армија", подметнува автомобил-бомба пред седиштето на регионалната управа во Солун. Загинале тројца поли-

цајци, по што грчката полиција жестоко реагирала. Десетици Македонци биле уапсени, но на ниту еден од нив не можела да му се докаже вината. Истовремено претставници на оваа организација до сите позначајни светски агенции испратиле соопштение дека почнуваат вооружена борба за човекови права на Македонците под Грција. Тие посочиле дека делот од Македонија во кој живеат, уште од 1913 година е под грчка окупација и дека Македонците таму доживувале само страдања. Во соопштението тие потенцирале дека бараат укинување на диктаторскиот режим на Калојанис и организирање на Грција како федеративна држава во која ќе бидат признати националните права на сите народи што таму живеат. Доколку не се случело тоа за време од една година, тогаш тие ќе се бореле за осамостојување на егејскиот дел на Македонија, како самостојна држава на рамноправни народи. Ова соопштение предизвикало бурни реакции. Грчката влада веднаш ги обвинила САД и Република Македонија дека стојат зад овој атентат. САД преку портпаролот на својата влада извесен г-дин Холмс се оградиле од атентатот со објаснување дека тие не поддржуваат тероризам. И тогашниот македонски премиер Стојановски, јавно изјавил дека го осудува терористичкиот напад во Солун и дека Република Македонија нема никаква врска со тоа. Тој се заложил за добрососедство со Грција и надминување на недоразбирањата.

Архангел се насмевна:

- Мудро, нема што...

Д-р Мегленски го погледна, па и тој се насмевна:

- Тогаш не им било до смеа на македонските власти. Грција се уште била далеку помоќна од нив, па тие морале така да се однесуваат.

- Се разбира... И што се случуваше потоа?

- Потоа дојде 15 април 2035 година. Тој ден експлодираа серија поставени бомби во Лерин, Кукуш, Воден, Драма, Серез, Кожани и Гервена. - продолжи д-р Мегленски, повремено читајќи од својот потсетник во џебниот комп-јутер.

- Уф мајката. Тие како да сакале... го прекина Архангел, но наеднаш замолче.

- Да. Целта им била отприлика да ги означат границите на Македонија, каде што ќе се води борбата. Иако и овие бомби биле поставени ноќе, во Кожани загинал еден грчки полицаец и уште двајца цивили. Пак следувале апсења, а во градовите во кои експлодирале бомбите режимот, закажал демонстрации. Многу народ излегол на тие демонстрации, а потоа некои грчки националисти се нафрлиле врз дуќаните и куќите на Македонците. Ова дало уште посилен поттик во разгорувањето на борбите. Сега веќе почнала и медиумска војна. Најпознатите американски ТВ мрежи направија опширни извештаи за овие настани и за состојбата на Македонците и другите национални малцинства во Грција. Како одговор на тоа грчката влада почна да купува против-ракетни и против-авионски системи од Русија. Анти-

американската хистерија таму уште повеќе се зголеми. Во Атина беа организирани големи демонстрации пред американската амбасада, а американските туристи беа јавно напаѓани. Стејт департментот ги повика американските граѓани привремено да го избегнуваат патувањето во Грција. До крајот на годината немаше некои посериозни судири, освен жестока вербална и пропагандна војна.

Д-р Мегленски направи мала пауза. Појде до автоматот за сокови и си наточи природен сок. Му понуди и на Архангел, а откако овој го одби, отпи половина чаша, се загледа во својот компјутер и продолжи:

- И така дојде 25-ти февруари 2036 година. Тој ден почна.

- Што почна? - нетрпеливо праша Архангел, откако д-р Мегленски направи мала пауза.

- Востанието. Тој ден денес е прогласен за национален празник во Македонија... Се почна во селото Фуштани. Група од педесетина добро вооружени борци навлегле во селото. По кратката престрелка, грчките полицајци се повлекле. Лидерот на групата извесен Андоновски (или Андонис, како што го викаа Грците) родум од Солун, во телефонски разговор за локалната грчка телевизија, изјавил дека е еден од командантите на Македонската Ослободителна Армија. Тој прочитал сопштение во кое се вели дека поминал рокот од една година што неговата организација го дала на грчкиот режим да се повлече и да ја реорганизира Грција како федеративна држава, но дека ништо не се

изменило за таа година. Дури станало и полошо. Поради тоа, истакнал тој, Македонците и припадниците на другите народи во егејскиот дел на Македонија биле принудени со оружје в рака да го бранат своето достоинство и своите човекови права. Тој ги повикал припадиците на сите народи во северниот дел на Грција да го соборат грчкиот тоталитарен режим и да воспостават демократска "Република Јужна Македонија", која може да биде во конфедеративни односи со Грција, освен доколку народот не одлучи поинаку на референдум. Истовремено ги повикал сите демократски сили во светот да ги поддржат. Овој настан предизвика шок во грчката јавност. Дотогаш навикнати главно на победи, тие и не сонуваа дека вакво нешто може да им се случи на "нивна" територија. Можеби затоа и направија неколку грешки. Набргу потоа Грците упатија силни полициски сили кон Фуштани, заедно со пет хеликоптери поддршка. Меѓутоа, овој прв судир заврши кобно за нив. Полициската единица паднала во стапица и од подметната против-тенковска мина на патот, загинаа тројца полицајци. Истовремено еден полицаец бил убиен од снајпер. Бргу била повикана специјална полициска единица од Солун, а била доведена и оклопна единица. Тогаш селото било бомбардирано, при што загинале седумнаесет селани, меѓу кои жени и деца. По жестоките дводневни борби, грчките специјалци поткпрепени со артилерија и хеликоптери повторно го завзеле Фуштани. Борците на МОА се повлекле на планината Кожуф. Но, нивните активисти успеале да го снимаат

бомбардирањето на грчката полиција, како и загинувањето на некои од цивилите. Овие грозни снимки набргу го обиколија светот и беа искористени како "доказ" за грчката суровост против македонските цивили. Македонските иселеници во Австралија, Канада, САД и Европа организираа масовни протести пред грчките претставништва, нудејќи секаква помош за македонските востаници. На овие митинзи се појавија и говорници од други народи, меѓу кои Албанци и Власи, а во САД јавна осуда на начинот на изведувањето на вооружената интервенција на грчките сили стигна и од неколку сенатори и конгресмени. Протести беа одржани и пред грчката амбасада во Скопје, иако власта на Република Македонија се трудеше да остане што понезабележителна и "понеутрална". Осуда за овој настан имало дури и во самата Грција од страна на поедини демократски определени интелектуалци. Дваесетина дена по борбата во Фуштани, однапред подготвените македонски герилци, пак стапија во акција. Сега тие извршија напад во три леринси села и тоа во Аременско, Трсје и Горна Статиста. Нападот бил извршен со неколку стотици борци. Грчките полициски единици биле избркани, а борците се забарикадирале во селата. Диктаторот Калојанис овој пат наредил вклучување не само на полицијата, туку и на армијата. Селата со денови биле бомбардирани од дистанца. Претодно нивните жители (главно жени, деца и старци) побегнале во Лерин. Додека траеле борбите во овие села, во Солун, Кукуш и Воден, повторно експлодирале подметна-

ти бомби пред полициските станици. Во Воден загинал еден полицаец, а во Кукуш тројца минувачи биле повредени. Во Солун загинале петмина граѓани. Овојпат полицијата успеала да фати тројца диверзанти откако претходно веројатно биле предадени. Биле уапсени во три различни делови на Солун. Двајца биле домородни државјани на Грција, а третиот бил емигрант доселен од Австралија. Грчкиот воен суд по кратка постапка ги осудил на смрт и биле стрелани. Во меѓувреме грчките единици извршиле пешадиски напад врз селото Горна Статиста. Македонските борци биле принудени да се повлечат на планината Вич, оставајќи зад себе петнаесетина мртви. Нивните тела биле прикажани на грчката телевизија и на светските медиуми. Македонските востаници возвратиле со успешен атентат врз началникот на полицијата во Невеска. И натаму ги држеле под своја контрола селата Арменско и Трсје. Грчката власт, која уште веднаш наредила исклучување на струјата и водата во овие села, продолжила со нивното жестоко бомбардирање. Се повеќе, однапред подготвени, борци почнале да се придружуваат на Македонската Ослободителна Армија. До крајот на 2036 година нивната бројка била околу три илјади, а следната 2037 година веќе броеле околу пет илјади добро вооружени борци. Главно биле концентрирани по тешко достапните планини на границата со Република Македонија: Вич, Нице, Пајак, а некои единици се лоцирале дури и на Каракамен. Најверојатно од Република Македонија добивале оружје и друга логистичка поддршка, иако нашата влада

упорно негираше дека ги помага востаниците. Дури еднаш, во екот на борбите, самата македонска полиција откри камион полн со автомати, што требало преку планината Баба да бидат префрлени во егејскиот дел на Македонија. Беа приведени две лица од Скопје и едно од Битола. Подоцна беа судени во Скопје, но бргу се најдоа на слобода. Од оваа дистанца гледано, јасно е дека сето тоа било само игра за "пред светот", иако не е спорно дека во Република Македонија имаше и такви кои се спротивставуваа на востанието на Македонците во егејскиот дел поради страв Република Македонија да не биде нападната од Грција.

Вооружените дејства продолжиле и во текот на 2037 година. Сега не можам во детаљи да Ви ги изложам сите судири и жртви - нив ги имате во компјутерот, туку само ќе кажам дека со повремени напади и вооружени провокации против грчките полициски и армиски сили се дејствувало во реоните на: Лерин, Костур, Невеска, Клисура, Воден, Негуш, Бер, Гуменца и Солун, додека ќелии на МОА, кои дејствувале пропагандно имало формирано и во: Гревена, Кожани, Кајлари, Кукуш, Серез и Драма, како и во многу села. Во овие места не било можно отпрвин да се дејствува воено заради лошата конфигурација на теренот, то ест затоа што не се наоѓаат во близина на погранични планини. За цело време на вооруженият судир меѓународната заедница беше поделена. САД со своите сојузници официјално и натаму даваа вербална поддршка на востаниците, секако поради сопствен интерес околу македонската нафта. Во

следниот период македонските востаници со променлив успех држеа под своја контрола неколку погранични села. Грчкото население од овие села побегнало и пред грчките медиуми сведочело за "страотен терор" што им го правеле востаниците. Тешко е да се каже што било пропаганда од сето ова, а што вистина. На тој начин уште повеќе бил распален грчкиот национализам. Односите со Република Македонија се влошија до крајни граници. Грчкиот диктатор веќе јавно се закануваше дека ако "БЈРМ не престане да ги поддржува терористите на грчка територија, Грција ќе биде принудена да изврши контролиран воен напад врз оваа држава". Грчката полиција и војска веќе имаа околу сто и четириесет мртви и над шестотини ранети, а жртвите во редовите на македонските бунтовници до денес точно не се знаат. Едноставно, тие своите загинати ги префрлувале преку граница во Република Македонија или ги погребувале тајно во нивните родни села. Само дел од нив паднаа во рацете на грчките вооружени сили. Во јануари 2037 година, неколку здружени единици на Македонската Ослободителна Армија потпомогнати однатре, извршиле напад од поголеми размери врз градот Лерин. Биле нападнати полициската станица и касарната. Рано изутрина пред своите домови биле ликвидирани командантот на касарната извесен генерал Микојанис и началникот на полицијата. По пристигнувањето на дополнителни грчки воени и полициски сили, востаниците биле потиснати кон периферијата на градот, по што се повлекле на планината Вич. Дваесетина востаници биле

убиени, а четворица заробени. Нивното заробување предизвика пресврт во настаните. Тројцата, откако ништо не признале, биле осудени на смрт и веднаш биле стрелани. Но, четвртиот се поколебал. Нему му било понудено да не го стрелаат и да го ослободат, а за возврат тој да каже кој е и од каде е. Тој се согласил и јавно пред медиумите изјавил дека е родум од Република Македонија, дека бил поручник на АРМ, дека бил обучуван од американски инструктори и дека потоа бил уфрлен тајно со други борци во Грција...

- Неверојатно. - восклина Архангел - Кој е тој? Каде е сега?

- Не знам. Некој скопјанец... Подоцна никој не слушна за него. Можеби се уште е во Грција, доколку е жив.

- И?

- Грчката влада и медиуми на сет глас го прогласија неговото сведочење, кое навистина изобилуваше со детаљи, како жив доказ за вмешаноста на Република Македонија и САД во настаните во Грција. Од македонската влада веднаш стигна демант, но веќе беше доцна. На 11 февруари 2037 година, Атина ги прекина дипломатските односи со Скопје. Истиот месец, грчката контраизвестителна служба успеала да дојде до видео снимки на кои група македонски востаници во униформи на МОА се обучуваат на полигонот во Криволак. Македонската влада залудно повторуваше дека не знае ништо за тоа и дека итно ќе спроведе внатрешна истрага во армијата за да ги казни евентуалните офицери на АРМ вмешани во овие активности. Ништо не

помогна... На 3 март седум грчки борбени авиони извршија напад врз Република Македонија. Беа бомбардирани касарната во Битола и полигонот во Криволак. Имаше деветмина загинати. Македонската влада вложи протест до ООН, но до формална осуда не дојде поради поддршката што Грција ја доби од Франција и Русија. Практично тогаш ООН беа целосно парализирани, па оние одлуки што требало да бидат донесени против некој сојузник на САД биле блокирани од Русија и Франција и обратно - САД и Велика Британија ги блокирале одлуките што требало да бидат донесени против некои од нивните сојузници. Така и овие грчки провокации останаа без осуда. Тогаш се случи уште една важна работа. Македонската влада и поголем дел од партиите во опозицијата, поради заканата Република Македонија да биде нападната и окупирана од грчката армија, фрли се на една карта. Претходно требаше да Ви спомнам дека во тогашната Република Македонија уште од 2025 година беше формирано прилично моќно невладино движење кое имало за цел создавање конфедерација помеѓу Македонија и САД. Оваа идеја, била оспорувана од некои реакционерни кругови, но политичките партии главно не се изјаснуваа. Меѓутоа, со развојот на настаните, оваа идеја се јави како единствена можност за спас за Република Македонија. Така, оваа идеја почна да масовно да се шири и прифаќа. Невладиното движење кое се викаше "Македонија во САД" организира референдум. Претходно сите поголеми владини и опозициски партии ја прифатија нивната платформа. Се спротивставија

само малубројните идеолошки поддржувачи на некогашните комунисти и некои други минорни субјекти. Следните три месеци сите партии поведоа обемна кампања за убедување на народот да гласаат "за" на претстојниот референдум.

- Чекајте, а што рекоа САД на сето ова? - праша Архангел.

- Владеачката Републиканска партија во САД ја прифати оваа идеја. Демократите беа поделени, но мнозинството во Конгресот се изјасни "за". Потоа и претседателот, кој е републиканец, ја потпиша одлуката. Едноставно, САД сфатија дека ќе го загубат Балканот откако веќе ја загубија Грција како свој дамнешен сојузник. На Србија не можеа да сметаат, а во Бугарија, иако поголемиот дел од партиите се уште изразуваа лојалност кон САД, ја немаа предноста со нафтата што ја имаа нашиве. Освен тоа Бугарија зависеше од рускиот гас, а воедно таму зајакна националистичкото движење Атака, кое гледаше опасност за бугарските национални интереси од своевидното "будење" на Македонија под закрила на САД. Поради тоа, САД не можеа стопроцентно да сметаат на Бугарија како на свој верен балкански сојузник. Така, САД се потпреа на Република Македонија и на нашата нафта. Ако ја снемаше Република Македонија, тоа ќе значеше крај на влијанието на САД на Балканот пред европскиот десничарски национализам.

- Хм... Интересно.... И што се случи потоа?

- Прво во Република Македонија беше организиран референдум со прашање за стапување

во конфедерација со САД. По обемната кампања и поради психозата од бомбардирањето од Грција, референдумот успеа со 83,3% кои се изјаснија "за" од вкупниот број на излезените. Тоа се случи на 23 април 2037 година. Веќе во мај, оваа одлука, како што реков, беше ратификувана од Конгресот и од претседателот на САД. Во Република Македонија беше организирана голема прослава.

- Па зарем Македонија се откажа од својата суверености? - праша Архангел.

- Од која суверености? - возврати со контра прашање д-р Мегленски и продолжи - Зарем пред тоа имала суверености? Која мала држава има своја суверености? Колку што знам и во поранешната Европска унија, дури ни најголемите европски држави немале целосна суверености. Врочем, Македонија си ја задржа својата влада, а заедничка беше само одбраната. Македонија доби право да има свои претставници во Конгресот на САД.

- Не сум можел ниту да сонувам дека вакво нешто се случило... - замислено констатира Архангел.

Д-р Мегленски продолжи:

- По само една недела првите маринци се истоварија во Македонија на барање од нашата влада. Беа со воодушевување дочекани од народот, по што беа сместени во касарните во Битола, Штип, Скопје, Куманово и Тетово. Грчките медиуми и влада остро реагираа на овие случувања. Грчкиот диктатор Калојанис постојано потенцираше оти ова било доказ дека и навистина САД работат против Грција, па така и

таму завладеа уште поголема националистичка еуфорија. Истовремено стасаа и изјави на поддршка на Грција од Русија и Франција доколку биде нападната од САД. Така, состојбата стана уште понапната. И судирите во егејскиот дел на Македонија добиваа на интензитет...

Токму во средината на раскажувањето, се вклучи холограмскиот екран. Љубезната секретарка на англиски јазик го повика д-р Мегленски веднаш да се јави кај директорот на болницата. Д-р Мегленски појде до екранот, застана пред него и одговори дека веднаш ќе појде. Се гледаше дека беше прилично внесен во раскажувањето, па повикот нелагодно го прими. Обраќајќи се на Архангел, рече:

- Морам да одам. Ме викаат. Ќе продолжиме подоцна.

- Но зошто...? - се обиде да каже нешто Архангел.

- Во меѓувреме погледнете ги материјалите во лап-топот. Имате извадоци од весниците од тие времиња. Можете да ги разгледате доколку Ве интересира. Ако Ви треба нешто повикајте го болничарот. - рече д-р Мегленски и излезе без да го слушне до крај прашањето од Архангел.

Неколку мига Архангел остана неподвижен. Силна возбуда му танцуваше на лицето. Потоа го отвори лап-топот и го вклучи. Отпрвин му требаа неколку минути за да се "потсети" како работи. Но, бргу се снајде. А и не му требаше којзнае колкаво знаење за да ги пребарува материјалите. Ја вклучи програмата и пред него

излегоа фајлови со хронолошки подредени написи. Најголемиот дел од нив беа од еден ист весник - извесен "Инфо Македонија", каков што немаше во негово време. Бидејќи беа во голем број, сфати дека не ќе може наеднаш да ги прочита сите. Затоа одлучи да ги чита оние наслови кои ќе му се сторат најинтересни. Најпрво му падна во очи датумот 13 јануари 2007 година. Нетрпеливо го отвори тој фајл и пред него се појави кратка вест, скенирана од некој весник чие име не беше наведено, која гласеше:

СООБРАЌАЈНА НЕСРЕЌА НА ПАТОТ ВЕЛЕС СКОПЈЕ. "*Вчера на патот помеѓу Штип и Скопје се случи тешка сообраќајна несреќа. Возилото 'рено' управувано од лицето Архангел Димитровски налета на сканија. Возачот на реното, кој се здоби со тешки телесни повреди, е хоспитализиран и се наоѓа во кома. На мес-тото на несреќата беа упатени претставници на МВР*".

На Архангел нагонски му потекоа солзи од очите. Додека ги бришеше, кликна на следниот напис од 15 јануари 2007 година. Пред него се појави насловот: "ПОВРЕДЕНИОТ И НАТАМУ ВО КОМА". Во написот пишуваше:

"*Лицето кое настрада во сообраќајната несреќа на патот Велес - Скопје по име Архангел Димитровски, се уште се наоѓа во кома, иако неговата општа состојба е оценета како стабилна. Полицијата утврдила дека самиот Архангел бил виновен за несреќата откако неговото возило, од засега непознати причини, се нашло на недозволената страна на патот*".

Солзите и натаму неконтролирано се слеваа по образите на Архангел, а тој се обидуваше да ги сопре бришејќи ги.

Откако малку се потсмири продолжи со читањето на фајловите од весниците. Отиде неколку години понапред од датумот на несреќата. Кликна на датумот 08.08. 2016 година. Таму го очекуваше напис под наслов: "СОСТОЈБАТА ВО ФРАНЦИЈА И НАТАМУ Е НАПНАТА", под која беше објавен следниот текст:

"*Состојбата во француските градови во кои пред три дена имаше масовни и насилни демонстрации на доселениците од исламските земји и натаму е напната. Францускиот министер за внатрешни работи Франсоа Жоспен изјави дека ќе бидат засилени полициските сили во овие градови. Во досегашните жестоки судири веќе загинаа тринаесет лица. Претставник на локалната власт во Марсеј изјави дека доколку полицијата не ги заштити Французите кои живеат во квартови со доминантно доселеничко население, тие ќе бидат принудени да се само-организираат. Истовремено претставник на муслиманската заедница повика на смирување на состојбата, но и додаде дека за сите настани највиновна е француската полиција, поради прекумерната употреба на сила против доселениците. Најмногу корист од ваквата состојба изгледа има француската десница собрана околу Националниот фронт, чиј углед драстично почна да расте по последните случу-вања. Оваа партија се залага за драконски мерки против доселениците и нивно протерување од Франција.*"

Потоа Архангел кликна на датумот 14.05.2017 година. Пред него се појави натписот со голем наслов "ПРОНАЈДЕНА НАФТА ВО ОВЧЕ ПОЛЕ" под кој ја прочита следната информација:

"Во Овче Поле се лоцирани огромни наоѓалишта нафта - ова го изјави Џон Ворен, портпарол на фирмата ОИЛ РЕСЕРЧ од САД на прес конференцијата што вчера беше организирана во седиштето на компанијата во Сиетл. Портпаролот Ворен изјави дека американските истражувачи со голема веројатност веруваат дака во регионот на Овче Поле и пошироко лежат над осумдесет билиони барели нафта, што е нешто помалку од целокупните нафтени резерви на Кувајт.

Американската компанија ОИЛ РЕСЕРЧ ги почна испитувањата во регионот на Овче Поле во октомври минатата година.

Претходно, уште за време на поранешна Југославија во овој регион испитувања вршеше фирма од Словенија, кои ненадејно беа прекинати.

Македонскиот премиер изјави дека оваа вест со големо задоволство е примена од целокупната македонска јавност.

По читањето на овој напис, Архангел го одбра датумот 15.10.2025 година, каде прочита напис под наслов "ПОБЕДА НА 'ПАТРИОТСКИТЕ СИЛИ' ВО РУСИЈА", под која пишуваше:

На вчерашните избори што се одржаа во руската Дума, најмногу гласови освои десно ориентираната Либерално-Демократска партија. Второто место му припадна на демократскот "Сојуз за Русија", а трето место освои

Комунистичката партија. ЛДП се залага за враќање на моќта на Русија и за повоздржан однос кон западните земји. Аналитичарите сметаат дека причини за победата на оваа партија, како и за високиот резултат на комунистите, се корпуцијата во досегашните демократски влади, како и нерешеното прашање со Чеченија, посебно по минатомесечните подметнати бомби во Москва од страна на чеченските терористи, во кои загинаа триесет и двајца граѓани.

На 24.12.2025 го прочита следниот напис:

ФОРМИРАНО ЗДРУЖЕНИЕ "МАКЕДОНИЈА ВО САД". *Вчера во универзалната сала во Скопје беше одржано основачко собрание на невладиното здружение "Македонија во САД". Пред околу 600 присутни, за претседател на здружението беше избран д-р Костадин Диневски. Во промотивниот говор тој изјави дека крајна цел на ова здружение е воспоставување конфедерација помеѓу Република Македонија и САД. Тој рече дека САД отсекогаш коректно се однесувале кон Македонија и притоа додаде дека идејата на ова движење имала свои поддржувачи и во САД. Тој објасни дека со тоа Македонија немало да ја загуби својата сувереност, туку само ќе влегла во сојуз со најмоќната држава во светот со што ќе бил обезбеден опстанокот на Македонија за сите времиња.*

Кога кликна на датумот 05.11.2026 година, пред Архангел блесна следниот напис:

ПОБЕДА НА ЕКСТРЕМНАТА ДЕСНИЦА ВО ГРЦИЈА. *Атина, 4 ноември. На вчерашните парламентарни избори во Грција убедлива победа однесе*

екстремно десната партија Лаикос. Таа освои 48% од гласовите. Се очекува нов премиер на Грција да биде лидерот на оваа партија Калојанис. За време на големата еуфорична прослава по повод победата што се одржа во Атина, Калојанис, изјави дека дојде времето на препород на Грција. Тој потенцираше дека ќе го врати 'сјајот на Елада, како колевка на цивилизацијата'. Партијата Лаикос последниве децении доживеа вистински подем. Пред две години, кон овааа партија се придружи отцепеното крило на Нова Демократија., а пред изборите кон неа пристапи и националистичката Патриотска алијанса на Грција. Некои аналитичари изразија загриженост поради свртувањето на Грција в десно.

Архангел се префрли на 2027 година, каде кликна на датумот 05.02.2027 година:

Вчера во официјална посета на нашата земја допатува Лесли Вајт, потпретседател на САД. Ова е негова прва официјална посета на Македонија. На потпретседателот Вајт му беше приреден официјален дочек на аеродромот 'Александар Велики'. Веднаш по пристиг-нувањето потпретседателот Вајт имаше средба со официјални лица од Македонија, меѓу кои премиерот Саздовски и министерот за надворешни работи Илиевски. Утре е закажана средба и со претседателот на Република Македонија Богдановски. На заедничката прес конференција одржана по средбата со нашите претставници, г-дин Вајт изјави дека пријателството помеѓу Македонија и САД е во цврст подем. Министерот повтори дека САД ја поддржуваат Македонија во

спорот со Грција, но дека оставаат двете држави сами да ги надминат проблемите. На новинарско прашање за неговиот став за етничкото потекло на денешните Македонци, потпретседателот Вајт изјави дека не се меша во историјата, но дека е горд што прв пат доаѓа во земјата на Александар Велики. Новинарот на 'То Вима' постави прашање дали знае дека Александар бил роден на тлото на денешна Грција, на што Вајт одговори дека од историјата знае дека Александар бил роден во Македонија.

Потоа кликна на 07.11.2027 година. Овде го виде насловот: ФРАНЦИЈА ДРАСТИЧНО СВРТУВА В ДЕСНО. Таму го прочита следиот текст:

По победата на Националниот фронт на Франција на изборите одржани во август оваа година, новиот француски премиер Дипре, најави неколку драстични мерки. Тој изјави дека набргу ќе биде донесен закон за доселеници, според кој се предвидува бркање од Франција на сите доселеници кои немаат живеено во оваа земја повеќе од 30 години, освен доколку не извадат посебна дозвола за работа и престој. Истовремено тој изјави дека Франција не може веќе да биде послушник на политиката на САД и дека отсега натаму ќе води своја автономна политика. Во врска со Европската унија, премиерот Дипре изјави дека Франција сака да остане во овој сојуз, но дека наскоро ќе го врати францускиот франак како свое платежно средство. Ова тој го оправда од економски причини.

Дипре дојде на власт откако неговиот Национален фронт на изборите оваа година освои неверојатни 45%, по што, со неколку помали партии, успеа да состави влада.

Архангел се подзамисли. Потоа го отвори фајлот од 16.03.2028 година. Таму го прочита следново: НЕУСПЕШЕН АТЕНТАТ ВРЗ КАЛОЈАНИС. *Атина, 16 март 2028 година. Денес во грчкиот град Волос беше извршен неуспешен атентат врз грчкиот премиер Калојанис. Атентаторот пукал врз него во моментот кога излегувал од својот автомобил, но само полесно го ранил во раката. Луѓето од обезбедувањето веднаш го совладале атентаторот, но тој се самоубил, голтајќи таблета што ја носел во устата. Полицијата не соопштува ништо за причините за атентатот, но во времето на атентатот, некои медиуми во Грција добиле соопштение од група која себеси се нарекувала "Слободни анархисти", која рекла дека стои зад овој атентат поради несогласувањето со "фашистичката политика" на грчкиот премиер. Атентаторот е идентификуван како извесен Сократес Манолис, кој бил приврзаник на радикални политички идеи. По атентатот, Калојанис веднаш е префелен во градската болница, каде по извршената хируршка интервенција, закрепнува. Сите политички партии во Грција веќе се јавија со соопштенија со осуда на овој атентат.*

Истата година, но овојпат на 28 март, пред очите на Архангел се појави крупниот наслов:

ВОВЕДЕНА ДИКТАТУРА ВО ГРЦИЈА. *Атина 6 април. 'Демократијата во Грција е мртва!' Ова*

го изјави лидерот на ПАСОК Адријанос на импровизираната прес-конференција, која веднаш по неговата изјава беше прекината од полицијата, а тој беше одведен во непознат правец, откако истиот ден, преку ТВ и радио-станици премиерот Калојанис прочита соопштение во кое објави дека во Грција привремено се забранува дејствувањето на сите политички партии, а уставот се суспендира. Калојанис додаде дека ваквиот чекор морало да биде превземен за да се стабилизира внатрешната состојба во Грција. Пред десетина дена врз него беше извршен обид за атентат, а провладините грчки медиуми за ова ги обвинија опозициските партии, кои наводно биле 'помогнати однадвор'. Како организатор некои дури ја посочија и ЦИА. Веднаш по изјавата на Калојанис, изјава даде и началникот на генералштабот на грчката армија генерал полковник Митропулос, кој рече дека војската целосно ги поддржува овие мерки додека не се обезбеди мир и стабилнист во државата. Амбасадорот на САД во Атина Шон Дувал изрази загриженост поради овие настани и повика да се зачува мирот во Грција. Членовите и симпатизерите на грчката десница веднаш излегоа на улиците во знак на поддршка на политиката на Калојанис. Со ова практично во Грција е востановена диктатура, слична на онаа од 1967 година. Умерениот грчки претседател Стилијанос, засега нема дадено официјална изјава, но аналтичарите сметаат дека тој целосно ќе биде изолиран како политичка личност доколку отворено се спротивстави на Калојанис.

Потоа следуваа наслови главно поврзани за внатрешната состојба во Грција. Нив реши да ги прескокне, па стигна до крајот на 2029 година. На 08.11.2029 го прочита следниот напис: СЕДУММИНА ЗАГИНАТИ НА ДЕМОНСТРАЦИИТЕ ВО ЖИРОКАСТРО. *Жирокастро, 7 октомври, Пет цивили и двајца полицајци загинаа во судирите што избија за време на жестоките демонстрации во Жирокастро, во јужниот дел на Албанија. Организатор на демонстрациите била грчката организација 'Хриси Авги', која барала воспоставување автономија на Грците во јужниот дел на Албанија, која тие ја нарекуваат 'Северен Епир'. На демонстраците учествувале околу петнаесет илјади луѓе. По мирниот почеток, наеднаш од толпата почнале да фрлаат камења и други предмети по полицијата. Дошло до судир при што полицијата употребила солзавец и гумени палки. Некои од демонстрантите одговориле со огнено оружје на што и полицијата возвратила. Повредени се неколку десетици лица. Во Жирокастро е воведен полициски час, а висок претставник на полицијата изјави дека состојбата е под контрола, иако е можно обновување на насилствата. Албанскиот премиер Вејсели ги оцени демонстрациите како непријателски кон Албанија и индиректно ја обвини Грција за вмешаност во нив. Организацијата 'Хриси Авги" делува илегално во Албанија и досега честопати нејзини претставници изјавуваа дека се залагаат за отцепување на јужниот дел од Албанија и припојување кон Грција. Тие велат дека овој дел отсекогаш бил грчки". Грчкиот диктатор Ка-*

лојанис веднаш се јави со осуда на прекумерната употреба на сила од страна на албанската полиција.

Продолжи со листањето на насловите, кои главно зборуваа за немирите во Албанија. Следниот напис што му предизвика интерес беше од 03.04.2030 година. Во него Архангел прочита: ГРЦИЈА И ТУРЦИЈА СЕ ДОГОВОРИЈА ЗА ПОДЕЛБА НА КИПАР. *Никозија 2 април. На состанокот што вчера се одржа во кипарскиот главен град Никозија на кој присуствуваа грчкиот диктатор Калојанис, турскиот премиер Ахметзоглу, лидерот на грчката заедница на Кипар Аверис и лидерот на турската заедница Османоглу, како и претставници на Русија, САД, Велика Британија, Германија и Кина, кои присуствуваа во својство на олеснувачи и гаранти за постигнатот договор, официјално е договорено Грција и Турција да го поделат Кипар. Притоа Грција ќе го анектира јужниот грчки дел, а Турција северниот дел од овој остров, кој досега егзистираше како непризната држава под името 'Турска Република Северен Кипар'. На ваквото историско решение претходеа долги преговори, како и референдум во обата дела на Кипар, чии жители во големо мнозинство се изјаснија за припојување кон своите матични држави. Извесен број приврзаници на независ-носта на Кипар демонстрираа пред зградата на, сега веќе поранешната, влада на Кипар, веејќи кипарски знамиња. Наспроти нив беа привр-заниците на припојувањето кон Грција со грчки знамиња. Полицијата успеа да спречи да не дојде до судир. За вечерва во Атина и во*

другите градови на Грција се закажани големи прослави по повод територијалното проширување на Грција. Популарноста на Калојанис се повеќе расте.

На 08.09.2030 година пред очите му излез следниот напис: ПОВИК ЗА ВРАЌАЊЕ НА ГРЦИТЕ ОД ДИЈАСПОРАТА. *Атина, 7 август. Грчкиот премиер Калојанис денес упати апел до грчките иселеници ширум светот масовно да почнат да се враќаат во Грција. Ова тој го изјави по средбите што ги одржа во Атина со водечките луѓе на грчките иселенички организации. Тој потенцираше дека Грците ќе се потребни на Грција, а не на државите во кои живеат. Најави даночни и други олеснувања за сите повратници. Претседателот на најголемата грчка иселеничка организиација "Пан-Хеленики" изјави дека неговата организација ќе почне кампања за враќање на Грците во Грција. И овојпат беше потенцирано дека враќање ќе им биде дозволено само на оне граѓани кои се изјаснувале како "Грци по род" и кои не учествувале во субверзивни дејства против Грција. Ваквите изјави предизвикаа загриженост кај припадниците на македонското, влашкото, албанското, турското и ромското малцинство во Грција, кои и без тоа се најдоа под голем притисок на грчкиот режим. Припадник на македонското малцинство, кој побара да остане анонимен, истакна дека Македонците размислуваат за самоорганизирање против притисоците од режимот кои се засилија по воведувањето на диктатурата на Калојанис. Слични изјави дадоа и претставниците на влашката и албанската заедница.*

На фајлот со датумот 03.08.2031 година, излезе следната содржина: ГРЧКИТЕ ГЕРИЛЦИ ГО ПРЕЗЕДОА ЖИРОКАСТРО. *Тирана, 2 август. Жирокастро повеќе не е во рацете на албанската држава. Од вчера поголема група грчки герилци ги освоија поважните институции во овој град. Сите врски со Жирокастро се во прекин, а избеганите граѓани од албанска националност сведочат дека во градот владеел вистински хаос. Нејасно е што се случува таму. Претседателот на Албанија Сејдиу изјави дека албанските полициски и воени сили привремено се повлекле од градот, но дека набргу истиот ќе биде вратен под контрола. Притоа тој ја обвини Грција за директно мешање во внатрешните работи на Албанија и најави дека ќе побара поддршка од Советот за безбедност. Лидерот на грчките востаници Димитриос изјави дека Жирокастро е првиот 'ослободен град' во "Епирос", како што тој го нарекува јужниот дел на Албанија. Силни полициски и воени сили на Албанија се групираат околу градот. Од почетокот на војната во јужниот дел на Албанија повеќе села се наоѓаат под контрола на грчите герилци, но ова е прв пат тие да освојат град. На герилците почнале да им се придружуваат се повеќе доброволци од Грција и од грчката дијаспора. Според некои извори Албанија се подготвува да прогласи општа мобилизација.*

На 22.07.2033 година ја прочита следната вест*:*

"Владите на исламските режими востановени во Саудиска Арабија и Кувајт

најавија обединување на двете земји во една држава под името Арапска Исламска Република. Саудискиот улема Керим, го најави ова обединување за следната година. Тој изјави дека на припадниците на саудиското кралско семејство, кои побегнаа во Египет, нема да им биде дозволено враќање во Саудиска Арабија. Овие изјави добија поддршка и од кувајтскиот улема Мохамед, кој воедно додаде дека нафтените резерви во Кувајт се исцрпуваат, поради што ќе биде редуцирана доставата на нафта на некои земји, мислејќи пред се на САД и на останатите западни држави. Портпаролот на кувајтското кралско семејство, чии припадници исто така побегнаа во Египет, изјави дека симнатиот кувајтски емир ќе го повика народот во Кувајт на соборување на исламистичкиот режим востановен минатата година.

На фајлот со датум 10.09.2033 пред очите на Архангел исплива следниот текст: ЗАГИНАА ДВАЈЦА АКТИВИСТИ НА МАКЕДОНСКОТО ДВИЖЕЊЕ. *Воден, 9 септември. Вчера вечер на патот помеѓу Воден и Лерин, во тешка соорбаќајна несреќа загинаа Митрос Анастасидис (32) и Вангелис Карајанис (34), двајца истакнати членови на македонското движење за човекови права, кое денес е забрането во Грција. Доцна навечер тие биле тргнати кон Воден. Пред тоа биле во Лерин каде присуствувале на собир по повод прославата на денот на независноста на Република Македонија, што тамошните Македонци самоиницијативно ја организирале. На возилото "фиат" во кое се наоѓале двајцата настрадани налетал камион и тоа на нивната страна на*

патот. Полицијата извршила увид на местото на настанот, а службите за медицинска помош констатирале смрт на обајцата. Камионот и возачот се во бекство. Претставник на Македонците во Грција изјави дека доколку полицијата не го открие возачот на камионот, тие ќе сметаат дека се работи за намерно убиство.

На 05.11.2033 година, прочита напис од кој му стана јасно што се случило во меѓувреме на Балканот:

ЕТНИЧКА ПОДЕЛБА НА БАЛКАНОТ. *На вчерашната средба одржана во Анкара, по тринеделните преговори, на кои учествуваа грчкиот диктатор Калојанис, албанскиот претседател Сејдиу, српскиот претседател Којадиновиќ, како и претставници на Грците од албанскиот дел на Епир и претставници на Албанците и Гораните од Косово, практично е договорена нова поделба на границите на Балканот. Според овој договор, Косово е поделено помеѓу Албанија и Србија, а за јужен Епир е договорено организирање референдум на грчкото население. Српскиот претседател изјави дека Србија може да биде задоволна, затоа што сепак припои дел од Косово кон својата територија, откако претходоно истото тоа се случи и со Република Српска. Останатиот поголем дел од Босна, како што е познато влезе во конфедерација со Хрватска. Со овој договор Албанија практично ќе го загуби јужен Епир (област јужно од Валона), затоа што јасно е каков ќе биде резултатот од најавениот референдум, но за возврат ќе го добие најголемиот дел од Косово. На оваа конференција беше донесена одлука населението*

од Гора исто така да се изјасни на референдум за својата судбина, т.е. дали сакаат да останат во границите на Албанија или да се припојат кон Македонија. Грчкиот диктатор Калојанис искажа задоволство затоа што и овојпат Грција ништо не загуби, а ќе го добие јужен Епир од Албанија. Во оваа област претходно Грците кренаа вооружен бунт, во кој имаше стотици жртви од обете страни. Албанија прогласи општа мобилизација, но не дојде до посериозна интервенција веројатно поради тајните преговори за ново прекројување на границите на Балканот кои се официјализираа на самитот во Анкара.

На 06.12.2033 го прочита следниот напис: ЗАЕДНО ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА. *Солун, 5 декември. На таен состанок одржан деновиве, активисти на македонското, турското, албанското, влашкото и ромскито движење за човекови права од северниот дел на Грција, постигнале договор за заедничко дејствување против "дискриминаторниот грчки режим", кој не ги признава нивните основни човекови права. До грчките медиуми било испратено соопштение во кое се бара Грција веднаш да дозволи слободно национално изјаснување и отворање училиштата на нивните мајчини јазици. Градоначалникот на Солун Папулис, коментирајќи ја оваа вест, изјави дека во Грција не постојат никакви национални малцинства и дека се работи за соопштение подготвено од "надворешни провокатори", кои сакале да "наштетат на големиот подем и процут што го доживува Грција".*

На 06.04.2034 прочита вест, која му предизвика насмевка на лицето:

ГОРАНИТЕ СЕ ИЗЈАСНИЈА ЗА ПРИПОЈУВАЊЕ КОН МАКЕДОНИЈА. *На вчерашниот референдум што беше организиран во сите горански села, мнозинството од излезените гласачи гласаа оваа област да се припои кон Република Македонија. Набљудувачите од ОБСЕ изјавија дека референдумот главно поминал во коректна атмосфера. Претставниците на блокот за останување на Гора во границите во Косово, најавија жалби поради бројни забележани неправилности за време на гласањето. Претседателот на блокот за припојување кон Македонија Маскут Џејмен, успехот на овој референдум го прогласи како "историски настан". Приврзаниците на неговото движење спонтано излегоа на прослава. Премиерот на Македонија Стојановски ги поздрави резултатите на референдумот и изјави дека сите граѓани на Гора, без оглед на нивната национална и верска определба, ќе бида прифатени како рамноправни граѓани на Македонија, како и дека ќе добијат своја локална автономија. Од излезните 83% од запишаните гласачи, "за" гласаа 56,3%. Премиерот на Албанија Вејсели изјави дека ќе ја почитува волјата на гораните, додека српскиот претседател Којадиновиќ изјави дека Косово отсекогаш било "српско". По прогласувањето на официјалните резултати се очекува посета на Маскут Џејмен на Скопје, каде ќе бидат договорени натамошните постапки околу техничката страна на процесот на присоединување на Гора кон Република Македонија.*

Потоа Архангел пак прескокна поголем број фајлови, кои не му се сторија многу интересни. Вниманието му го сврте насловот од 14 јануари 2035 година, кој го поткрена од место: ЕКСПЛОЗИЈА ВО СОЛУН. *Солун 13 јануари. Ноќеска пред зградата на префектурата Тесалоники, експлодира автомобил-бомба. Загинале тројца полицајци, а била направена и значителна материјална штета на околните автомобили и на прозорците на зградата на префектурата, како и на околните згради. Грчките електронски медиуми јавија дека добиле соопштение од некоја "Македонска Ослободителна Армија", која ја превзела одговорноста за овој напад. Претставник на грчката полиција изјави дека истрагата е во тек.*

На 21 јануари 2035 година, го прочита следниот редакциски коментар напишан од новинарот Галески:

КОЈ СТОИ ЗАД АТЕНТАТОТ ВО СОЛУН? *Автомобилот бомба што на 13 јануари експлодираше пред управната зграда на префектурата Тесалоники во Солун при што загинаа тројца полицајци, ја разбранува грчката јавност. Директните извршители засега не се откриени, поради што се остава простор за разни шпекулации. Организацијата "Македонска Ослободителна Армија", која ја превзеде одговорноста за овој напад, досега не е позната во регистерот на терористички организации. Некои аналитичари сметаат дека таква организација не постои и дека бомбата е подметната од некој друг со цел да бидат обвинети Македонците. И навистина деновиве сме сведоци на масовни апсења на*

Македонци во Грција. Некои од нив веднаш се ослободуваат, но тројца веќе пет дена се во притвор без никакво обвинување. Во меѓувреме во поголемите грчки и странски медиуми стигна ново соопштение од т.н. "Македонска Ослободителна Армија", во кое таа најавува борба за човекови права на Македонците во егејскиот дел на Македонија и цела Грција. Во соопштението, што во делови го пренесоа грчките медиуми, се истакнува дека делот од Македонија во кој тие живеат уште од 1913 година се наоѓа под грчка власт и дека Македонците за целото тоа време таму доживувале само страдања. Понатаму тие ултимативно го повикуваат грчкиот премиер Калојанис да ја напушти власта, во Грција да бидат организирани слободни демократски избори, да бидат признати Македонците и другите националности и да им бидат гарантирани сите човекови права, а Грција да се уреди како федеративна држава, во која егејскиот дел на Македонија ќе биде посебна федеративна единица под името 'Република Јужна Македонија", во која рамноправно ќе живеат сите народи. За реализирање на сето ова МОА поставила рок од една година. Доколку не се случело сето тоа, тие ќе повеле борба за осамостојување на јужниот дел на Македонија од Грција.

Самиот факт што ова соопштение беше во голем дел објавено во грчките медиуми (кои се строго контролирани од власта) предизвикува сомнеж дали и навистина се работи за некоја македонска организација или пак самиот грчки режим измислува таква за да продолжи со прогонот на Македонците. Како и да е, ова

соопштение во Грција предизвика низа реакции. Самиот премиер Калојанис побрза да ги обвини Република Македонија и САД дека стојат зад терористичкиот напад во Солун, а тоа го направија и други политичари и медиуми.

На ова веднаш реплицираше македонскиот премиер Стојановски, кој категорично ги отфрли обвинувањата на Калојанис. Стојановски го осуди терористичкиот напад во Солун и изјави дека Република Македонија не само што нема врска со тој настан, туку и се залага за добрососедство со Грција и покрај сите опструкции што оттаму доаѓаат.

И портпаролот на Белата куќа г-дин Бејкер, ги нарече "несериозни" обвинувањата на Калојанис за вмешаноста на САД во овој атентат. "Тоа е внатрешен проблем на Грција", рече тој и додаде дека "САД го осудуваат тој напад."

Во написот од 16 април Архангел прочита: БОМБАШКИ НАПАДИ ВО СЕВЕРНА ГРЦИЈА. *Солун 15 април. Вчера во доцните полноќни часови во неколку градови на Северна Грција речиси истовремено експлодираа подметнати бомби. Бомбите експлодираа во: Лерин, Кукуш, Воден, Драма, Серез, Кожани и Гервена. Бомбите биле поставени во близина на полициските станици. Притоа, во Кожани загинале еден полицаец и двајца случајни минувачи. Денес овие градови се речиси целосно под полициска блокада. Одговорноста и за овој напад ја презеде "Македонската Ослободителна Армија", која и во јануари изврши бомбашки напад во Солун. Во соопштението што го пренесоа грчките електронски*

медиуми МОА ставила до знаење дека овие бомби биле одмазда за апсењата на Македонците што во последно време се случуваат во Грција.

На 19.04.2035, пред очите на Архангел се појави текстот: ДЕМОНСТРАЦИИ ВО ГРЦИЈА. *Солун 18 април. По повод неодамнешните бомбашки напади во северниот дел на Грција, во кои имаше три жртви, денес во овие градови беа одржани големи демонстрации на кои беше побарано апсење и најстрого казнување на извршителите и инспираторите на овие напади. Говорниците неколку пати ги обвинија САД и Република Македонија дека стојат зад нападите. Во Воден и Лерин беа запалени американски знамиња. Организатори на овие демонстрации беа провладината националистичка организација "Мегали Елада", која е една од ретките на кои им е дозволено легално дејствување во Грција. Практично демонстрациите добија целосна поддршка и од режимот. Во Воден, Лерин и Кукуш биле каменувани дуќани и куќи на сопственици Македонци. Притоа демонстрантите извикувале погрдни пароли дека тоа биле 'предавници на грчкиот род".*

Амбасадорот на Република Македонија во Атина, Спасовски, уште еднаш енергично ги демантира обвинувањата упатени на адреса на Република Македонија за наводна вмешаност во атентатите. Вакви деманти стигнаа и од американската амбасада.

На 25.04.2035 година Архангел се соочи со следниот напис: ГОЛЕМИ ДЕМОНСТРАЦИИ ПРЕД АМЕРИКАНСКАТА АМБАСАДА ВО АТИНА *Атина 24 април. На вчерашните големи демонстрации пред*

американската амбасада во Атина, малку фалеше да дојде до инцидент кога толпата тргна кон зградата на амбасадата, но беше спречена од полицијата. Разгневените демонстранти палеа американски знамиња и носеа транспаренти со анти-американска содржина. Говорниците од движењето "Мегали Елада", кое има директна поддршка од грчката влада, повторно ги обвинија САД дека стојат зад бомбашките напади во северна Грција. Како 'доказ' за тоа еден од говорниците го посочи известувањето на Си-Ен-Ен за овие настани, кое било преполно со 'лаги' против Грција за сметка на некакви непостоечки 'Македонци'. Американскиот амбасадор во Атина еден ден пред демонстрациите заминал на консултации во Вашингтон.

Потоа Архангел ја одбра следната вест:

ГРЦИЈА КУПУВА ПРОТИВ-АВИОНСКИ СИСТЕМ ОД РУСИЈА *Москва 28 јули. Грција ќе купи најсовремен против-авионски систем од Русија. Ова вчера во Москва го изјави грчкиот министер за одбрана Микојанис. Тој потенцира дека зделката веќе е склучена и дека во текот на следната година овој систем ќе биде инсталиран во Грција. На прашањето од новинарите Микојанис изјави дека Грција го купува овој систем исклучиво поради одбранбени цели. Тој рече дека Грција и натаму ќе продолжи со својата мирољубива политика кон соседите и покрај провокациите што доаѓаат од некои од нив.*

На 20.08.2035 година се појави веста: УБИЕНИ ПЕТМИНА АМЕРИКАНСКИ ТУРИСТИ НА КРИТ. *Атина 19 август. Петмина Американци на возраст од 18 до 22 години, се убиени на Крит од група*

хулгани. Момчињата престојувале на Крит во својство на туристи. Биле нападнати и без причина претепани до смрт од поголема група грчки момчиња со потекло од Македонија, кои исто така престојувале таму како туристи. Американските момчиња биле удирани со палки и биле избодени со ножеви, по што починале на самото место. Дваесет и пет напаѓачи се уапсени и против нив е поведена кривична постапка. Ова не е прв напад врз американски туристи во Грција, но прв пат се случува таквите напади да завршат трагично. Грчката влада изрази жалење поради овој инцидент и вети дека престапниците ќе бидат казнети, додека од Стејт департментот е упатена остра протестна нота до Грција. Истовремено Стејт департментот ги повика американските граѓани да не патуваат во Грција доколку немаат потреба за тоа.

На 25.02.2036 година Архангел наиде на напис, што дефинитвно му го качи адреналинот. Со крупни букви на насловната страница, прочита: ВООРУЖЕН СУДИР ВО СЕЛОТО ФУШТАНИ. *Солун 24 февруари. Од вчера селото Фуштани не е веќе под контрола на грчката држава. Група од стотина вооружени герилци, од насока од планината Кожуф упаднале во селото, по што дошло до кратка престрелка со неколкуте полицајци кои таму се наоѓале и кои побегнале кон Соботско. Недолго потоа селото во паника го напуштиле и стотина негови жители. Од полициската станица во Соботско веднаш било упатено засилување, но по престрелката со герилците, полициската единица завзела позиции*

на излезот од селото во очекување нови засилувања. Не е познат идентитетот на герилците, ниту пак нивните цели, иако постојат одредени шпекулации. Владата на премиерот Калојанис за вечерва закажа итна седница. Висок полициски функционер изјави дека состојбата е под контрола и дека набргу престапниците ќе бидат казнети. Тој додаде дека досега полицијата не интервенирала соодветно заради големиот број цивили кои останале во селото и кои герилците ги држеле како заложници.

Веќе во веста од следниот ден (26.02.2036 година) претходната вест доби свое дополнување:

"МАКЕДОНСКАТА ОСЛОБОДИТЕЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА" ГО ЗАВЗЕЛА СЕЛОТО ФУШТАНИ. *Солун 25 февруари. Состојбата во селото Фуштани и натаму е конфузна. Герилците се уште се наоѓаат во селото, а на излезните патишта се трупаат силни полициски сили. Се претпоставува дека во Фуштани престојуваат околу стотина добро вооружени герилци, кои таму се забарикадирани. Непознат е и бројот на цивили што се останати. Состојбата е мошне напната. Герилците се огласија со соопштение до грчките и светски медиуми во кое велат дека тие се припадници на "Македонската Ослободителна Армија". Во телефонски разговор за приватната грчка ТВ станица "Алфа", еден од герилците, кој себеси се претстави како "војвода Андоновски" изјави дека МОА пред една година доставила ултиматум до грчкиот "диктатор" Калојанис да ја напушти власта и во Грција да се организираат слободни*

и демократски избори, како и да се признаат националните права на сите народи кои живеат во оваа држава. Тој истакна дека рокот истекол, дека против етничките Македонци и припадниците на другите малцинства, наместо подобрување на состојбата, бил организиран уште поголем прогон. Поради тоа, на Македонците не им останувало друго, освен да се фатат за оружје за остварување на своите национални права. Тој рекол и дека крајна цел на МОА е конфедеративно уредување на Грција преку создавање на "Република Јужна Македонија", во која рамноправно ќе живеат и Грците и Македонците и припадниците на сите народи. Андоновски рекол дека неговата организација нема никаква помош однадвор и дека е автохтона организација во која членуваат граѓани на Република Грција, но дека секоја помош однадвор ќе им биде добредојдена.

Грчкиот премиер Калојанис за националната телевизија изјави дека нападот дошол ненадејно и затоа полицајците морале да се повлечат, но дека издал потребни наредби овие "терористи" бргу да бидат совладани. Овојпат Калојанис се воздржа од директни обвинувања против САД и Република Македонија, истакнувајќи дека набргу се ќе се расчистело и дознало.

Грчките медиуми постојано објавуваат сведоштва на избеганите цивили од Фуштани, кои велат дека герилците оделе од куќа на куќа, и ги повикувале селаните да го напуштат селото затоа што таму се очекуваат борби. "Тие коректно се однесуваа со нас, но изгледаа

страшно. Во црни униформи и вооружени до заби. Лицата им беа сурови", изјави еден селанец, кој побегнал од селото. Но, мнозина не успеале да избегаат, туку останале да си ги чуваат домовите. Ова аналитичарите го сметаат како најголем проблем за дејствувањето на грчките вооружени сили. Се смета дека во моментов се прави план за напад врз Фуштани.

Премиерот на Република Македонија Стојановски изјави дека Македонија будно ги следи случувањата. Тој истакна дека Македонија е против секаков вид насилство, но притоа додаде и дека таму каде не се почитуваат основните човекови права, можно е да се случуваат вакви ситуации.

Освојувањето на Фуштани денес е топ тема во многу медиуми во светот.

Архангел побрза да го види исходот од овие настани, па притисна на написот од 28.02.2036, каде прочита: ЧЕТВОРИЦА ГРЧКИ ПОЛИЦАЈЦИ ЗАГИНАА ВО СУДИРИТЕ. *Солун, 27 февруари. Четворица грчки полицајци загинаа и уште дваесетина се ранети за време на судирите со македонските герилци околу селото Фуштани. Тројца загинале кога нивниот џип налетал на поставена мина на еден од споредните патишта кон селото. Еден загинал од снајперски оган од позиции во селото кон планината Кожуф. По ова полициските сили дејствувале кон селото, а во борбата биле упатени и два хеликоптери, кои бргу се повлекле откако врз нив било дејствувано со рачен ракетен фрлач. Приватните грчки ТВ станици речиси во живо ги пренесуваа воените дејства на својата полиција. Пред*

Фуштани веќе е стационирана специјалната полициска единица од Солун, која се очекува да влезе во селото. Не е познато дали меѓу герилците и цивилите има жртви, затоа што сите врски со селото се прекинати, со исклучок на мобилните телефони, на кои цивилите не одговараат, па се претпоставува дека им се одземени од страна на герилците.

Потоа Архангел буквално ги голташе следните написи:

СЕЛОТО ФУШТАНИ ПОВТОРНО ПОД ГРЧКА КОНТРОЛА? *Солун 4 март 2036 година. По жестоките бомбардирања што од вчера почнаа врз селото Фуштани, грчките специјалци извршија пешадиски напад со хеликоптерска поддршка. Притоа, македонските герилци се повлекле во планината, а грчката полиција го завзела селото. Претставник на грчкото Министерство за внатрешни работи изјави дека "терористичката група била ликвидирана, а по оние кои избегале потерата се уште траела." Тој изјави дека не е сигурен дали и колку тела на загинатите бунтовници се пронајдени, но рече дека специјалната единица имала четворица загинати и седуммина ранети. Грчкиот премиер Калојанис јавно им честита на припадниците на специјалната единица за големата победа. Тој изјави дека ќе биде спроведена темелна истрага и дека сите инспиратори и помагачи на "терористите" ќе бидат откриени и најстрого казнети.*

Нејасно е што точно се случува во Фуштани. Влегувањето на новинари во селото е забрането, а на главниот контролен пункт на патот кон селото, веќе почнаа да се собираат

оние селани, кои побегнаа оттаму кога почнаа судирите.

СЕДУМНАЕСЕТ МАКЕДОНСКИ ЦИВИЛИ УБИЕНИ ВО БОМБАРДИРАЊАТА. *Солун 6 март* 2036 година. *Седумнаесет жители на Фуштани загинале за време на бомбардирањето на грчката полиција на ова село. Меѓу загинатите имало жени, деца и постари луѓе. Загинувањето на една жена со своето мало дете, чија куќа била погодена со проектил, било снимено од страна на герилците во селото. Потресните снимки во кои тешко ранетото дете на македонски јазик ја повикува својата мртва мајка и потоа умира, вчера го обиколија светот. Неколкупати беа емитувани и на Си-Ен-Ен, како и на другите големи американски ТВ мрежи. Министерот за внатрешни работи на Грција Јоанис Каравангелис вчера на прес-конференцијата одржана по повод настаните во Фуштани изрази жалење за овој настан и кажа дека ќе биде спроведена внатрешна истрага. На прашањето на новинарот на германската АРД на кој јазик зборувало ранетото дете во претсмртната агонија, Каравангелис изјави дека тоа не го забележал. Во врска со загинатите терористи, тој потврди дека во селото не било пронајдено ниту едно тело, но дека според крвавите траги, било јасно дека неколкумина од нив биле убиени, а нивните тела, најверојатно биле однесени. Тој рече дека се уште интензивно се трага по терористичката група, а најави и темелна истрага за нивните помагачи внатре во земјата и во странство, без да прецизира на кои странски субјекти тоа се однесува.*

ДЕМОНСТРАЦИИ ПРЕД ГРЧКАТА АМБАСАДА ВО КАНБЕРА *Канбера 13 март 2036 година Големи демонстрации на Македонците вчера беа организирани пред грчката амбасада во Канбера. На демонстрациите присуствуваа околу седум илјади луѓе, кои гневно извикуваа пароли против политиката на Грција. Малку фалеше да дојде до судир со австралиската полиција, кога дел од насобраната маса се обидоа да го пробијат полицскиот кордон и да влезат во амбасадата. Македонските организации во Австралија веќе почнаа акција за собирање помош за борците на Македонската Осободителна Армија, а во тек е и пријавување на доброволци за борба во нивните редови. Слични демонстрации веќе се закажани и пред претставнштвата на Грција во Канада, САД, Германија и Швајцарија.*

ОСУДА НА ГРЧКАТА АКЦИЈА ВО САД. *Вашингтон 14 март 2036 година. Педесет и тројца американски конгресмени членови на Републиканската и на Демократската партија, денес потпишаа резолуција во која искажуват јавна осуда за однесувањето на грчката полиција за време на судирот во Фуштани, кога беа убиени седумнаесетмина цивили, главно жени и деца. Во резолуцијата се истакнува дека таквото однесување на полицијата е недозволиво и дека Грција мора да води сметка вакви инциденти да не се повторуваат. Осуда на грчките дејства искажаа и неколкумина сенатори и гувернери. Деновиве се очекува и официјално соопштение на Стет Департментот, кое судејќи според досегашните најави, ќе биде во истот тон.*

ДЕМОНСТРАЦИИ ВО СКОПЈЕ. *16 март* 2036 година. *Вчера пред амбасадата на Република Грција во Скопје се одржаа протестни демонстрации. Организатори се здруженијата на граѓани чии предци се со потекло од егејскиот дел на Македонија. Најголемите политички партии во Македонија ги повикаа своите членови да не учествуваат во овие демонстрации, иако нивните лидери јавно го осудија однесувањето на грчката полиција во Фуштани. Демонстрациите поминаа мирно. Од пред десетина дена, полициското обезбедување пред грчката амбасада во Скопје е засилено.*

ОСУДА И ОД ГРЧКИТЕ ИНТЕЛЕКТУАЛЦИ *Атина 16 март 2036 година. Група грчки интелектуалци потпишаа заедничко соопштение во кое ја осудуваат акцијата на грчката полиција во селото Фуштани, која била "изведена несоодветно за условите" и која нанела "голема штета на угледот на Грција пред светот". За ова тие ја обвинуваат диктатурата на Калојанис.*

ПОТРАГАТА ПО БУНТОВНИЦИТЕ И НАТАМУ ТРАЕ. *Солун 17 март 2036 година. Грчката полиција се подготвува да превземе поголема офанзива во пограничниот појас со Република Македонија заради откривање на засолништата на бунтовниците од Македонската Ослободителна Армија. Дел од полициските резервисти во северниот дел на Грција се мобилизирани, а повикана е и моторизирана единица од Атина. Истовремено, нашите извори од македонската заедница, ни потврдија дека грчката полиција продолжува со приведувањата на осомничени*

граѓани од македонска националност. Досега се приведени или повикани на разговор неколку стотици луѓе од повеќе градови и села. Жителите на Гевгелија, кои имаат свои имоти во пограничната област, изјавуваат дека од зад границата честопати се слушаат истрели од лесни и тешки оружја од правец кон планината Пајак.

МАКЕДОНСКАТА ОСЛОБОДИТЕЛНА АРМИЈА НАВЛЕЗЕ ВО ТРИ СЕЛА! *Солун 18 март 2036 година. Борци на Македонската Ослободителна Армија извршиле напад врз селата Арменско, Трсје и Горна Статиста во близината на Лерин. Нападот бил извршен ноќе од насока на планината Вич. Поголемиот дел на жителите од овие села утредента ги напуштиле своите домови со дел од покуќнината. Полициските единици стационирани во овие села, се повлекле по кратката престрелка. Веднаш било испратено засилување од полициската станица во Лерин, но колоната полицајци наишла на заседа, по што напредувањето било прекинато. Нема податоци за жртви во овие судири, но сигурно дека има загинати и ранети. Во моментов состојбата е мирна и мошне напната. Уште од рано изутрина министерот за внатрешни работи Каравангелис се наоѓа во Лерин, но досега нема негова официјална изјава. Не е познат бројот на борците на МОА, но се претпоставува дека се работи за поголема група од неколку стотици. Грчката власт го прекина доводот на струја и вода во селата под контрола на бунтовниците, кои досега се немаат огласено со соопштение. Се претпоставува дека тие веќе се добро заба-*

рикадирани по куќите и ги контролираат пристапите.

ПОЧНА БОМБАРДИРАЊЕТО НА ЛЕРИНСКИТЕ СЕЛА. *Солун 20 март 2036 година. Денес грчките вооружени сили почнаа жестоко бомбардирање на селата Арменско, Трсје и Горна Статиста, кои од пред два дена се во рацете на македонските бунтовници. Во акцијата се вклучени борбени хеликоптери и тешка артилерија. Во борбите официјално се вклучија и единици на грчката армија. Една оклопна единица од гарнизонот во Солун дејствува кон селото Арменско. Засега бунтовниците само повремено одговараат на огнот, но се смета дека тие се добро вкопани и дека имаат воспоставено коридор меѓу трите села. Поради тоа се очекува грчките сили да се обидат да ја пресечат комуникацијата помеѓу Арменско и Трсје, но поради непогодната конфигурација на теренот, тоа може да биде проблем. Селаните што од пред неколку дена ги напуштија овие села, главно не сакаат да зборуваат пред новинари, но од нив може да се дознае дека бунтовниците биле неколку стотици и сите носеле црни униформи. Од ТВ снимките направени од далеку, некои од нив можеа да се забележат по улиците на селата. На неколку куќи се истакнати црвени знамиња, најверојатно идентични на некогашното државно знаме на Република Македонија со шеснаесетзрачното сонце.*

Уште вчера грчкиот премиер Калојанис најави акција која требало да биде координирана помеѓу војската и полицијата.

Вчера исто така за прв пат по неколкудневен молк се огласи и претставник на Македонската Ослободителна Армија, извесен Ангеловски, кој себеси се претстави како "воено аташе на МОА за САД". За ТВ мрежата Си-Ен-Ен тој изјави дека МОА почнала борба за "ослободување на јужниот егејски дел на Македонија". Тој истакна дека тие не се никакви националисти затоа што во своите редови имаат припадници и на другите обесправени народи во егејскиот дел на Македонија. Ангеловски рече дека МОА има и свое политичко крило, кое ќе почне да дејствува по завршувањето на воените операции.

БОМБИ ВО СОЛУН, КУКУШ И ВОДЕН. *Солун 22 март 2036 година. Денес во близина на полициските станици во Солун, Кукуш и Воден експлодираа подметнати бомби. Одговорноста за ова ја превзеде МОА. Во Воден загинал еден случан минувач, додека во Кукуш тројца полицајци биле потешко повредени и истите веднаш се хоспитализирани. Во Солун при експлозијата загинале петмина граѓани, додека осум биле повредени. Истрагата е во тек. Претставник на полицијата изјави дека имаат одредени сознанија за идентитетот на напаѓачите.*

УАПСЕНИ ТРОЈЦА ОСОМНИЧЕНИ ВО СОЛУН. *Солун 24 март 2036 година. Три лица се уапсени во Солун под обвинение дека ја подметнале бомбата што завчера експлодираше пред полициската станица. Засега нивниот идентитет не се соопштува, но двајца биле државјани на Грција, а едниот на Австралија. Претставник на грчката полиција изјави дека интензивно се*

трага по нивните соработници. Доколку се докаже дека тројцата се вмешани во бомбашкиот напад, можат да бидат осудени и на смрт според специјалниот воен закон против тероризам што минатата недела експресно беше востановен во Грција.

ПОКАЖАНИ ТЕЛАТА НА ПЕТНАЕСЕТ УБИЕНИ ПРИПАДНИЦИ НА МОА *Солун 27 март 2036 година. По жестоките борби во селото Горна Статиста, припадниците на специјалната единица на грчката армија успеале да влезат во селото. Според првичните информации тие целосно завладеале со селото, додека герилците на МОА се повлекле кон планината Вич. Меѓутоа, очевидци велат дека и натаму се слушаат истрели од селото. Во борбите загинале шест грчки специјалци, и најмалку петнаесет припадници на МОА, чии тела беа прикажани пред грчките новинари. Нивниот идентитет засега не е соопштен. Не е соопштено ниту дали и колку имало загинати и ранети цивили.*

УБИЕН НАЧАЛНИКОТ НА ПОЛИЦИЈАТА ВО НЕВЕСКА. *Солун 10 април 2036 година. Рано изутрина пред својот дом убиен е началникот на полициската станица во Невеска Михалис Пангалос. Бил погоден со еден истрел од снајпер непосредно пред да влезе во својот автомобил. Одговорноста за атентатот ја превзеде МОА. Полицијата ги блокира сите приоди кон градот и врши претрес по автомобилите и домовите.*

ПРОДОЛЖУВА БОМБАРДИРАЊЕТО НА АРМЕНСКО И ТРСЈЕ. *Солун 14 април 2036 година Грчката артилерија и денес ги бомбардираше селата Ар-*

менско и Трсје кои се уште се под контрола на Македонската Ослободителна Армија. Нема податоци за жртви меѓу бунтовниците и цивилите кои таму останаа. Селата подолго време се без струја и вода. Се очекува бомбардирањето да продолжи и во текот на ноќта.

Следниот напис, за миг му го прекина "филмот" што му вртеше во главата додека читаше за овие возбудливи настани. Го отвори фајлот од 05.05.2036 година:

АРХАНГЕЛ ДИМИТРОВСКИ И НАТАМУ ВО КОМА. *Најпознатиот пациент во Република Македонија Архангел Димитровски од Штип, кој во далечната 2007 година падна во кома по сообраќајната несреќа што ја имаше, е во стабилна состојба. Ова го изјави директорот на Воената болница во Скопје д-р Ѓоргиев, кој притоа истакна дека пациентот постојано е под строг надзор при што се користат најсовремени третмани за одржување на неговата општа здравствена состојба, а пред се на температурата на мозокот. Сопругата на Архангел изјави дека таа и натаму постојано се моли за здравјето на својот сопруг. За случајот со Архангел Димитровски интерес покажаа светски познатите лекари д-р Џонс од САД и д-р Јусупов од Русија, кои веќе го посетија пациентот при што дадоа свое мислење околу неговата клиничка состојба. Архангел Димитровски веќе дваесет и девет години се наоѓа во кома.*

Архангел за миг се замисли, но веднаш потоа продолжи со отворањето на фајловите, понекогаш прескокнувајќи по неколку, нетрпелив што побргу да види што се случувало натаму.

"НИЕ СМЕ БОРЦИ ЗА СЛОБОДА И ДЕМОКРАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА" *Вашингтон 10 мај 2036 година. Во вчерашното кратко интервју што за ТВ мрежата АБЦ го даде лидерот на МОА Андоновски, истакна дека неговата организација не е терористичка, туку се залага за воведување демократија во егејскиот дел на Македонија. На прашањето од новинарот која е нивна крајна цел, тој одговори дека тоа е создавање на "Република Јужна Македонија", во која сите народи рамноправно ќе живеат. Тој не одговори директно дали нивна крајна цел е отцепување на Македонија од Грција, туку рече дека за тоа ќе одлучел самиот народ. На обвинувањата дека неговите борци убивале цивили во селата што се под нивна контрола, Андоновски одговори дека тоа не биле цивили, туку уфрлени грчки агенти, но дека ако имало убиства на цивили, тоа биле поединечни инциденти, за кои во МОА ќе била спроведена внатрешна истрага и виновниците ќе биле казнети, без да прецизира како и на кој начин. Андоновски изјави дека седум села веќе се наоѓаат под контрола на МОА. Тој енергично демантираше дека примаат помош од САД и од Република Македонија, но истовремено призна дека примаат донации од поединци и други македонски организирани субјекти од странство. Андоновски истакна дека МОА има над десет илјади добро вооружени борци, кои се добро позиционирани во и околу градовите и селата на Македонија и дека набргу грчката армија ќе се најде на колена. Во продолжение коментаторот на АБЦ додаде дека, иако овие бројки се претерани, аналитичарите сметаат дека можеби*

МОА нема повеќе од две илјади свои членови под оружје, опремени за герилска борба.

УАПСЕНИ ТРОЈЦА ШВЕРЦЕРИ НА ОРУЖЈЕ *Битола 29 мај 2036 година. Во пограничкиот реон во близина на Битола на планината Баба, полицијата ноќеска уапси три лица (двајца од Скопје и еден од Битола) кои се обидувале преку грчката граница илегално да пренесат оружје со помош на магариња. Во интерес на истрагата други детаљи засега не се соопштуваат. Нема податоци ни за каков вид оружје станува збор, како ниту дали овој настан е поврзан со вооружените дејства во северниот дел на Грција.*

ПРЕМИЕРОТ СТОЈАНОВСКИ ГИ ОСУДИ НАСИЛСТВАТА ВО ГРЦИЈА. *2 јуни 2036 година. Премиерот на Република Македонија Никола Стојановски вчера за време на посетата на Пехчево, изјави дека владата на Република Македонија ги осудува насилствата во Грција, што се спроведуваат како од страна на грчките сили, така и од страна на МОА. Тој повика на прекин на огнот и отпочнување преговори. За фатените тројца шверцери со оружје во близина на Битола, Стојановски изјави дека се уште нема информации дали тие биле поврзани со настаните во северниот дел на Грција или пак биле само обични криминалци, но дека МВР и натаму енергично ќе се спротивставува на секаков обид за какво било вмешување на Република Македонија во овие настани.*

МОА СЕ ЗАКАНУВА СО НОВИ НАПАДИ. *10 јуни 2036 година. Претставник на Македонската Ослободителна Армија (МОА) за агенцијата Асошиај-*

тед прес изјави дека грчката армија и полиција се немоќни во борбата против неговата организација и дека набргу МОА ќе изврши напади низ целиот регион на егејсиот дел на Македонија. Тој ги обвини грчките вооружени сили дека спроведуваат геноцид врз Македонците и дека десетици Македонци се депортирани по грчките затвори без никаква причина. Оваа изјава дојде само еден ден по инцидентите во Костур, Невеска, Воден, Клисура, Серез и Бер, кога во одделни инциденти беше отворен оган врз тамошните владини полициски станици и пунктови. Припадниците на МОА и натаму држат неколку села под своја контрола. СЕЛОТО ТРСЈЕ ПОВТОРНО ВО РАЦЕТЕ НА ГРЧКИТЕ СИЛИ. *Солун 10 јуни 2036 година. Од вчера грчката армија повторно владее со селото Трсје, кое беше во рацете на МОА уште од средината на март оваа година. Од селото беа извлечени истоштените цивили кои таму престојуваа за целото време на борбите. Некои од нив, од грчка националност, пред ТВ камерите изјавија дека во селото се случувал "страотен терор" од страна на припадниците на МОА. Уште првите денови биле ликвидирани осум селани под обвинение дека се тајни соработници на грчката полиција. Македонците од ова село главно молчат и не даваат јавни изјави. Полковник Димитриос, кој раководеше со акцијата за влегување во селото, изјави дека селото е под контрола и дека загубите во редовите на грчката армија се петмина загинати и триесет и двајца ранети, од кои седуммина потешко. Тој*

изјави дека во борбите биле убиени над педесет припадници на МОА.

Архангел продолжи да ги чита насловите на фајловите. Навистина беа многу, а него читањето полека почна да го заморува и покрај силната возбуда што ја чувствуваше. Написите беа стотици на број подредени според датуми на наслови, па тој одлучи да ги чита само оние, чии наслови му изгледаа "ударни". Така стигна до датумот 22 јануари 2037 година.

МАСОВЕН ВООРУЖЕН НАПАД ВРЗ ЛЕРИН *Лерин 21 јануари 2037 година. Неколку стотици борци на МОА извршија масовен напад врз градот Лерин. Во тек се жестоки борби во овој град. Биле нападнати касарната и полицијата. Прво рано изутрина биле извршени атентати врз командантот на касарната генерал Микојанис и врз началникот на полицијата Калерис, кои биле застрелани пред своите домови пред да појдат на работа. Веднаш потоа уследил општиот напад. Во градот владее вистински хаос. Силни воени засилувања се упатени од соседните градови. Бунтовниците веќе држат под контрола дел од периферијата на градот. Голем број цивили ги напуштија своите домови. Не се знае бројот на загинатите и ранетите, но од снимката што вчера ја емитуваа грчките медиуми, се гледа дека има загинати на обете страни.*

Архангел скокна неколку вести потаму. Пред очи му излезе следната вест:

ЗАКАНИ ОД КАЛОЈАНИС ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА *Атина 5 февруари 2037 година. На вчерашниот голем "Митинг за поддршка на влада-та", одржан пред околу 200.000 граѓани во*

Атина грчкиот премиер и диктатор Калојанис отворено и се закани на Република Македонија со бомбардирање доколку не престанела да им дава поддршка на бунтовниците. Притоа тој изјави: "Доколку БЈРМ не престане да ги поддржува терористите на грчка територија, грчката армија ќе биде принудена да изврши контролиран воен напад врз оваа држава". Тој ги пофали грчките вооружени сили за успешното "ослободување" на Лерин, чија периферија краткотрајно беше во рацете на македонските бунтовници. Ниту овојпат не испушти да ги обвини САД како "главни спонзори на тероризмот" во светот. Калојанис најави дипломатска офанзива на Грција пред ООН за осуда на тероризмот насочен од страна на БЈРМ и САД против "слободата на Грција", која им пречела на САД, затоа што "Грција веќе не сакала да биде нивни привезок, туку решила да тргне по сопствен пат". Ова е досега најострата закана на грчката влада против Македонија.

МАКЕДОНИЈА ЌЕ СЕ БРАНИ АКО БИДЕ НАПАДНАТА. *Скопје, 6 февруари 2037 година. Премиерот на Република Македонија Стојановски, одговарајќи на вчерашните закани од страна на грчкот диктатор Калојанис против Република Македонија изјави дека се надева оти се работи само за избрзана констатација подгреана од еуфоричната атмосфера на митингот. Тој рече дека грчкиот амбасадор во Скопје е повикан во МНР каде се очекува да му биде врачена протестна нота. Стојановски го повика Калојанис на директни разговори и притоа потсети дека Република Македонија ниту поддр-*

жувала, ниту поддржува тероризам, без разлика од која страна доаѓа. Тој повторно повика на прекин на огнот во Грција и отпочнување преговори. На новинарско прашање, премиерот додаде дека ако Република Македонија биде нападната од кого и да било, владата и претседателот ќе постапат во склад со Уставот за одбрана на државата.

УАПСЕНИ ЧЕТВОРИЦА ПРИПАДНИЦИ НА МОА. *Лерин, 7 февруари 2037 година. Денес на сите грчки медиуми беа прикажани снимки од четворица заробени припадници на МОА. За двајца од нив беше речено дека биле граѓани на Грција, но другите двајца биле државјани на Република Македонија. Едниот од нив се претстави себеси како Раде Миловановски и изјави дека бил уфрлен од Република Македонија, заедно со уште петмина заради извршување диверзантски акции во Грција. Идентитетот на вториот се уште не е откриен, освен што се знаело дека и тој бил државјанин на РМ. Грчките медиуми коментираат дека тоа е најголем доказ за вмешаноста на "БЈРМ" во судирите во Грција. Спомнатиот Миловановски и навистина е државјанин на Република Македонија. Нашите извори потврдија дека тој порано бил вработен како офицер во АРМ, но ја напуштил службата пред шест месеци. Во МНР ја потврдија веста дека двајца наши државјани се уапсени во Грција во униформи на МОА. Во МВР изјавија дека ќе спроведат итна истрага за да ги утврдат детаљите за ова.*

ГРЦИЈА ГИ ПРЕКИНА ДИПЛОМАТСКИТЕ ОДНОСИ СО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА *Атина 11 февруари 2037*

година. Грчката влада денес донесе одлука за прекин на дипломатските односи со Република Македонија. Ова го изјави лично премиерот Калојанис на прес-конференцијата одржана во зградата на грчката влада. На македонскиот амбасадор во Атина Спасовски му е наложено веднаш да ја напушти Грција, заедно со останатите членови на амбасадата, освен дел од техничкиот персонал. Истовремено на грчкиот амбасадор во Скопје му е наложено да ја напушти Македонија. Причина за ваквот драматичен гест на Грција е неодамнешното апсење на двајца поранешни офицери на АРМ во близина на Лерин, кои наводно се подоготвувале да извршат диверзантски акции. Нашата влада енергично ги отфрли обвинувањата на Грција под изговор дека тоа биле поранешни офицери кои таму доброволно заминале, како и дека македонската влада не може да биде одговорна за приватниот живот на своите граѓани. Наспроти ова, еден од уапсените офицери, извесен Миловановски во грчката полиција признал дека наводно тајно бил обучуван од македонски и американски експерти за подготвување терористички акции против Грција. Загриженост од ваквиот потег на Грција искажа и американскиот амбасадор во Атина, кој ја повика грчката влада на воздржаност додека не се расветли случајот со офицерите. Во владата на Република Македонија не ја кријат вознемиреноста поради ваквиот тек на настаните. Се очекува денес обраќање на премиерот Стојановски. Од сигурни извори дознаваме дека за вечерва е закажан и состанок на Советот за безбедност на РМ.

НОВИ "ДОКАЗИ" ЗА ВМЕШАНОСТА НА АРМ ВО ВОЈНАТА ВО ГРЦИЈА! *Атина 25 февруари 2037 година. Денес сите грчки медиуми објавија видео снимки, наводно снимени на полигонот Криволак и во касарната во Битола на кои се гледаат американски инструктори како ги обучуваат некои од уапсените членови на МОА. Наводно овие снимки биле запленети кај еден од заробените припадници на МОА. Грчките медиуми пренесуваат изјави од грчките политичари, кои изјавуваат дека ова било најголем доказ за вмешаноста на РМ и САД во настаните во Грција. Во нашата влада одбија да ги коменти-раат овие снимки додека не ги добијат потреб-ните детаљи. Министерот за одбрана Лазаровски изјави дека набргу ќе излезе со официјална изјава. Од свои извори дознаваме дека снимките биле автентични, но нејасно е да ли се работи за вме-шаност на Министерството за одбрана или за поединечни иницијативи.*

Архангел речиси го проголта написот од следниот ден.

МОЖНА ВОЈНА СО ГРЦИЈА? *Скопје 26 февру-ари 2037 година. Министерот за одбрана на РМ Бошко Лазаровски денес изјави дека е "изненаден" од содржината на снимките прикажани на грчките телевизии. Тој изјави дека Министерството за одбрана не е вмешано во овие активности и дека наредил темелна истрага. Командантот на касарната во Битола генерал Мојсилов, веќе бил повикан на информативен разговор, а уште неколку високи офицери биле приведени поради сослушување. На прашањето дали ќе поднесе оставка поради овој*

скандал, Лазаровски изјави дека во секое време може да го стори тоа, но дека поважно е да се открие кој работел зад грбот на Министерството за одбрана на штета на целата држава.

Ваквото заострување на односите меѓу Македонија и Грција е најголемо досега во историјата на овие држави уште од осамостојувањето на Македонија во 1991 година. Аналитичарите не исклучуваат ни воен судир. Наспроти смирувачките тонови и најави за енергични мерки од страна на македонската влада, дознаваме дека степенот на безбедност во касарните е подигнат на највисоко ниво.

ГРЧКАТА АВИЈАЦИЈА ЈА БОМБАРДИРА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА! *3 март 2037 година. Денес околу 05 часот наутро седум грчки борбени авиони извршија напад против Република Македонија. Прво е бомбардирана касарната "Стив Наумов" во Битола, каде загинаа деветмина македонски војници. Македонската против-воздушна одбрана не успеала да реагира. Во битолската касарна три проектили паднале на пистата, два проектили го погодиле магацинот за оружје, по што дошло до експлозија. Овде загинале деветминатa војници. Уште два проектила паднале до оградата на касарната. Истите авиони подоцна го бомбардирале и полигонот во Криволак. Врз бараките биле истрелани десет проектили. Таму нема загинати, а полесно е ранет еден офицер. Непосредно по бомбардирањето премиерот на Македонија Стојановски изјави дека е шокиран од овој варварски напад на грчката авијација. Тој рече дека нивото на борбеност во РМ е подигнато на највисоко ниво.*

Истовремено најави дипломатска офанзива против Грција. Од генералштабот на грчката армија е потврдено дека од воениот аеродром во Араксос во близината на Лариса, седум борбени авиони бомбардери од типот А-9 Корсар превзеле "ограничени борбени дејства против цели во БЈРМ" и дека сите авиони успешно се вратиле во базата. Портпаролот на грчката влада изјави дека оваа акција е извршена во знак на преду-предување до "БЈРМ" за провокациите што оваа држава веќе подолго време ги превземала против Грција.

Архангел посака да види што се случувало подоцна, откако веќе реакциите на овој настан биле заокружени, па затоа на 13 март 2037 година, го отвори следниот напис:

СОВЕТОТ НА БЕЗБЕДНОСТ НЕМА ОСТРО ДА ЈА ОСУДИ ГРЦИЈА? *13 март 2037. Франција и Русија рекоа дека ќе ја блокираат резолуцијата со осуда за бомбардирањето врз Република Македонија од страна на Грција, поднесена од САД. Претставниците на овие две земји, во одделни искази, најавија дека не се согласу-ваат со содржината на текстот на осудата и дека таа треба да биде променета. Тие бараат во оваа резолуција да не биде стриктно осудена Грција, како што побараа САД, туку да се повика на смирување на тензијата меѓу двете држави. Во спротивно се заканија со блокирање на ваквата резолуција. Амбасадорот на Македо-нија во ООН Џевџет Љума, искажа разочараност поради ваквиот став на Русија и Франција, додека грчкиот амбасадор Сократес побара со посебна резолуција да се осуди Република*

Македонија за потткнување на тероризмот во Грција.

НОВИ ГРЧКИ ПРОВОКАЦИИ *15 март 2037 година. Два грчки борбени авиона денес седум пати го повредија воздушниот простор на Република Македонија, навлегувајќи неколку километри во близина на Гевгелија. Жителите од околните села велат дека бучавата била силна и дека авионите летале мошне ниско. Страв и неизвесност владеат во Гевгелија, посебно среде граѓаните кои живеат во близина на воените постројки. Прелетите на авионите се поврзуваат со борбените дејства што се одвиваат од другата страна на границата помеѓу грчките вооружени сили и МОА, чии борци минатата недела извршија напад во реонот на селото Љумница. Преку границата повремено се слушаат пукотници од лесни и тешки оружја.*

САД ОСТРО ЈА ОСУДИЈА ГРЦИЈА *17 март 2037 година. САД целосно стојат зад Македонија во спорот со Грција. Ова го изјави американскиот претседател Малколм Донован за време на итната посета на САД на македонскиот претседател Гоцевски. Потенцирајќи го "големото пријателство" меѓу САД и Македонија, претседателот Донован употреби мошне остар речник во осудата на Грција, неколкупати нарекувајќи го "диктатор" грчкиот премиер Калојанис.*

РЕФЕРЕНДУМОТ ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА 23 АПРИЛ. *20 март 2037 година. Претседателот на невладиното движење "Македонија во САД" д-р Костадин Диневски на денешната прес-конференција изјави дека е договорено референдумот на кој граѓаните ќе се изјаснат дали сакаат стапување*

на Македонија во конфедерација со САД, ќе се одржи в недела на 23 април оваа година. Лидерите на најголемите партии во Македонија се изјаснија дека ќе ја поддржат оваа иницијатива и дека набргу ќе почнат кампања за позитивно изјаснување на референдумот.

МАКЕДОНИЈА ПОТОРНО ЌЕ СТАНЕЛА "СВЕТСКА ВЕЛЕСИЛА". *Прилеп 28 март 2037 година. На вчерашниот голем митинг по повод претстојниот референдум за влегување на Република Македонија во конфедерација со САД претседателот на Движењето "Македонија во САД" д-р Костадин Диневски потенцираше дека со позитивниот исход на референдумот Македонија засекогаш ќе ја зацврсти својата безбедност. Тој изјави дека за оваа идеја има поддршка и во САД. На митингот зборуваше и американскиот конгресмен Вајт, кој го истакна историското пријателство помеѓу Македонија и САД, посебно во заедничката борба за демократија и против диктатура. Тој рече дека, Македонија порано била најмоќна држава во светот и дека со позитивниот исход на референдумот, Македонија, преку ноќ, во извесна форма, повторно ќе станела светска велесила, како составен дел од најмоќната држава во светот. На митингот, кој беше поддржан од поголемите партии во Прилеп, учествуваа над петнаесет илјади граѓани.*

УБИЕНИ ГРЧКИ ВОЈНИЦИ БЛИЗУ СЕЛОТО ТРЕСИНО. *1 април 2037 година. Тројца грчки војници се убиени на планината Нице околу селото Тресино. Војниците биле припадници на патрола која упаднала во заседа организирана од борците на МОА. Портпаролот на грчкото*

Министерство за одбрана изјави дека во тек е операција од пошироки размери во овој регион за наоѓање и казнување на "терористите", како што ги нарекуваат во Грција борците на МОА. Откако грчките сили за безбедност со помош на армијата ги повратија селата околу Лерин, практично борците на МОА веќе не држат под контрола ниту едно населено место, но се смета дека имаат бази во планините.

МАКЕДОНСКАТА НАФТА ПАТУВА ЗА САД. *Драч 5 април 2037 година. Танкерите со македонска нафта што треба да заминат за САД веќе се натоварени и подготвени за поаѓање. Транспортот на македонската нафта за САД засега се одвива без проблеми, посебно откако американската влада го финансираше градењето на пругата од Велес до пристаништето Драч.*

ДВИЖЕЊЕ ПРОТИВ РЕФЕРЕНДУМОТ *Гостивар 7 април 2037 година. Неколку помали здруженија и партии, предводени од Комунистичката партија на Македонија денес на заеднички состанок во Гостивар усвоија заедничка изјава во која ги повикаа гласачите да гласаат "против" на претстојниот референдум на кој граѓаните на Македонија треба да одлучат дали се за влегување на Република Македонија во конфедерација со САД. Претседателот на оваа партија Бранислав Гојковиќ изјави дека македонските комунисти се залагаат за задржување на суверенитетот на Македонија, која во случај на позитивен исход на референдумот, ќе станела "американска колонија".*

САД ЌЕ СЕ ПРОИЗНЕСАТ ВО СКЛАД СО РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РЕФЕРЕНДУМОТ. *Вашингтон 22*

април 2037 година. Пред утрешниот референдум во Македонија портпаролот на Белата Куќа Џон Блекмор на редовното обраќање пред медиумите изјави дека владата на САД со интерес ја следи состојбата со референдумот во Македонија, но дека е рано да се произнесе за тоа. "Доколку референдумот успее, Конгресот на САД треба да одлучи за натамошните чекори во смисла дали ќе се прифати идејата за конфедерација помеѓу САД и Македонија", изјави Блекмор.

РЕФЕРЕНДУМОТ УСПЕА! *24 април 2037 година. Претседателот на Државната референдумска комисија судијата Ристо Тошевски доцна синоќа на прес-конференција соопшти дека референдумот на кој граѓаните се изјаснуваа за идејата за влегување на Република Македонија во конфедерација со САД, успеа. На референдумот излегле 67,8% од запишаните избирачи. Од сите нив, 83,3% гласале "за", додека 16% гласале "против". Неважечки биле 0,7% од ливчињата. Движењето против референдумот, приложило приговори за текот на гласањето на неколку гласачки места, чие разгледување е во тек, иако практично тие не можат да влијаат врз крајниот резултат. Уште по добивањето на првичните неофицијални резултати на улиците на главниот град и другите градови на Македонија дојде до спонтано собирање на граѓани при што се славеше до доцните вечерни часови со македонски и американски знамиња.*

НАПАДНАТИ ГРЧКИ БАНКИ ВО ГЕРМАНИЈА! *Берлин, 23 Април, 2037 година. Ноќеска група од непознат број маскирани и добро вооружени лица, извршија напад врз грчките банки во*

Диселдорф и Берлин, соопшти националната германска ТВ станица АРД. Во престрелките со обезбедувањето во Берлин загинале тројца чувари и двајца грчки државјани кои во мигот се затекнале во банката. Нема податоци за евентуалните жртви во нападот во Диселдорф, а нема податоци ни за висината на одземените средства од овие банки. Со сигурност се знае дека напаѓачите побегнале во непознат правец. Министерот за внатрешни работи на Германија Волф Херман рече дека истрагата е во тек и засега нема да дава изјави околу овие настани. Во редакцијата на весникот "Шпигл" стигнало соопштение од организацијата "Македонски лавови", која ја превзела одговорноста за овие напади. Во соопштението било наведено дека овие напади биле одмазда за бомбардирањето на Македонија и истите имале за цел ослабнување на финансиската моќ на Грција по углед на некогашните "солунски атентатори". Амбасадата на Република Грција во Берлин потврди дека двајца државјани на Грција загинале при нападот во Берлин и не ја исклучи можноста дека зад овој напад стојат "докажаните непријатели на Грција". Коментаторот на АРД наведува дека организацијата "Македонски лавови" ја предводел извесен Ристо Поповски од Диселдорф, кој од пред извесно време живеел на непозната локација.

УБИЕН МАКЕДОНСКИОТ КОНЗУЛ ВО ПЕРТ! *Перт 26 април 2037 година. Ноќеска пред својот дом е застрелан македонскиот конзул во Перт Александар Доневски. Напаѓачите од возило во движење испукале неколку рафали кон конзулот*

кој бил во придружба на свој пријател, кој е полесно ранет. Веднаш била повикана брза помош, но по патот конзулот им подлегнал на раните. Владата на Република Македонија најостро го осуди овој терористички акт. Досега непозната грчка организација "Александрос Мегалос" ја превзеде одговорноста за овој напад како одмазда за нападите во Германија. Минситерот за надворешни работи на Австралија Џеф Хоуп најави целосна истрага и расветлување на случајот.

ГРЧКИ БОРБЕНИ АВИОНИ ПОВТОРНО НАД МАКЕДОНИЈА *Битола 27 април 2037 година. Три грчки борбени авиони од типот Ф5 Е Фантом 3 најверојатно полетани од воениот аеродром Андравида, денес навлегоа десетина километри во воздушниот простор на Македони-ја во реонот над Битола. Силното брмчење поради нискиот лет, предизвика паника среде граѓаните и многумина од нив го напуштија градот. Градоначалникот на Битола Марковски, повика на смиреност. Премиерот Стојановски свика итен состанок на Советот за безбедност на РМ.*

ПРЕМИЕРА НА ФИЛМОТ ЗА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ. *Њујорк 29 април 2037 година. Денес во Њујорк се одржа свечена промоција на филмот "Александар Велики од Македонија" на познатиот американски режисер Џон Стујарт. Уште сега владее огромен интерес во САД за овој филм, за кој се потрошени околу триста милиони долари. Пред премиерата режисерот Стјуарт изјави дека филмот го посветува на "малиот, но некогаш многу славен пријател на САД, денешната Македонија". Пред салата каде што се одржуваше*

промоцијата протестираа околу две илјади Грци поради тоа што во филмот наводно биле "искривени историските податоци, затоа што Александар и античките Македонци биле прикажани како посебен народ, а не како Грци". Под силно полициско обезбедување, протестот помина мирно. Како што е познато, покрај американските ѕвезди Мајкл Шелдон и Моника Белучи, во филмот глумат и македонските актери Ангел Костов и Раде Соколаров, кои исто така присуствуваа на премиерата.

СПОТ ЗА МАКЕДОНИЈА НА НАЈГОЛЕМИТЕ АМЕРИКАНСКИ ТВ МРЕЖИ. *Вашингтон 4 мај 2037 година. На сите најголеми американски ТВ мрежи од денес во ударните термини пред вестите се емитува краткиот спот посветен за Македонија. Спотот е наменет за поширокатa американска јавност, но и за конгресмените по повод претстојното гласање во американскиот конгрес за предлогот на група конгресмени за стапување на Република Македонија во конфедеративен однос со САД. Финансирањето на спотот е од Американско-Македонското лоби за пријателство, невладина организација, која се залага за што поитно практично реализирање на предложената конфедерација. Грчката организација "Пан-Македоники" најави протести по повод прикажувањето на овој спот, поради тоа што во еден инсерт се појавува и картата на етничка Македонија пред поделбата во 1913 година.*

САД ЈА ПОВИКАА ГРЦИЈА ДА ГИ ПОЧИТУВА НАЦИОНАЛНИТЕ ПРАВА НА МАКЕДОНЦИТЕ И НА ДРУГИТЕ НАРОДИ *Лос Анџелес 7 мај. 2037 година. За време на посетата на Калифорнија, американскиот*

претседател Малколм Донован повторно го нарече грчкиот премиер Калојанис "диктатор" кој "ја укина демократијата во Грција и превзема практчни дејства за национално угнетување и физичко малтретирање на припадниците на народите кои живеат во областа наречена Македонија". Притоа претседателот Донован јавно ја повика Грција да ги "признае националните права на Македонците и на припадниците на другите народи во Грција". Тој изјави дека МОА водат "оправдана борба за остварување на основните човекови и национални права". Ова е досега најострата осуда на САД кон Грција во однос на македонското прашање. Се уште нема реакции од грчка страна.

АМЕРИКАНСКИОТ КОНГРЕС ГЛАСАШЕ "ЗА"! *Њујорк 27 мај 2037 година. САД го прифати предлогот за воспоставување конфедерација со Република Македонија поднесен од група конгресмени. Ова е накратко исходот од вчерашното гласање во американскиот конгрес. Од вкупно 435 членови на Репрезентативниот Дом, 269 се изјаснија за прифаќање на овој предлог, 159 гласаа "против", а 7 беа воздржани. Веднаш по пребројувањето на гласовите, спикерот на конгресот Лорен Краг ги прочита резултатите, по што следуваше спонтан аплауз. Се смета дека "за" гласале претежно конгресмените од Републиканската партија, додека демократите биле поделени. Претседателот на Република Македонија Гоцевски веднаш оствари разговор со претседателот Донован, при што си честитаа еден на друг. Според американскиот устав следува уште формално потпишување на овој акт*

од страна на претседателот Донован, кое треба да се случи во најскоро време. За вечерва во Скопје е закажан митинг во чест на овој историски настан. Свечената церемонија за прием на Македонија во САД како конфедеративен член е закажана за следниот месец. Се очекува на неа да присуствува политичкиот врв на Македонија и на САД. Во поголемиот дел од американската јавност владее задоволство, а економските аналитичари сметаат дека на ваков начин САД се обезбедени со дефицитарната нафта уште за неколку децении. Противниците на конфедерацијата потсетуваа дека САД можат, поради нестабилниот регион околу Македонија, повторно да бидат вовлечени во несакани судири и да решаваат "туѓи проблеми". Сепак, се чини дека победи "нафтениот аргумент".

ГРЦИЈА НЕ МЕНУВА НИШТО ВО ПОЛИТИКАТА КОН МАКЕДОНИЈА. *Лерин 29 мај 2037 година. За време на посетата на Лерин, која се одржа под силно полициско обезбедување, грчкиот диктатор Калојанис пред присутните новинари изјави дека ништо нема да се промени во политиката на Грција кон "БЈРМ" и покрај тоа што оваа држава ќе влезе во конфедерација со САД. "Ние и натаму успешно ќе го браниме нашиот суверенитет и доколку оваа држава продолжи со поддршката на терористите, ние ќе дејствуваме како и досега", изјави тој. Калојанис во Лерин дојде за да им даде поддршка на вооружените сили кои овде се концентрирани во голема мера поради борбите што се уште траат на планината Вич.*

ИЛЈАДА МАРИНЦИ СТИГНАА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. *Скопје 18 јуни 2037 година. Првите илјада маринци денес со специјални воени авиони се истоварија на аеродромот "Александар Велики". На војниците им беше приреден срдечен дочек на кој зборуваше претседателот на Република Македонија Гоцевски. Маринците ќе бидат распоредени во касарните во Битола, Штип, Скопје, Куманово и Тетово. Со ова почна практичното реализирање на воспоставувањето на конфедеративни односи помеѓу Македонија и САД во полето на заедничката одбрана. Договорено е до крајот на годинава во Македонија да стигнат уште три илјади маринци.*

ПАРОЛИ СО НАВРЕДЛИВА АНТИ-АМЕРИКАНСКА СОДРЖИНА *Куманово 20 јуни 2037 година. Центарот на Куманово изутринава осамна со излепени плакати со навредлива анти-американска содржина. На плакатите (кои се во форма на летоци) има погрдни зборови и пораки против САД. Истите веднаш се отстранети, а полицијата навести истрага поради несоодветните места на кои биле излепени.*

ФАТЕНИ АВТОРИТЕ НА ПЛАКАТИТЕ СО АНТИ-АМЕРИКАНСКА СОДРЖИНА. *Куманово 22 јуни 2037 година. Три лица се приведени под сомнение дека извршиле кривично дело навреда против пријателска држава, кога ноќта помеѓу 19 и 20 јуни, во центарот на градот излепиле плакати со навредива содржина против САД. Двајца од осомничените се малолетници, додека третиот е на возраст од 25 години со иницијали Т.А. Сите тројца веднаш го признале делото. Т.А. признал дека пред две недели бил во посета на Србија,*

каде од некој Грк му биле понудени пари за извршување на дејноста за која е осомничен. Истрагата продолжува, по што ќе се види дали осомниченият ќе заработи прекршочна или кривична пријава.

ФРАНЦИЈА И РУСИЈА ДАВААТ ПОДДРШКА НА ГРЦИЈА *Москва 24 јуни 2037 година. За време на посетата на Русија претседателот на Франција Жоспен изјави дека ако САД планираат да ја нападнат Грција Франција ќе и помогне на оваа држава со најмодерно оружје. Слична изјава даде и рускиот претседател Бабурин, кој рече дека било "опасно за Европа" ширењето на американското влијание на Балканот.*

Откако во Франција и во Русија победи десницата, односите меѓу овие држави се чини никогаш не биле подобри. Ова е веќе трета средба меѓу двајцата претседатели во последниве две години. Што се однесува до Грција некои западни медиуми веќе јавија за неодамнешното купување на современи анти-ракетни и против-авионски системи од Русија и Франција, кои тајно, во делови, биле префрлени со товарни бродови од пристаништето во Марсеј .

НАТО ПОВИКУВА НА МИР ВО РЕГИОНОТ. *Брисел 29 јуни 2037 година. Генералниот секретар на НАТО алијансата Виктор Козловски изјави дека НАТО будно ја следи состојбата на Балканот. Тој потенцира дека алијансата се залага за мирно решение на тамошните проблеми. Оваа изјава нема влијание врз состојбите затоа што по напуштањето на НАТО од страна на Грција и Франција и по промените во уставот на оваа воена организација, денес НАТО ни од далеку ја*

нема улогата што ја имал порано. Денес западноевропските земји, на чело со Германија, главно водат самостојна политика, иако формално и натаму членуваат во НАТО. Како верни сојузници на политиката на САД во НАТО останаа само Велика Британија и некои источно-европски држави.

БОРЦИТЕ НА МОА НАЈАВИЈА ЛЕТНА ОФАНЗИВА. *4 јули 2037 година. На официјалната интернет страница на МОА денес се појави соопштение потпишано од командантот Андоновски, во кое оваа организација најавува голема летна офанзива против грчките сили. Во соопштението се наведува дека припадниците на албанскиот и влашкиот народ во егејскиот дел на Македонија веќе создале свои вооружени единици, кои ќе дејствуваат заедно со МОА се до постигнувањето на конечната цел - автономија на јужна Македонија и воспоставување демократски систем во кој рамноправно ќе живеат сите народи. Во соопштението се повикуваат и граѓаните од грчка националност да се придружат во нивната праведна борба.*

МИНИСТЕРОТ ЗА ОДБРАНА И НАЧАЛНИКОТ НА ГЕНЕРАЛШТАБОТ ВО ПОСЕТА НА САД. *Вашингтон 7 јули 2037 година. Минситерот за одбрана на РМ Лазаровски заедно со началникот на Генералштабот генерал полковник Ивановски денес заминаа во официјална посета на САД. По воспоставувањето конфедеративни односи меѓу двете земји, меѓусебните посети на политичарите зачестија поради реализација на договорените мерки за практична имплементација на конфедерацијата. Министерот Лазаровски и*

генерал Ивановски, ќе бидат примени во Пентагон од секретарот за одбрана на САД и од други високи личности. Се очекува, нашиве претставници, меѓу другото, да побараат што побрзо инсталирање на американските противавионски системи на македонско-грчката граница.

НОВА ОФАНИЗАВА НА МОА? *Лерин 18 јули 2037 година. Борците на МОА денес извршија напади врз пунктовите со грчките воени и полициски сили на неколку места низ егејскиот дел на Македонија. Нападите главно биле извршни од насока на околните планини. Биле забележани судири во близина на неколку леринси села. Грчките вооружени сили возвратиле на огнот, а дејствувала и авијацијата. Портпаролот на грчката армија изјави дека во борбите загинале околу педесет бунтовници. Нема податоци за жртви и повредени на грчка страна.*

Во продолжение Архангел, веќе прилично подизморен, продолжи да бира написи, прескокнувајќи по неколку датуми.

КАЛОЈАНИС ЈА ПРЕДУПРЕДУВА МАКЕДОНИЈА. *Кукуш 26 јули 2037. По повод засилените дејства на МОА и разгорувањето на војната во егејскиот дел на Македонија, денес грчкиот диктатор Калојанис за време на посетата на Кукуш изјави: "Имаме цврсти докази дека зад новите дејства на терористите стојат директно БЈРМ и нејзиниот ментор САД". Во продолжение тој се закани дека Грција соодветно ќе одговори на овие провокации затоа што во*

прашање е нејзината чест и територијален интегритет.

ДЕМАНТ ОД МАКЕДОНСКИОТ ПРЕМИЕР *Вевчани 27 јули 2037 Новиот македонски премиер Викторовски, денес во Вевчани ги демантираше вчерашните изјави на грчкиот диктатор Калојанис. Викторовски изјави дека Република Македонија секогаш повикувала на мирно решение на проблемот во Грција. Гувернерот на Тексас Џон Вотсон, кој е во посета на Македонија во друштво на Викторовски, потсети дека ако Грција има намера пак да ја нападне Македонија, тоа може да доведе до многу комликувана состојба поради фактот што САД имаат одредени одбранбени обврски кон својот конфедеративен партнер.*

УБИЕНИ ДВАЈЦА МАКЕДОНСКИ И ТРОЈЦА АМЕРИКАНСКИ ВОЈНИЦИ *Гевгелија 10 август 2037 година. Двајца македонски и тројца американски војници се убиени во престрелката со грчка воена единица што се случи денес изутринава во близина на пограничната караула близу Гевгелија. Имињата на војниците се: Алексо Ралевски и Бесим Мојца, а на маринците: Колин Ворен, Берт Брезовски и Робин Стендал. Според кажувањата на преживеаните војници од судирот, маринците биле во посета на пограничната караула, при што тргнале во обиколка на стражарските места. Тогаш налетале на заседа од грчки војници, кои без предупредување отвориле оган. Сето тоа се случувало на територијата на Република Македонија. Нашите и американските војници возвратиле на оганот, но за петминатa погодени веќе било доцна. По*

престрелката, која траела околу дваесетина минути, грчките војници се повлекле на нивна територија. Од грчка страна веднаш стигна демант на оваа информација и според портпаролот на Грчкото министерство за одбрана, во близина на караулата грчката армија водела борби со припадниците на МОА. Наводно нашата единица, во придружба на Американците, влегла околу сто метри во грчка територија и затоа врз нив бил отворен оган. При повлекувањето нашиве ги однеле и телата за загинатите со себе. Претседателот на Република Македонија Гоцевски за вечерва свика итна седница на Советот за безбедност, на кој се очекува да присуствува и военото аташе на САД. Секретарот за одбрана на Белата Куќа Питерс остро го осуди убиството на американските маринци и најави разгледување на соодветен одговор. Министерот за одбрана на Република Македонија Лазаровски изјави дека е згрозен од убиството на нашите и пријателските американски војници и најави итна истрага за овој случај. Тој енергично демантираше дека војниците се наоѓале на грчка територија, иако не ја исклучи можноста од претходни судири помеѓу грчките сили и МОА во тој крај.

ГРЧКИОТ ДИКТАТОР ОДБИ ДА СЕ ИЗВИНИ НА САД. *Атина 11 август 2037 година. Веднаш по итниот состанок што се одржа во Атина на грчкиот Совет за одбрана, диктаторот Калојанис изјави дека одбива да се извини на САД за убиството на тројцата маринци поради тоа што тие биле ликвидирани на грчка територија, каде што, според неговите зборови, "свесно навлегле*

со цел да им помагаат на терористите". Тој додаде дека грчките војници дејствувале според прописите.

АМЕРИКАНСКИТЕ НОСАЧИ НА АВИОНИ ТРГНАА КОН ЈОНСКОТО МОРЕ *Пентагон 12 август 2037 година. Два дена по убиството на тројцата маринци на македонско-грчката граница, американските носачи на авиони "Вашингтон","Калифорнија", Алабама" и "Кастер" кои дејствуваат во рамките на Шестата флота, добија наредба да впловат во водите на Јонско Море. Состојбата е мошне напната. Аналитичарите сметаат дека се работи за акт на притисок врз Грција и дека натамошниот тек на настаните е неизвесен.*

Архангел прескокна неколку информации, кои (според насловите) се однесуваа на дипломатски активности на Македонија, САД и Грција во врска со инцидентот, па веднаш помина на следниот напис, кој го измами со својата сензационалност:

БОМБАРДИРАНА КАСАРНАТА ВО СОЛУН. *15 август 2037 година. Дваесет и осум американски борбени авиони од типот фантом минатата ноќ извршија бомбардирање на главната касарна во Солун. Грчките медиуми рано изутрина јавија за овој напад. Според првичните извештаи загинале осум грчки војници, додека триесетина биле ранети. Грчката против-воздушна одбрана дејствувала при што биле погодени четири авиони. Три од нив паднале на грчка територија, а четвртиот стигнал до македонскиот воздушен простор, каде се урнал во близина на Валандово. Македонскиот премиер Викторовски рано изут-*

ринава изјави дека Република Македонија дала дозвола за дејствување на американските бомбардери од наша територија затоа што тоа бил единствен начин да се спречат воените дејства на Грција против нашата држава. Претставник на Пентагон потврди дека дваесет и осум американски авиони од типот фантом дејствувале врз цели во Грција, но дека четири од нив биле онеспособени. За двата рече дека биле погодени од грчката против-воздушна одбрана, а другите два се урнале поради "технички причини".

СТРАВ И ЕУФОРИЈА ВО ГРЦИЈА. *Атина 16 август 2037 година. Мешани чувства на страв поради можната војна со САД и еуфорија поради соборувањето на американскаите авиони владеат денес среде грчката јавност. Диктаторот Калојанис уште вчера еуфорично изјави дека Грција има оружје со кое може да и одржи лекција на САД. Притоа тој ги спомна и "традиционалните грчки пријатели Франција и Русија", чии влади вчера остро го осудија нападот на американскатие авиони врз касарната во Солун. Грчките медиуми вчера јавија дека биле соборени седум американски авиони, додека денес е прецизирано дека се работи за четири. Во подрачните единици на Министерството за одбрана на Грција денес почна масовно пријавување на доброволци за "војна против американскиот терор". Сите единици на Грчката армија се ставени во состојба на целосна готовност. Генерал-полковник Спирос изјави дека Грција жестоко ќе возврати на вчерашниот "подмолен напад".*

ВО МАКЕДОНИЈА ПРОГЛАСЕНА ОПШТА ОПАСНОСТ. *Скопје 16 август 2037 година. Претседателот на Република Македонија Гоцевски денес прогласи општа опасност на целата територија на Република Македонија поради можни воздушни напади од страна на грчката авијација. На сите медиуми постојано се емитувани упатства за постапки при воздушен напад. Амбасадорот на САД во Република Македонија Морисон искажа загриженост поради можноста од напад врз Република Македонија. АРМ се уште не располага со квалитетна против-воздушна одбрана за спротивставување на грчките авиони. Таквото оружје требаше да стигне од САД во текот на октомври заедно со американски оператори, по што требаше да поминат уште неколку месеци во инсталација и обука на наши војници. Во градовите владее страв и многумина ги напуштаат одејќи кон селата. Премиерот Викторовски изјави дека нема место за паника и дека е доволно граѓаните да се придружуваат на упатствата за однесување за време на воздушен напад.*

БОМБАРДИРАНИ КАСАРНИТЕ ВО СКОПЈЕ, БИТОЛА И ШТИП *17 август 2037 година. Најмалку триесет и две лица загинаа и околу стотина се ранети ноќеска за време на ненадејното и подмолно бомбардирање што грчките борбени авиони го извршија врз касарните во Битола, Скопје и Штип. Меѓу загинатите се и петмина американски маринци од составот на американскиот контингент сместен во касарната "Јане Сандански" во Штип. Нападот се случи окоу три часот попладне. Системот за воздушна тревога беше акти-*

виран само половина час пред нападот. Еден час по нападот на нацијата се обратија претседателот Гоцевски и премиерот Викторовски кои остро го осудија ваквиот варварски напад на грчките авиони. Грчките медиуми рано изутрината јавија дека петнаесет борбени авони од воената база во Солун, извршиле гаѓање на воени цели во "БЈРМ" во знак на одмазда за бомбардидањето на касарната во Солун од страна на американската авијација. Околу два часа по нападот се огласи и претседателот на САД Донован кој изрази шокираност поради овој напад и навести итна акција на САД. Најмногу загинати има во касарната "Илинден" во Скопје, каде што е погодена една од спалните соби на војниците. Таму загинаа осумнаесет војници и тројца офицери. Двајца војници загинаа во касарната во Битола. За вечерва е закажана итна седница на владата. Ќе се разгледува можноста за прогласување воена состојба и општа мобилизација. Истовремено на претставникот на РМ во ООН му е наложено да испрати итно барање до Советот за безбедност со осуда на овој вандалски акт на грчката армија. Се очекува владата да донесе одлука за прогласување ден на жалоста по повод убиството на македонските и американските војници и цивили.

САД НАЈАВУВААТ МАСОВНИ ВОЗДУШНИ НАПАДИ ВРЗ ГРЦИЈА *Пентагон 20 август 2037 година. Авијацијата на САД денес доби наредба да организира и изведе масовен воздушен напад врз воени цели во Грција. Претседателот на Албанија Муслиу изјави дека оваа земја ќе го отвори својот воздушен простор за американс-*

ките авиони. Претходно нашата влада донесе одлука да ги стави трите аеродроми целосно на располагање на американската авијација. Премиерот Викторовски вчера изјави и дека доколку САД извршат копнена офанизва против Грција, Македонија целосно ќе ги поддржи во тоа. Од Грција стигнуваат најави дека грчката против-воздушна одбрана е подготвена да ги пречека американските авиони. Таму најавија и нови напади против цели во Република Македонија.

ПОЧНА БОМБАРДИРАЊЕТРО НА ГРЦИЈА. *21 август 2037 година. Системот за тревога во неколку градови во Грција денес се огласи во доцните попладневни часови. Американската авијација стационирана од базите во Италија и од носачите на авиони од Шестата флота, изврши напад врз воени објекти во Атина, Солун и Волос, а беа бомбардирани и трите воени аеродрома Андравида, Араксос и Танагра, како и воената база во Елеусис. Во нападот учествувале сто и деведесет ловци и бомбардери. Нанесена е голема материјална штета, а има и десетици жртви. Снимките прикажани на грчките ТВ станици покажаа дека во нападот на Атина била погодена и станбена зграда, во која загинале петмина станари. Грчката против-воздушна одбрана реагирала и, според нивните информации, биле погодени вкупно седум авиони. Грчките против-пожарни служби веднаш дејствувале. Се огласи и диктаторот Калојанис кој од непозната локација изјави дека ова е почеток на крајот на САД. "Грција ќе победи!", изјави тој и најави"досега невидена одмазда".*

Возбудата кај Архангел почна да расте. Следниот наслов гласеше: БОМБАРДИРАНИ СОЛУН И АТИНА. *Атина 22 август 2037 година. На вториот ден од бомбардирањето на Грција, американските бомбардери, кои полетаа од носачите на авиони, кои веќе стигнаа до Јонското Море, денес повторно ги бомбардираа воените постројки во и околу Атина. Во нападот учествуваа вкупно стотина авиони, но пет беа соборени. Истовремено со дваесет и два авиони, кои полетаа од аеродромот во Охрид, што нашата влада целосно го отстапи за воени дејства на американската армија, бомбардирани се грчки воени постројки околу Лерин и Костур. Три авиони не се вратија во базата. Грчките медиуми јавија за триесетина загинати. Истовремено во Грција се слави заради ненадејно големите загуби што ги претрпе американската авијација што се должи на модерните против-авионски системи набавени од Русија, чие дејство досега не беше познато во практика. Не е позната судбината на екипажите на соборените авиони. Портпаролот на Пентагон ја потврди денешната загуба на осум бомбардери и најави истрага.*

АНТИ-АМЕРИКАНСКИ ДЕМОНСТРАЦИИ ВО НЕКОЛКУ ГРАДОВИ ВО СВЕТОТ. *Вашингтон 23 август 2037 година. Околу дваесет илјади Грци и нивни симпатизери демонстрираа денес во близина на Белата Куќа поради бомбардирањето на Грција. Ним им се придружија и припадниците на неколку американски мировни организации. Истовремено слични демонстрации се одржаа и пред американските амбасади во Канбера, Париз, Москва, Белград и Отава. Во Канбера, паралелно со Гр-*

ците, демонстрирала и група од неколку стотици Македонци, кои давале поддршка на бомбардирањето. Силното полициско обезбедување спречило да дојде до судир меѓу двете групи демонстранти.

БОМБАРДИРАН АЕРОДРОМОТ ВО ОХРИД *Охрид 24 август 2037 година. Неутврден број грчки бомбардери денес изврши напад врз аеродромот во Охрид. Загинаа две граѓански лица вработени на аеродромот и четворица маринци. Уништени или оштетени се четири американски борбени авиони. Овојпат дејствуваше и системот за противавионската одбрана, кој веќе е инсталиран на Охридскиот аеродром. Еден грчки авион е погоден, но истиот успеа да го напушти македонскиот воздушен простор. По грчките бомбардери веднаш се упатија неколку десетици американски ловци, но нема извештај од исходот на воздушната битка. Истовремено американската авијација ги бомбардираше воените постројки на Крит. Грчките медиуми јавија за десет соборени американски авиони, но Пентагон ова го демантираше.*

Возбудата кај Архангел почна да расте. Сакаше да продолжи, но веќе беше преморен да ги чита стотиците текстови под исто толкавиот број наслови што му излегуваа пред очи. Само бегло прелета преку некои од нив:

БЕГАЛЦИ ГИ ПРЕПЛАВИЈА ОКОЛНИТЕ СЕЛА

ПОМОРСКА БИТКА ВО ЕГЕЈСКО МОРЕ - ПОТОПЕНИ ДВА ГРЧКИ ВОЕНИ БРОДА

ШЕСТАТА ФЛОТА ГИ БОМБАРДИРА ГРЧКИТЕ БАЗИ ВО ЕГЕЈСКО МОРЕ

СОБОРЕНИ ШЕСТ АМЕРИКАНСКИ АВИОНИ.....

Од нив Архангел сфати дека војната помеѓу САД и Грција се разгорела до крајност. Првите четири недели војната се одвивала на небото преку взаемни бомбардирања. САД ги бомбардирале грчките градови и бази, додека грчката авијација ги бомбардирала американските и македонските воени цели на територијата на Република Македонија и на море. Официјална Велика Британија давала поддршка на САД, но не учествувала во бомбардирањето. Германија и поголем дел од западноевропските земји останале неутрални и превземале мировни иницијативи. Владите на некои од поранешните комунистички земји, меѓу кои: Полска, Литванија, Естонија, Летонија, Романија, Чешка и Унгарија, давале поддршка на САД, но и тие практично не учествувале во борбените дејства. Франција, Русија и Словачка отворено биле на страната на Грција. Впрочем, благодарение на руските потив-воздушни и против-ракетни системи, авијацијата на САД претрпела поголеми загуби во авиони, што го охрабрило грчкиот диктатор. Низ светот се одржувале демонстрации против САД. Населението и од грчките и од македонските градови масовно бегало, барајќи привремен спас во селата. Истовремено се водела и жестока пропагандна војна. Грчките медиуми секојдневно известувале за цивилни жртви за време на бомбардирањата на САД, како

и за успешите соборувања на американските авиони. На крајот на септември 2037 година Пентагон испратил нови илјада борбени авиони во Европа, сместувајќи ги во преостанатите бази на НАТО во Италија. Турција не дозволила бомбардирање на Грција од турските бази, ниту користење на воздушниот простор поради специфичната географска положба и близина со Грција, како и поради можноста од пренесување на војната на турска територија. Освен тоа, по поделбата на Кипар Турција одржувала релативно коректни односи со Калојанис.

Бугарија била целосно поделена. Од една страна владата се однесувала проамерикански, иако ниту оваа земја не дозволила користење на својот воздушен простор за напади против Грција. Но, од друга страна, и таму постоел страв поради тоа што САД војувале со Грција токму поради Македонија. И во пиринска Македонија се појавиле ќелии на МОА, кои почнале со силна пропагандна дејност, што предизвикало отпор и револт кај бугарските националисти. Некои од нив повикувале дека по Грција, следна ќе биде Бугарија, но главно за време на војната состојбата таму била мирна. Истовремено во егејскиот дел на Македонија МОА продолжила со своите дејства и тоа главно по планините. Грчките медиуми ја обвиниле МОА за масакр на грчки цивили во две костурски села, каде биле заклани вкупно триесет луѓе. МОА ги демантирала ваквите вести. Во Република Македонија грчката авијација ги бомбардирала сите касарни. Била прогласена вонредна состојба и општа мобилизација. За време на

овие бомбардирања загинале 982 македонски граѓани и војници, како и 159 маринци. Биле бомбардирани и нафтените наоѓалишта во Овче Поле, со што била нанесена огромна еколошка штета. Меѓу другите била бомбардирана и американската амбасада во близина на Кале, изградена уште во далечната 2009 година. Американскиот амбасадор се спасил, но загинале луѓе од администрацијата. Но и Грција претрпела големи загуби. Во првите пет недели биле бомбардирани сите грчки поголеми градови и бази. Според официјалните податоци загинале околу 2700 граѓани и војници. Работата во Советот за безбедност на ООН била блокирана поради непомирливите ставови на САД од една страна и Русија и Франција од друга. Веќе доаѓале најави и за копнена инвазија врз Грција. Во Република Македонија пристигнале 200.000 маринци и уште 80.000 во Албанија, а Македонската армија мобилизирала околу сто илјади свои војници. Наспроти нив, во егејскиот дел на Македонија била натрупана голема грчка војска од близу милион војници и офицери. Во светот се пријавиле и неколку десетици илјади доброволци за "одбрана на колевката на демократијата Грција", но имало доброволци и за во американската армија. Во Република Македонија бил воведен систем на бонови. Наставата во училиштата била прекината и владеела мобилна состојба. Голем број граѓани побегнале во Србија, Албанија и Бугарија. И во Грција владеела слична состојба. Биле бомбардирани сите фабрики за оружје, била бомбардирана морнарицата, како и сите воени

аеродроми. Во вакви тешки услови биле ограничени и активностите на МОА, кои само повремено дејствувале со поставување заседи по непристапните планински предели. Грчките специјални сили извршиле масакр во селото Трсје, убивајќи шеснаесет цивили под обвинување дека помагале на МОА. За одмазда припадниците на МОА убиле шестмина грчки цивили во околината на Лерин....

Но, во тоа време во Русија дошло до драстични промени. На изборите во 2037 година корумпираната влада на руските "патриотски сили" била симната од власт. Новата руска влада била демократски определена и таа се изјаснила за прекин на непријателствата и конфронтациите со САД. Најавила прекин на доставувањето модерно оружје за Грција.

Иако речиси премален од читање, Архангел не можеше да се воздржи, а да не го отвори следниот напис:

ПОЧНА КОПНЕНАТА ОФАНЗИВА! *5 септември 2037. Ноќеска околу два част по полноќ, моторизираните единици на американската армија со силна воздушна поддршка, ја поминаа границата и навлегоа на територијата на Грција во егејскиот дел на Македонија. Во офанзивата учествуваат и единици на АРМ. Операцијата под назив "Слобода за Македонија", чиј почеток веќе извесно време беше најавуван, конечно почна. Заедничките американско-македонски сили извршија пробив преку границата во три насоки и тоа кон Лерин, Кукуш и Серска Цумаја. Според податоците од Пентагон во офанзивата е планирано да учествуваат вкупно околу 250.000*

илјади маринци на чело со генерал Винстон. АРМ учествува со вкупно околу 45.000 војници и на чело со генералот Ивановски.

Во продолжение Архангел прочита бегло неколку вести за првата фаза од копнената офанзива. Паралелно со навлегувањето, продолжило и бомбардирањето на Грција од воздух и од море. Првите денови напредувањето пред Лерин привремено било забавено поради грчкиот отпор. Но единиците кои напредувале кон Кукуш веќе се доближиле до самата периферија на градот. Истовремено дел од тие единици настапиле кон Серска Џумаја. За само неколку дена близу милион цивили ги напуштиле градовите и селата во егејскиот дел на Македонија. Тоа главно биле припадници на грчката националност, но и на други народи, кои бегале поради страв од воените дејства. Истовремено и МОА ги мобилизирала своите сили и дејствувала позадински, поставувајќи заседи и напаѓајќи поедини пунктови на грчката војска и полиција.

Недолго по првичните успеси на американско-македонските сили, Албанија извршила масовен воен упад во автономната област "Епир". Тамошните грчки вооружени сили, без поддршка од грчката регуларна армија, биле поразени за само неколку дена, по што следувал егзодус на илјадници Грци од Албанија. Албанската држава повторно воспоставила целосна контрола над Епир, но се воздржала од дејствување преку граница.

Архангел не можеше да се воздржи, а да не ја прочита целосно следната вест:

ЛЕРИН Е ОСЛОБОДЕН! *Лерин 20 септември 2037 година. По еднонеделни жестоки борби и по повлекувањето на грчката армија, денес околу десет часот претпладне, првите единици на американската армија, придружувани од пеша-диска единица од АРМ, влегоа во Лерин. Иако поголемиот дел од населението на овој град побегна поради воените дејства, сепак на плоштадот се собра група од околу две илјади Македонци, кои воодушевено го поздравија ослободувањето на својот град. Во тек се активности за обновување на виталните функции на градот; водоснабдувањето и струјата. И натаму се слушаат поединечни пукотници од периферијата, но сите делови од градот се под контрола на нашите. Во Лерин стигна и единица од стотина борци на МОА, главно жители на тој крај. Грчката армија се повлече кон Невеска, каде се очекува да биде организирано ново одбранбено упориште. Во битката за Лерин загинаа седумдесет и двајца маринци и осумнаесет припадници на АРМ, додека загубите на грчка страна се непознати. Непознат е и бројот на загинатите цивили.*

И потоа вестите се одвиваа како во некој акционен филм. Архангел ги прочита следните наслови:

СЛОМ НА ГРЧКАТА ОДБРАНБЕНА ЛИНИЈА
ПРЕД КУКУШ;

ПРИПАДНИЦИТЕ НА АРМ ПРВИ ВЛЕГОА ВО
ОСЛОБОДЕНИОТ КУКУШ;

ГРЧКАТА ВЛАСТ СЕ ПОВЛЕЧЕ ОД ФУШТАНИ И ОД ОКОЛНИТЕ СЕЛА;

АМЕРИКАНСКАТА ВОЈСКА ВЛЕЗЕ ВО КАРАСУЛЕ;

ПЕДЕСЕТ И ТРИ ВОЈНИЦИ НА АРМ ЗАГИНАА ВО СУДИРИТЕ КАЈ ГУМЕНЦА;

РУСИЈА ПОДГОТВИ МИРОВЕН ПЛАН
ЗА ПРЕКИН НА ВОЈНАТА;
ГРЧКАТА АРМИЈА НАЈАВУВА ГОЛЕМА
КОНТРА-ОФАНЗИВА;

МАКЕДОНСКАТА ДИВИЗИЈА "АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ"
ВО ДИРЕКТЕН СУДИР СО ГРЧКАТА ДИВИЗИЈА
"АЛЕКСАНДРОС МЕГАЛОС"

АМЕРИКАНСКАТА ШЕСТА ФЛОТА ВЛЕЗЕ
ВО ЕГЕЈСКО МОРЕ;

СКРШЕН ГРЧКИОТ ОТПОР ПРЕД СЕРСКА ЏУМАЈА;

ЖЕСТОКА ПОМОРСКА БИТКА КАЈ РОДОС;

ПЕНТАГОН НАЈАВУВА ПОМОРСКА ИНВАЗИЈА ВРЗ СОЛУН
И КАВАЛА;

ОТФРЛЕН МИРОВНИОТ ПЛАН НА РУСИЈА;

ЗАРОБЕНИ НАД ДВЕ ИЛЈАДИ ГРЧКИ ВОЈНИЦИ
КАЈ СЕРЕЗ;

ГРЧКИТЕ ВОЈНИЦИ МАСОВНО ДЕЗЕРТИРААТ;

ГРЧКАТА АРМИЈА ПРЕД КОЛАПС?

Веста од 18 октомври 2037 година исто така го заинтересира и реши да ја отвори. Насловот гласеше: БУГАРИЈА НУДИ ШИРОКА АВТОНОМИЈА НА ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА. *Бугарскиот премиер Рачов денес изјави дека Бугарија отсекогаш се залагала за пријателство со САД. Тој изјави дека Бугарија е подготвена своите воени капацитети да ги стави на располагање на коалицијата на САД, но за возврат да го добие сегашниот грчки дел од Тракија, кој претс-тавувал "бугарска историска област". За пиринскиот дел на Македонија тој изјави дека Бугарија е подготвена да даде широка автономија на оваа област. Ваквиот пресврт на бугарската влада наиде на остри реакции од опозицијата. Меѓутоа, аналитичарите укажуваат дека бугарската влада само покажува прагматизам во оваа состојба, ставајќи се на страната на победникот. Во прилог на владата е и фактот што мнозинството граѓани на Бугарија се разочараа од членството во, сега веќе ла-билната, Европска Унија, во која Бугарија и Романија беа целосно маргинализирани.*

И пак продолжија написите поврзани со војната од кои впечаток му оставија следните наслови:

ГРЧКАТА АРМИЈА СЕ ПОВЛЕЧЕ ОД НЕВЕСКА, КЛИСУРА И КОСТУР;

ГОЛЕМИ БОРБИ ПО УЛИЦИТЕ НА ВОДЕН;

БОРЦИТЕ НА МОА ВЛЕГОА ВО КОСТУР ПРЕД АМЕРИКАНСКИТЕ МАРИНЦИ

ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА СЕРЕЗ, МАРИНЦИТЕ НЕЗАПИРЛИВО НАПРЕДУВААТ КОН ДРАМА;

РАЗБИЕНА ГРЧКАТА ФЛОТА - АМЕРИКАНСКИТЕ БРОДОВИ НАБЛИЖУВААТ КОН СОЛУН;

ДОСЕГА ЗАГИНАА НАД ПЕТСТОТИНИИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМ;

БОМБАРДИРАНИ ВОЕНИ ЦЕЛИ ВО СОЛУН;
СТОТИЦИ ИЛЈАДИ БЕГАЛЦИ ЗАМИНУВААТ ВО ЈУЖНИТЕ ДЕЛОВИ НА ГРЦИЈА;

НОВИ ДВЕСТЕ ИЛЈАДИ МАРИНЦИ
СЕ УПАТЕНИ НА ФРОНТОТ;

Конечно реши да го отвори следниот наслов: НОВ ОДБРАНБЕН БЕДЕМ ПРЕД СОЛУН. *25 октомври 2037 година. По повлекувањето на грчките вооружени сили од поголемите градови на егејскиот дел на Македонија, Генералштабот на грчката армија донесе одлука за прегрупирање и формирање одбранбен систем околу Солун. По ослободувањето на Воден, борби се водат и околу Негуш, Бер и Ставрос, при што е забележано повлекување на грчките сили по долината на реката Бистрица, во насока кон Серфиџе, каде исто така се очекува прегрупирање и создавање одбранбен бедем. Се проценува дека во и околу Солун се концентрирани околу*

триста илјади грчки војници, опремени со артилерија и оклопни средства...

Архангел не го дочита написот, туку, прескокнувајќи уште неколку наслови, стигна до: ГРЦИЈА НУДИ ПРИМИРЈЕ! *Анкара 15 ноември 2037 година. На средбата што се уште трае во Анкара на која присуствуваат претставици на грчката, американската, турската и македонската влада, се очекува да биде постигнат договор за склучување примирје. Овој состанок доаѓа како резулат на преговорите што веќе извесно време се водат во тајност. Истовремено состанокот се одржува непосредно пред почнувањето на големата офанзива на Солун. Детаљи на примирјето не се соопштуваат, но од наши извори дознаваме дека на повидок се исклучително крупни промени.*

Архангел не можеше да поверува на своите очи кога ја прочита следната вест:

ПОСТИГНАТО ПРИМИРЈЕ - ГРЧКАТА ВЛАСТ СЕ ПОВЛЕКУВА ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА!!! *Анкара 18 ноември 2037 година. Војната заврши! Грција се повлекува од егејскиот дел на Македонија! Ова е накратко резимето на договорот што во Анкара беше постигнат меѓу завојуваните страни САД и Република Македонија од една и Грција од друга страна. Во официјалното соопштение што беше прочитано по состанокот, истакнато е дека прекинот на огнот ќе стапи во сила веднаш. Во рок од две недели Грчката армија, полиција и цивилна власт ќе мора да се повлечат од сите градови и села на Македонија и ќе треба да се стационираат јужно од планините Хасија и Олимп. Истовремено и АРМ*

ќе треба да се повлече во границите на Репубика Македонија, додека војската на САД ќе остане привремено, се до доаѓањето на мировни сили на ООН, по што и таа ќе се повлече. Македонија ќе стане под управа на ООН во текот на три години, а потоа ќе се одлучува што понатаму. Македонија формално ќе остане дел од Грција, но грчката власт нема да има ингеренции на нејзина територија. Сите бегалци, чија бројка се проценува од околу милион и половина, ќе можат да се вратат во своите домови. Паралелно со власта на силите на ООН, ќе биде формирана и регионална и локална власт од домородно население. Единиците на МОА целосно ќе се разоружаат и демобилизираат. Халкидик (Света Гора) ќе ја задржи својата автономија и тамошните манастири и цркви ќе бидат под директна заштита на ООН. Во Македонија ќе биде овозможена слободна употреба на сите јазици на кои зборуваат мнозинството припадници. Солун ќе биде прогласен за 'отворен град', чие пристаниште ќе можат да го користат и Грција и САД. Премиерот на Македонија Викторовски изјави дека ова е историски момент за Македонија и дека оние припадници на АРМ, кои загинаа во оваа војна, не ги дале залудно своите животи. И претседателот на САД Малколм Доновaн искажа задоволство од постигнатиот договор. Грчкиот диктатор Калојанис, пак, изјави дека, според постигнатиот договор, Македонија не е загубена за Грција, туку дека грчката власт привремено на три години делумно ја напушта оваа област, каде повторно ќе се врати. Премиерот на

Турција Каразоглу изјави дека е добро тоа што надвладеал разумот и што запрело крвопролевањето какво одамна не е видено на Балканот.

Архангел се поткрена од место кога ја прочита оваа вест. Потоа пак прелета преку насловите:

ГРЧКАТА АРМИЈА ЗАМИНУВА ОД МАКЕДОНИЈА;

СТОТИЦИ ИЛЈАДИ БЕГАЛЦИ ЗАМИНУВААТ ЗАЕДНО СО АРМИЈАТА;

ТРИЕСЕТ И ДВЕ ДРЖАВИ ОДВОИЈА ВОЈНИЦИ ЗА МИСИЈАТА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА;

ПРИСТИГНАА ПРВИТЕ МИРОВНИЦИ ОД ООН;

ПОЧНА ДОБРОВОЛНОТО РАЗОРУЖУВАЊЕ НА БОРЦИТЕ НА МОА;

СУДИЈАТА МАНФРЕДИ ОД ИТАЛИЈА НАЗНАЧЕН ЗА ЦИВИЛЕН АДМИНИСТРАТОР ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА;

АМЕРИКАНСКАТА ВОЈСКА СЕ ПОВЛЕКУВА ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА;

ПОЧНА СОЗДАВАЊЕТО НА ЦИВИЛНИ ОРГАНИ ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА;

МАКЕДОНЦИ ИЗБРАНИ ЗА ЛОКАЛНИ УПРАВИТЕЛИ НА ПОГОЛЕМИТЕ ГРАДОВИ;

ФОРМИРАНИ ГРЧКИ ЕНКЛАВИ;

ГРЦИТЕ ДЕМОНСТРИРААТ ПРОТИВ
МИРОВНИЦИТЕ НА ООН;

ФОРМИРАНА ПАРТИЈА НА ВЛАСИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА;

ГРЧКИТЕ БЕГАЛЦИ СЕ ЖАЛАТ ДЕКА НЕМААТ УСЛОВИ ЗА ВРАЌАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА...

- Неверојатно! Неверојатно!... - речиси гласно извика Архангел.

- Што е неверојатно? - праша д-р Мегленски кој во тој миг влезе во болничката соба.

- Ова... Досега читав... Можно ли е? Вистина ли е?... - збунето се обидуваше да состави реченица Архангел.

- А што прочитавте?

- Ова овде... Неверојатно...

- До каде стасавте?

- Еве до... првата половина на 2039 година... Сега сме 2048 година, така ли е?

- Да. - потврди д-р Мегленски.

- Немам сила веќе да читам... Преморен сум... А од друга страна одвај чекам да видам што се случувало потоа... - рече Архангел.

Д-р Мегленски се насмевна, а потоа рече:

- Ве разбирам. Вие на почетокот сте читале се во детаљи... Потоа како што доаѓале поинтересни написи, Вие веќе сте почнале да се заморувате... И сега токму на најинтересниот финален дел, Вие немате сила ни една речница да прочитате...

- Да... затоа Ве молам... Мислам, јас секако дека ќе прочитам се во детаљи, но

сега... пред да заспијам... Ве молам накратко да ми раскажете што се случи потоа... - ги потврди Архангел зборовите на д-р Мегленски.

- Се разбира. Затоа сум овде. Моја задача е да Ве подготвам за реалноста во која сега живеете.

- Благодарам.

Д-р Мегленски се загледа во својот блутут компјутер, па почна:

- Значи, во 2038 година Мировните сили на ООН ја превзедоа контролата во тогашниот егејски дел на Македонија. Беше формирана и локална самоуправа со припадници на домородното население, но главиот збор го имаа ООН, се разбира под дискретна контрола на САД. Состојбата и натаму беше многу напната. Имаше чести поединечни убиства поради одмазда или национална нетрпеливост. Во сите градови и села Македонците и Грците строго се поделија на енклави. Но, веројатно сте прочитале, дека над еден милион главно Грци побегнаа за време на војната. Формално тие беа повикани да се вратат назад во своите огништа, но практично им беа поставувани многу замки. Се на се досега се вратија само неколку илјади, и тоа во многу несигурни услови за нив. Некои повратници беа убиени или на друг начин малтретирни од Македонците екстремисти. Некои од овие екстремисти беа уапсени и осудени од меѓународната полиција, но некои останаа неоткриени. Од друга страна, мнозина граѓани на Република Македонија и од дијаспората, чии претци потекнувале од егејскиот дел на Македонија, почнаа масовно да се населуваат во

испразнетите домови на пребеганите Грци. Така во следните години етничкиот состав во егејскиот дел на Македонија (како што беше официјано наречена "Протекторат Јужна Македонија") почна да се менува....

- Но, што правеше Грција за целото тоа време? - го прекина Архангел.

- Во Грција, по воениот пораз, дојде до масовен бунт против диктаторот Калојанис. Во меѓувреме, тој ја загуби поддршката од Франција и Русија, каде повторно се вратија на власт демократските режими. За време на масовните демонстрации во Атина, во мај 2039 година, Калојанис беше симнат од власт и уапсен. Подоцна беше осуден на доживотна робија. Умре во затворот по две години. Повторно беше воведена демократија, а партиите на екстремната десница беа забранети. На изборите следната година победи социјалистичкиот ПАСОК. Тие беа свесни за состојбата, па понудија останок на Македонија во границите на Грција, со тоа што сите народи во неа ќе бидат признати и ќе има широка автономија. Но, договорот беше ООН да останат три години во Македонија. За тоа време грчката влада, малку што можеше да стори. Нафтата и натаму и носеше на Република Македонија огромни средства. Со дел од тие пари, почна обновата на разурнатите градови, а почнаа и баснословно да се плаќаат имотите на грчките бегалци. Грција финансиски и економски беше истоштена од војната, па мнозина од Грците бегалци, свесни дека ќе имаат неизвесна судбина во Македонија, ги прифатија големите суми

што им се нудеа за имотите. Голем број ги продадоа своите куќи, имоти, фабрики, земјиште и други недвижности на граѓани од Македонија, но и на странски инвеститори. Власите, Ромите и Албанците целосно застанаа зад ново-настанатата состојба во тогашната егејска Македонија, затоа што добија широки национални права.

- И што потоа? - нетрпеливо праша Архангел - Што се случи по тие три години?

- Кога заврши мандатот на силите на ООН, истата 1041 година се случи референдум за самоопределување под надзор на ООН. Тој успеа. Околу 52% од излезените гласачи се изјасниј за отцепување од Грција и за создавање неза-висна држава "Јужна Македонија" со право на припојување кон други држави.

- Како можело тоа да се случи? - пак праша Архангел.

- Едноставно, од оние над еден милион грчки бегалци, реков дека само неколку илјади се вратија следните години. Од друга страна реков дека во Македонија се доселија голем број Македонци, чии предци потекнувале од егејскиот дел на Македонија. Освен нив, "за" гласаа и најголем дел од Власите, Ромите, Албанците и Турците во егејскиот дел на Македонија. Можеби имало и по некој фалси-фикат, како што обвинуваа Грците, но на крајот, од вкупниот број излезени околу 52% гласаа "за". Демократската власт во Грција (тогаш се уште на власт беше ПАСОК), изјави дека не ги признава резултатите од референдумот, додека Советот за безбедност на

ООН најави организирање преговори помеѓу привржаниците за независност и грчката држава во врска со иднината на Македонија. За олеснувач на преговорите беше избран поранешниот премиер на Јапонија Мизушима, познат како способен преговарач. Тој подготви платформа за решавање на Македонското прашање, секако под покровителство на ООН....

- Всушност на САД... - дополни Архангел.

- Така некако. - се насмевна д-р Мегленски и додаде - Тогаш САД пак се вратија на големата врата на светската сцена. Односите со Русија се затоплија по финансиските инјекциии од страна на САД, па практично немаше кој веќе да ја поддржува Грција. Всушност Русија се мултеше (барем официјално) на предлогот за осамостојување на јужниот дел на Македонија, но практично таа не направи ништо да го спречи овој процес.

- И што кажа Јапонецот?

- Тој предложи условна независност на Македонија, но со широки права на сите народи во неа. Во секое место со мешано население требаше да има претставници во власта од сите народи што таму доминираат. Јужна Македонија требаше да создаде своја влада, полиција и армија. Солун требаше да биде прогласен за отворен град со привилегиран пристап на бродовите од Република Грција. Грција требаше да добие поголема сума пари преку разни фондови за обнова. Тракија остана под грчка власт, наспроти барањата на Бугарија. Со други зборови се правеше се за да се амортизира незадоволството во Грција...

- А што се случи со Света Гора?

- Оваа област не беше ниту гибната за време на воените дејства, иако Грците и таму поставија свои единици. Копнената офанзива не стаса до таму кога се случи примирјето. И добро е што така испадна. Сега Света Гора има широка автономија. Македонски и американски пари беа донирани во одржување и обнова на манастирите и црквите. Грчката црква продолжи слободно да дејствува во цела Македонија како црква на припадниците на грчкото, сега веќе, малцинство...

- А МПЦ?

- МПЦ ниту денес не е призната од Грчката црква, но доби признание од Цариградската патријаршија... - одговори д-р Мегленски.

- Што? Неверојатно! Не ми се верува... Па и Цариградската патријаршија ја водат Грци.

- Да, но тие не биле секогаш многу наклонети кон Грчката православна црква... Колку што знам и во Ваше време дошло до отворен судир помеѓу Грчката црква и Цариградската патријаршија. Дури тогаш и цариградскиот патријарх го анатемисал грчкиот патријарх... Можеби се сеќавате на тоа?... Овој судир се обнови и подоцна, посебно по воениот пораз на Грција. Овие цркви дојдоа во судир за тоа која од нив треба да има главен збор среде Грците кои останаа во Македонија...

Архангел се замисли, па рече:

- Веројатно локалната македонска власт ја протежирала Цариградсаката патријаршија?

- Гледам дека бистро размислувате. - се насмевна д-р Мегленски и продолжи - Цариградската патријаршија виде своја можност за ширење за разлика од порано кога била стеснета одвај само на неколку илјади христијани во Турција. Таа доби широки овластувања во Македонија што доведе до револт кај Грчката црква и до крајно заострување на нивните меѓусебни односи. Тогаш цариградскиот патријарх ја исклучи ГПЦ од сојузот на православните цркви, а следната година донесе томос за признавање на МПЦ како автокефална црква. Потоа некои од православните цркви воспоставија официјални односи со МПЦ. Таа и денес е прилично моќна институција. Сега во Македонија, среде грчкото население, дејствуваат и ГПЦ и Цариградската патријаршија, со тоа што ГПЦ се буни дека таа е во подреден однос.

Архангел пак накратко се замисли, а потоа додаде:

- И ?

- И така, продолжија преговорите. Откако македонската и грчката страна не успеаја да се договорат, Советот за безбедност донесе Резолуција за признавање условна независност на "поранешниот Протекторат Македонија". Истата 2041 година беа организирани парламентарни избори. Победи Македонската демократска партија (главно составена од поранешните борци на МОА), која освои 35% од гласовите. На второ место беше обединетата грчка коалиција "Пан Македоники" со 34% гласови. На трето место беше Македонската радикална партија со 12%, потоа следуваше Граѓанската партија за мир и

соработка со 9%, партијата на Власите со 5% и други. Беше востановен парламент во Солун, со тоа што грчките партии ту излегуваа од него, ту се враќаа, во зависност од препораките на Атина, иако имаше и такви грчки политички субјекти, кои сакаа самостојно да работат, свесни за реалноста.

- На кој јазик се зборуваше во парламентот?

- На македонски и на грчки. Се користеа преведувачи.

- Како се однесуваат Грците денес?

- Главно се незадоволни. И денес постојано се бунтуваат, демонстрираат, саботираат... Бараат враќање на Македонија под нивна власт. Некои од нив превзедоа и терористички напади против македонската власт и против нашите американски сојузници. Но, има и такви кои полека се прилагодуваат.

- Овој Гркот доктор... Таков ли е тој? Ми стои добар човек... како се викаше?

- Д-р Христодулос. Голем стручњак и прекрасен човек. Вработен е во оваа болница, која се смета за најдобра во цела Македонија. Но, ете... предрасудите се уште не го напуштаат. Не сака ниту да помисли да научи барем еден збор македонски, па со нас комуницира само на англиски... - објасни д-р Мегленски.

- Забележав уште една работа. - рече Архангел.

- Кажете.

- Ве гледам вас Македонците, кога зборувате меѓу себе во голема мера не можам да

ве разберам. Користите премногу англиски зборови...

Д-р Мегленски се насмевна:

- Да, така е. Тоа е резултат на многу околности...

- Но Вие...

- Што јас?

- Кога зборувате со мене, не користите такви изрази. Зошто?

Д-р Мегленски пак се насмевна:

- Да. Јас настапувам професионално. Кога сфативме дека постои веројатност за Ваше будење, поради новиот лек за стимулирање на општата состојба на мозокот, ние се подготвивме за секоја евентуалност. Ништо не смеевме да препуштиме на случајноста. Затоа јас се погрижив, колку што можев, да зборувам на начин од Вашето време...

Сега и Архангел се насмевна. Очите одвај ги држеше отворени. Сепак, сакаше да дознае уште нешто:

- И како се случи обединувањето?

- Всушност тоа во извесна смисла се уште трае. Две години по прогласувањето независна држава "Јужна Македонија", од 1043 па наваму, границите помеѓу Република Македонија и оваа држава, полека почнаа да се бришат. Прво воените патроли беа заменети со полициски, а потоа и тие беа повлечени. Исто е и со граничните премини. Под изговор дека ќе се прави "слободна граница" за да се подобри економската состојба на целокупното население во Јужна Македонија, рампите од обете страни беа тргнати, а потоа беше прогласена и царинска

унија меѓу двете Македонии. Грчката страна на сето ова жестоко се спротивставуваше, но за возврат македонските власти во Јужна Македонија, покажаа подготвеност значително да го ублажат граничниот режим и кон Грција. Веќе се направени и конкретни чекори во оваа насока. Така нашата власт мислам дека мудро се обидува да го амортизира грчкото незадоволство колку што е тоа можно. Практично двете Македонии се обединија уште првите две години, иако административно, тој процес се уште трае...

- А, кондефедерацијата со САД?

- Таа е темел на македонската независност... Американците ни го донесоа обединувањето. Македонија е во конфедеративен однос со САД, но си има своја самостојност. Нафтата и натаму извира и се додека е така, нема од што да се плашиме... Многу Американци дојдоа овде на работа. Една од нив е и д-р Велс.

Наеднаш Архангел се сети за една друга работа:

- А, што е со пиринскиот дел на Македонија?

- Таму засега постои само широка автономија. Македонските националисти се незадоволни... Бараат начин како да се обедини и тој дел. Бугарија и овојпат, како и многупати досега, постапи прагматично. Откако виде што се случи со Грција, таа овозможи автономија на пиринскиот крај, ги призна партиите на Македонците, овозможи школување на македонски јазик, засега само во приватни учи-

лишта... Уште за време на војната и таму имаше тензии... МОА дејствуваше и во пиринскиот дел, но со помал интензитет поради избегнување на можни уште поголеми меѓународни компликации.

- А Македонците во Мала Преспа?

- Со Албанија нашите односи се одлични. Македонците во Мала Преспа ја држат во свои раце локалната самоуправа и тоа уште многу одамна. Уште од 2007 година, ако не се лажам... Тие таму ги имат сите човекови и демократски права.. Освен тоа и со Бугарија и со Албанија, а порано или подоцна и со Грција, ќе се оди на формализирање, да не речем, бришење на границите, па така сите народи на јужниот Балкан ќе живеат како во една држава...

Д-р Мегленски не ја ни заврши последната реченица кога забележа дека Архангел веќе заспал. Погледна дали е се во ред, потоа му даде знак на болничарот да го надгледува, додека тој излезе од болничката соба.

***

Следниот период Архангел го посвети на уште подетално запознавање со состојбите што се случиле додека тој беше во кома. Истовремено успешно напредуваше и терапијата за целосно заздравување. Со неговите домашни секојдневно се слушаше и гледаше преку холограмскиот телефон. Повремено даваше и по некое интервју.

Конечно, дојде и тој ден - денот на заминувањето дома. Со лифт го качија на покривот на болницата, а таму беше превземен

со специјален хеликоптер. Глетката под него на Солун од петтата деценија на 21 век, му изгледаше шокантно. Како да му се замагли во главата од висината и од нестварната панорама полна со модерни објекти. Д-р Мегленски, кој го придружуваше, виде дека Архангел ги затвори очите, по што веднаш реагираше, спуштајќи ги ролетните на прозорците на хеликоптерот. Тогаш Архангел ги отвори очите, а д-р Мегленски му рече:

- Има време. Не мора се наеднаш да видите. Чувајте си го спокојството.

Архангел климна со главата во знак дека се согласува со кажаното.

По извесно време хеликоптерот слета на штипскиот хелиодром. Придружуван од болничарите, Архангел за прв пат по толку децении стапна на штипско тло. Пред очи му блеснаа стотина луѓе, кои дојдоа да го пречекаат. Едно девојче му даде букет цвеќе, а еден господин му пријде и му се претстави како градоначалник на Штип. За цело време неколку новинари со одвај забележливи камкордери го снимаа. Некои од нив протоколарно го прашаа "Како е? Како се чувствува?" и сл. Им одговори што е можно пократко. Сите љубезно се однесуваа кон него. Штипјани од иднината. Се обиде да се ориентира каде се наоѓа, но отпрвин не успеа. Потоа сфати дека се наоѓа во некогашната населба "8 ноември". Го упатија кон големиот луксузен автомобил што чекаше во близина. Проследен со аплауз од присутните, влезе во автомобилот и замина кон дома. Од првиот впечаток што го виде, Штип во основа

беше ист, со истата инфраструктура, но имаше и многу промени. Убави и современи зданија доминираа над зградите од неговото време, кои (иако реновирани) успеа да ги препознае. Конечно дојде до пред огромната куќа на својот син, која исто така беше обиколена со други големи и убави куќи во населбата "Блок 70". Жена му, синот, снаата и внукот го чекаа на влезот од дворот. Се прегрнаа, се бакнаа, по што влезе во куќата. Докторот Мегленски и болничарите што го придружуваа и самите влегоа, поседеа малку, а потоа се поздравија и заминаа.

- Каде е нашиот стан? - беше едно од првите прашања што ги постави на неговите.

- Го продадовме. Направивме убава куќа. - му одговори жена му. Сега тука живееме.

Архангел за миг се натажи, но потоа почна да ја разгледува покуќнината околу себе, која исто така во суштина беше иста како од неговото време (гарнитура за седење, маса, теписи и сл.), но имаше поинаков дизајн. Погледна и во големиот холограмски телевизор, чии ликови од емисијата што течеше, небаре скокаа по собата.

И така Архангел го продолжи животот од онаму каде што застана... Следните неколку дена се прилагодуваше на средината. Му кажуваа за новините во градот и семејството. Безброј роднини дојдоа да го видат. Најголем дел од нив воопшто не ги познаваше, затоа што не биле ниту родени кога тој паднал во кома. Секојдневно доаѓаше и медицинска контрола...

Еден ден, додека лежеше во својата соба и гледаше фудбал, влезе Борјана и му рече:

- Погоди кој дојде да те види?

Архангел се подигна и погледна зачудено.

- Зарем постои уште некој кој не ме видел досега? - праша тој во шега.

- Постои. - рече таа загадочно, а потоа ширум ја отвори вратата.

Во собата влезе старец, кој со озарено лице му се обрати:

- Архангел, пријателу мој!

Архангел во прв миг не успеа да се сети кој е тоа. Наеднаш му светна! Солзите како од олук почнаа да му се слеваат по образите:

- Југомил! Ти ли си?

- Ами кој? - рече насмевнатиот Југомил и во тој миг и неговите очи се наполнија со солзи.

Двајцата пријатели цврсто се прегрнаа и бакнаа, радувајќи се на средбата по четири децении.

Потоа седнаа, а Борјана излезе да донесе за послужување. Архангел и Југомил отпрвин молчеа неколку мига, набљудувајќи се еден со друг и присетувајќи се на заеднички поминатото време.

Југомил прв проговори:

- Ми кажаа дека си добро и драго ми е. Држи се.

- А ти? Како си? Што има ново кај тебе?

- Фала Богу, добро сум. И јас сум кај син ми... Деновиве бев на гости кај ќерката во Кукуш, па затоа не дојдов веднаш да те видам...

- Што? Зарем се ожени?

- Да. Истата година кога тебе ти се случи несреќата... И не згрешив. Жена ми и денес си е со мене.

- Кажувај ми што има ново кај тебе. - љубопитно праша Архангел.

- Имав сопствена такси компанија. И добро ми тргна. Жената ми помогна финансиски. Таа беше вдовица, но ете се најдовме. Од Кочани е. Ни се родија две деца и сега сме добри под стари денови...

- Многу се радувам заради тоа. - рече искрено Архангел. - Како живеете сега?

- Ех, како. Синот и снаата по цел ден се на работа. Син ми е висок службеник во Министерството за внатрешни работи, а снаата има бутик. Имам и три внуци.

- Честитам. Навистина се радувам...

- Јас и жена ми сме во пензија... - рече Југомил, но со израз како да не е задоволен од тоа што го зборува.

Архангел се сети дека тој и порано беше вечен незадоволник. За миг пак замолчеа. Архангел прв продолжи:

- Каква судбина имав... Иако имам 76 години, јас практично малку живеев... Еј, колку работи се случиле во меѓувреме...

Југомил го погледна, но не рече ништо. Архангел пак продолжи:

- Македонија се обединила! Неверојатно! Иако засега само егејскиот дел и Гора, сепак не ми се верува...

Југомил пак го погледна некако рамнодушно.

- Господ да ги благослови Американците... Ни ја обединија земјата... - продолжи Архангел.

Југомил како да се двоумеше дали да каже нешто. Сепак не издржа:

- Да. Ни ја обединија, само... додаде со уште појасен израз на незадоволство.

Архангел во недоумица го погледна:

- Само што?

- Не знам колку си запознат за она што се случуваше и што сега се случува.

- Па, ми кажаа... И весници читав. Американците ја обединија Македонија... Во мое време не можевме ниту да сонуваме за такво нешто... Зарем не е така?

Југомил воздивна:

- Така е, ама...

Архангел зачудено го погледна:

- Е, кажи де. Што не е во ред?

- Многу работи не се во ред... Не знам што ти кажале тебе, но тоа обединување Американците скапо ни го наплатија.... - испука Југомил.

- Како ни го наплатија? - праша Архангел, се уште чудејќи се на реакцијата на Југомил.

Југомил го погледна и му рече:

- Ти долго време беше отсутен и затоа не можам да ти забележам ако не знаеш некои работи... Знам дека во болницата ти ја пренеле, така да се изразам, официјалната верзија на настаните.... Но, јас знам многу работи... Ти реков дека син ми е висок службеник во МВР. Сум слушал многу негови

разговори со колеги... Уште пред и за време на војната... Не е сe така розово....

Југомил заинтересирано го погледна:

- Добро, кажи ми од што не си задоволен?

Југомил подготвено одговори:

- Како прво Американците ништо не прават без сопствен интерес...

Архангел го прекина:

- Чекај, оваа приказна ја знам... Но, не ми е јасно каква врска има тоа сега? Нивниот интерес се поклопил со нашиот идеал за обединета Македонија...

- Добро де, никој тоа не го негира, но која е цената за сето тоа? И зошто Американците ни помогнаа? И дали сето ова се исплаќаше?

- Не те разбирам... Едноставно не можам да те сфатам... Објасни ми подобро што сакаш да кажеш...

Југомил воздивна, па продолжи:

- Сега ќе ти ја раскажам вистинската страна на она што се случуваше, па ти самиот процени... Еве како почна... По откривањето нафта во Македонија, изворите беа во сопственост на неколку македонски фирми, всушност акционерски друштва составени главно од Македонци одовде и од дијаспората. Значителни акции имаше и владата. Главниот извоз набргу почна да се реализира кон Америка. И отпрвин сe беше во ред. Македонија стана значаен член на ОПЕК и стандардот на граѓаните навистина почна бргу да расте. Меѓутоа, Американците наеднаш ги покачија трошоците на опремата за вадење нафта. Цената на опремата за одржување на

изворите, што нашите компании ја набавуваа од САД, ненадејно астрономски се зголеми. Американците намерно ја зголемија. Нашите нафтени компании реагираа преку ОПЕК со предлог за зголемување на цената на нафтата за да можат да ги издржат високите цени за набавка на опрема што им ги наметнаа Американците. Но, од администрацијата на САД дојде предупредување дека цената на нафтата никако не смее да се зголеми затоа што тоа ќе имало негативен ефект врз американската економија. Сето ова накратко ти го раскажувам, но тоа се вистинските причини за настаните што следуваа. Нашите нафтени компании, притиснати од високите цени на опремата што ја увезуваа од САД, сепак решија да ја зголемат цената на нафтата и покрај сериозните интерни предупредувања од Американците да не го прават тоа. Тогаш американската влада, на која и се заканува драстично паѓање на рејтингот поради нафтениот удар врз американската економија што дојде со зголемувањето на цената на нафтата, реши да ја казни Македонија. На грчкиот диктатор Калојанис дискретно му беше ставено до знаење дека може да ја нападне Македонија и дека САД нема да интервенираат против него. Тој тоа го направи и ја бомбардираше нашата држава. Тогаш нашите нафтени компании, заедно со владата, панично почнаа да молат за помош од САД. Американската влада ги предупреди дека ќе добијат помош, но за возврат не само што ќе треба да ги вратат цените на нафтата на ниво од пред нивното зголемување, туку ќе треба и да ги намалат за извесен процент. Но тоа не

беше се. Американците ни поставија ултиматум во рок од две години да им ги продадеме доминантните акции на македонските нафтени извори на американски фирми и тоа по смешно ниски цени. Нашите нафтени компании и владата немаа друг избор и ги прифатија сите услови на САД. Тогаш Американците го изиграа Калојанис, па иако пред тоа го убедија дека нема да интервенираат, сега извршија напад против Грција. Се разбира дека овде се вклопија и други моменти, како што беше неговиот десничарски антиамериканизам, неговото сојузништво со десничарските влади на Франција и Русија и уште некои околности. И така почна војната. Поради квалитетните против-воздушни системи, што Грците ги набавија од Русија, Американците првин имаа големи загуби, па тоа ги натера да одат до крај во војната за да не го загубат својот углед на супер-сила. И така војната заврши како што заврши. Република Македонија се обедини со егејскиот дел на Македонија. Но, тогаш пак на сцена стапија Американците, кои почнаа да ни ги шмукаат парите. Како прво, ни ставија под носот, така да се изразам,"фактура" за сите нивни трошоци во војната, која ни наложија да им ја платиме. И тоа каква "фактура"? Ако, на пример, за некоја операција потрошиле милион долари, тие ни рекоа дека потрошиле три милиони и се во тој стил... Со години ќе треба да им плаќаме... Како второ не се знае колку пари зедоа од нас, а и се уште земаат, од обновата на инфраструктурата и на запалените нафтени извори, кои настрадаа во војната. Нормално дека

нивните градежни фирми добија ексклузивни права во обновата на Македонија. Значи ем тие индиректно го предизвикаа рушењето на Македонија, ем сега ним треба да им плаќаме за поправка на целата штета... Како трето огромни пари ни зедоа и за набавка на оружје од нив. Тие ни рекоа дека за да можеме во иднина сами да се браниме од евентуален нов напад од Грција, треба добро да се вооружиме. Притоа не уценија дека модерното и скапо оружје требало да го купиме од нив. Практично нашата влада, преку влегувањето во конфедерација со Америка, покрај досега спомнатите давачки, секоја година им плаќа рекет за да не штителе од нова војна... И сигурен сум дека доколку само малку како држава "мрднеме" лево или десно, тие пак ќе ја охрабрат Грција да не нападне, за потоа пак да дојдат и да не бранат... И конечно, нашите најголеми нафтени извори веќе се во нивна сопственост. Така, ние со текот на времето ќе станеме само нивни измеќари. Ете тоа е вистината драг мој пријателу, а не како тебе што ти ја прикажале...

Архангел збунето го слушаше. Кога виде дека Југомил заврши, праша:

- Не разбирам дали се шегуваш со мене?

Овојпат Југомил го погледна зачудено:

- Зошто мислиш дека се шегувам?

- Како зошто? Американците ни ја обединија Македонија, а ти наоѓаш во јајцето влакно... Е, навистина, пријател си ми одамна, но воопшто не си се променил... Дури и да е така како што зборуваш, во крајна линија ние добиваме.

- Што добиваме?... Постојано сме под нивни притисок. Ни висат над глава, а и сите пари ни ги исцицаа... Нафтата ни ја зедоа... Војна ни донесоа... И стандардот не ни е ист како пред војната. - одговори Југомил.

- Не можам да поверувам на ова што го слушам... "Ни виселе над глава"? "Стандардот не ни бил ист"!? Голема работа... Нашите предци комити со години талкале по планините и буквално ја јаделе кората од дрвјата за да добијат автономија на Македонија, а ти слушни се што ми зборуваш? Несфатливо!... Споменик треба да им изградиме на Американците затоа што го остварија сонот на генерации Македонци... - рече возбудено Архангел и малку фалеше да пламне... Но бргу се совзеде и сфати дека ако продолжи со таков тон, пак ќе се скарааат. Затоа веднаш побрза да ја смири состојбата:

- Туку, твое право е како ќе размислуваш.... Ајде да ја смениме темата... за да не се скараме како тогаш. - додаде, насмевнувајќи се.

Југомил ги крена рамениците во знак на согласност со предлогот на Архангел. Во тој миг влезе Борјана, која донесе кафе и сок за послужување. Југомил поседе уште малку, а потоа срдечно се поздравија и замина.

Вечерта Архангел не се чувствуваше добро. Посака порано да си легне. Претходно зеде таблета за спиење. Заспа цврсто.....
.....

.....
.....
.....
.....
.....

– Македонско радио. Прва програма. Точно е седум часот. Добро утро почитувани слушатели. Започнуваме со утринските вести. Премиерот Никола Груевски и селекторот на македонската фудбалска репрезентација Сречко Катанец се победници во традиционалниот избор на најличност на годината во Македонија. Најличноста ја избираа триесет уредници и новинари, дваесет политичари и педесет слушатели.

Победата на парламентарните изборите го става Никола Груевски на врвот. Тој ги подигна очекувањата на граѓаните дека нивните потреби конечно ќе добијат на значење. Сега е пред уште поголема одговорност тие високи очекувања да ги исполни, но ако борбата со корупцијата стане селективна и кампањска, ако животниот стандард на граѓаните не се подобри, многу бргу ќе ја загуби довербата. Катанец ни донесе многу радост и ни ја врати самодовербата како нација дека конечно и ние Македонците со добра организација, дисциплина и залагање можеме да играме добро и да победуваме", кажаа во образложенијата најголемиот дел анкетирани во Нај нај изборот 2006.

Тоа беше првата вест што Архангел ја слушна веднаш по будењето. Ги отвори очите и зјапна во таванот. Потоа нешто се сепна. Во мигот помисли дека нешто не е в ред... И сето тоа во дел од секундата... Скокна во постелата сонлив и збунет... Неверојатно! Зарем е можно?

Разгледа наоколу, се уште не можејќи да си дојде во себе... Немаше сомнение... Се наоѓаше во својата спална... Во онаа од станот... Сам...

Си ги протрла очите, а потоа пак разгледа наоколу. Да. Тоа си беше неговата спална... Речиси излета од креветот и се стрча кон големото огледало на комодата. Зјапна во него. Чудо! Тоа беше истиот тој, каков што си беше на триесет и пет години. Значи.... Значи... Сето ова... сето ова... само го... **сонувал**!!!

Отпрвин голема радост го обзеде поради тоа што, на некој начин, си "остана" млад... Сликите од сонот како да водеа борба во неговата свест со сликите од претходната вечер. Полека сликите од сонот се повлекуваа, а на нивно место неприкосновено се вселуваше реалноста. Му текна за претходниот ден... Гледањето филмови и кавгата со Југомил...

- *Прогноза за времето денес...* - продолжуваше спикерот на Македонското радио.

Отиде во бањата, па и таму зјапна во огледалото за да се увери дека и навистина е се во ред со него. Потоа долго се миеше со студена вода...

- Еба ти сонот! - полугласно рече Архангел.

Толку интензивен сон никогаш досега немаше сонувано. Дури ги помнеше и најситните детаљи од него. Се му изгледаше како да се случило на јаве. Можеби поради фактот што беше сам дома, не можеше така лесно да се ослободи од впечатокот што му го предизвика овој сон.

Длабоко се замисли. Како да чувствуваше некаква "носталгија" по сонот... Тој таму беше остарен и грд, но барем народот беше задоволен, а Македонија беше речиси обединета. Бргу се насмевна на самиот себе.... Воздивна... Потоа за миг помисли: што ќе беше подобро за него - вака како што е сега или како што беше во сонот? Му требаше напор за да може целосно да се врати во реалноста.

Како што минуваше времето, почна да чувствува "страв" дека ќе го заборави овој сон. Помисли дека мора некако да го "заштити". Толку беше опседнат со сонот, што тој ден воопшто не замина во Скопје. Се јави на жена му и **и** кажа да си дојдат со такси или со автобус. Цел ден мислеше што да направи? И наеднаш реши! Ќе го запише тоа што го сонуваше. Ќе го оформи како кратка повест. Ако треба нешто и ќе додаде, но во основа тоа ќе си биде истиот сон. Без да чека, седна да пишува... На својот нов лап-топ. Пишуваше со денови... со недели...

Со текот на времето почна и да истражува за да види дали сонот можеби има, барем некоја најминимална, реална поткрепа. Се изненади кога низ истражувачката работа, сфати дека некои од најважните "случувања" од сонот и навистина имаа реална основа да се остварат. Всушност, сонот како целина му изгледаше нестварен, но за секој негов поединечен составен дел постоеше помала или поголема можност да се случи на јаве. Еве, на пример, нафтата. Дали е можно да се пронајде во Репубика Македонија? Се сети дека порано

некаде беше читал дека во регионот на Овче Поле и пошироко и навистина за време на социјалистичка Југославија биле вршени истражувања во таа насока. Овие истражувања ги вршела некоја словенечка фирма, чии претставници изјавиле дека таму има нафта. Меѓутоа, истражувањата биле прекинати. Многу подоцна, во 2005 година британско-канадската фирма "Банкерс Петролеум" и понуди на македонската влада да продолжи со истражувањата во Овче Поле, но не се дозна како завршиле овие преговори. Архангел пребара низ старите весници и најде дека напис за постоењето наоѓалиште на нафта во Овче Поле објавил "Утрински весник" во бројот од 20.01.2006 година. Текстот гласеше:

Британско-канадската компанија "Банкерс петролеум" со писмо за намери ја информирала македонската влада дека е заинтересирана за истражува потенцијални нафтени полиња во Македонија. Пред околу 30 години во Тиквешијата и во Овче Поле се правени нафтени истражувања кои покажале дека во тие басени има нафта. Тогаш проектот е напуштен, бидејќи барел нафта чинел само два долари, а деновиве се продава за 67 долари. Компанијата "Банкерс петролеум" веќе бара нафта во Албанија.

Архангел помисли на реалните можности за остварување и на други сегменти од сонот. На пример на евентуалната победа на десницата во Франција. Ниту тоа не беше далеку од вистината, посебно поради фактот што кандидатот на француската десница и претседател на Националниот Фронт по име Жан Мари Ле Пен, го освои

второто место на претседателските избори во Франција во 2002 година. За политичката ориентација на француската десница, на интернет најде бројни податоци кои се состоеја од програмски документи и изјави од претставници на оваа политичка опција, од кои јасно се гледаше залагањето за суверена Франција, острата осуда на глобалната политика на САД, залагањето за строги закони во областа на доселувањето во Франција, спротивставувањето на сегашниот концепт на Европската Унија, кокетирањето со нацизмот и слично.

Исто беше и со Русија. Во сонот на Архангел на власта во Русија дојде Либерално-демократската партија во коалиција со Комунистичката партија. Во реланоста, пак, ваквата можност беше сосема реална. Имено, Архангел дозна дека Либерално-демократската партија на Владимир Жириновски и навистина има многу допирни точки со Комунистичката партија на Русија. И едните и другите се залагаат за обновување на Советскиот Сојуз. ЛДП дури бара и враќање на Аљаска од САД, како и кооптирање на Финска во границите на Русија. Најголем успех на оваа партија беше освојувањето 23% од гласовите на изборите за Руската Дума. Владимир Жириновски јасно се определи против постоењето на македонската нација, изјавувајќи дека денешните Македонци се "Бугари", а античките Македонци биле "Грци". Од друга страна Комунистичката партија на Русија исто така е остро настроена против демократската опција во оваа држава. Оваа партија секогаш освојува околу 20% од гласовите. Доколку овие две

радикални партии направат коалиција, во одреден сплет на околности, многу лесно на власт во Русија може да дојде екстремна политичка опција.

Архангел продолжи да ги споредува настаните од сонот со оние во реалноста и во врска со Саудиска Арабија, како еден од најголемите снабдувачи на САД со нафта. Дали е можно во овој традиционален американски сојузник да дојде на власт екстремен анти-американски режим, кој ќе ја запре испораката на нафта за САД? Архангел се впушти во истражување и на оваа тема. На интернет наиде на анализата на д-р Антони Кордесмен, објавена во 2002 година, под наслов: "*Саудиска Арабија, Опозиција, исламистички екстремизам и тероризам*". Во неа авторот (инаку експерт за арапско-американските односи) прави анализа на внатрешната политичка состојба во Саудиска Арабија, при што заклучува дека е реална опасноста од насилно уривање на тамошниот прозападен режим и востановување на анти-западно ориентиран исламистички режим. Во врска со ова д-р Кордесмен пишува:

"*Саудиските религиознои поборници на тврдата линија и екстремисти... го сметаат саудиското кралско семејство како корумпирано во религиозна, политичка и социјална смисла... Овие насилни религиозни екстремисти во моментов претставуваат сериозен политички предизвик за стабилноста на Саудиска Арабија... За нив западните општества се темелно корумпирани, деструктивни и дејствуваат врз саудиското општество во насока спротивна од*

вистинскиот ислам... За овие екстремисти САД и ционизмот се најголеми непријатели на исламот... (хттп://њњњ.сауди-ус-релатионс.орг/дефенсе/исламиц-ецтремисм-терроризм.хтмл).

Секако дека доколку овие екстремисти (овде означени како "сериозна опасност") би дошле на власт во Саудиска Арабија, тоа би значело секнување на нафтата за САД.

Слична беше и состојбата со Кувајт, иако оваа држава беше ослободена од ирачката окупација со помош на САД. Архангел откри дека во моментов исламистичката партија во Кувајт била најмоќна партија во таа држава. Иако, формално тие покажувале толеранција кон САД, сепак и во нивните редови се погласно својот глас го кревале екстремистите. Извесен број државјани на Кувајт активно членувале во Ал-Каеда (меѓу нив и портпаролот на оваа организација), а некои од нив учествуале и во терористичките напади против САД на 11 септември 2001 година. Архангел помисли дека во иднина е сосема можно и во оваа држава да дојдат на власт исламски екстремисти, кои ќе се залагаат за прекин на односите со САД.

Имајќи ги предвид овие сознанија, Архангел сфати дека сепак постои реална веројатност настаните во иднина и навистина да почнат да се одвиваат слично како во неговиот сон. Имено, доколку во Македонија би била откриена квалитетна нафта во приближни количества како во Кувајт и доколку во Кувајт и во Саудиска Арабија би дошле на власт анти-американски настроени режими, тогаш логично дека САД попрво би се свртеле кон македонската

нафта, наместо да вложуваат огромни средства во несигурни воени дејства за повторно инсталирање на свои режими во овие арапски земји. И нормално дека во таков случај би била иритирана Грција. И нормално дека таму на власта би дошла анти-американска опција, која би барала свои сојузници во десничарските режими на Франција и Русија...

Архангел истражуваше и на други полиња. Пронајде интересни податоци за комата. На интернет прочита дека најдолго во светот досега во кома лежела извесна Елејн Еспозито, која паднала во кома на 6 август 1941 година на возраст од само шест години. Таа била во кома се до 25 ноември 1978 година, што значи цели 37 години и 111 дена...

Следните месеци Архангел ја пишуваше и оформуваше повеста, заснована врз сонот што му остави толкав впечаток. Ги дотера дури и написите од весниците. Во 2008 година ја објави книгата. Таа предизвика контроверзи во јавноста. Некои медиуми во Македонија ја игнорираа, но голем дел од јавноста, а посебно иселениците ја прифатија со воодушевување. Се на се Архангел беше задоволен. Доби понуда и за објавување на книгата на англиски.

Дојде јануари 2009 година. И тоа единаесеттиот ден. Исто како и претходната година, Архангел пак беше дома сам, а неговите жена и син во Скопје. Помисли да го повика Југомил за да поразговараат, но наеднаш се сети дека утредента е токму **тој** датум. За миг се вознемири, но бргу потоа се насмевна во себе.

Сепак реши да не му се јавува. Утредента и навистина требаше да оди за Скопје.

Стана во 7 часот, касна нешто на брзина, а потоа се облече и слезе во дворот. Надвор беше мошне студено и магливо. Влезе во колата и по неколку минути веќе леташе кон Велес. По извесно време стаса до кривината. Истата онаа од сонот, што ја опиша и во книгата. Онаа кај која му излета сканија од спротива. Во мигот се сети на сето тоа. Морници го полазија пред да влезе во кривината... Наеднаш шок! Неверојатно! Од спротива кон него изникна огромна сканија! Иста како во сонот! Леташе на неговата страна од патот! Успеа да го види тоа во дел од секундата... Судирот беше неизбежен! А,
потоа.....
.....
.....!.....
.....
.....
.....
.....
.....!Жеи%Ч&*)_+=,./?><.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....
.....e%;*((.....
.....(*&>>>.....

.....*&%иее.....
.....

***

12 јануари 2017 година... Читателот М. ги затвори избледените корици на романот "Обединувањето на Македонија" и се насмевна... Си помисли: "Убаво напишано од аспект на 2007 година, ама авторот Донски изгледа заборавил дека 2017 година и навистина ќе дојде, а од она што тој го претпоставил во романот, нема ни трага на јаве... Така се имаат зафркнато мнозина автори кои пишуваат книги или снимаат филмови за настани од иднината, а во нив вклучуваат реални години. Кога подоцна тие години и навистина доаѓаат, нема ни трага од она што е навестено во книгата или филмот. Кога пак минуваат уште повеќе години, предвидените настани и години во книгата или филмот изгледаат смешни... "

Читателот М. имаше читано дека во 1987 година, во САД бил снимен ТВ филм под наслов "Америка", во кој, било предвидено дека во иднината (конкретно во 1997 година) ќе дојде до окупација на САД од страна на тогашниот СССР... Тогаш (во 1987 година) тој ТВ филм (со Крис Кристоферсон во главна улога) предизвикал голем интерес во САД... Но, еден ден и навистина дошла 1997 година, а од предвиденото во филмот "Америка" - десет години подоцна - немало ниту трага! Напротив. Во практика било речиси сосема обратно. Во 1997 СССР веќе не постоел, а Америка била најмоќна држава на

светот. Дошла и 2007, па и 2017, со што предвидувањата во тој филм веќе целосно изгледале смешни... Исто се случило и со првата верзија на филмот "Временска машина" од 1960 година. Во овој филм била предвидена и прикажана нуклеарна војна што требало да се случи во 1966 година. Но 1966 година дошла и поминала, а никаква нуклеарна војна не се случила. Така, ваквата сцена на подоцнежните гледачи на тој филм им изгледала конфузна и бесмислена...

Читателот М. продолжи да размислува: "Можеби романот 'Обединувањето на Македонија' им бил интересен на читателите од 2008 и 2009 година, па и нешто подоцна, но сега изгледа наивно... Сега сме 2017 година, а нема ниту трага од она што во него е опишано дека ќе се случи, иако очигледно дека авторот Донски за да се обезбеди да не наседне во оваа 'временска' замка, а можеби и поради сопствена заштита од други евентуални компликации што можеле да го снајдат во неговото време, ги амортизирал настаните во романот прикажувајќи ги само како сон."

Читателот М. се проsевна, ја фрли книгата врз комодата и го вклучи тродимензионалниот телевизор. Ги фати токму вестите, но бидејќи му се примоча, побрза во купатилото без да ја слушне следната вест:

Вчера на патот помеѓу Штип и Скопје се случи тешка сообраќајна несреќа. Возилото 'рено' управувано од лицето А. Д. налета на сканија. Возачот на реното, кој се здоби со тешки телесни повреди, е хоспитализиран и се

наоѓа во кома. На местото на несреќата беа упатени претставници на МВР...

*

12 јануари 2027 година... Читателот Н. се насмевна и проседна, а потоа ја фрли книгата "Обединувањето на Македонија" врз комодата и го вклучи холограмскиот телевизор. Ги фати токму вестите, но бидејќи му се примоча, побрза во купатилото без да ја слушне следната вест:

Вчера на патот помеѓу Штип и Скопје се случи тешка сообраќајна несреќа. Возилото 'рено' управувано од лицето А. Д. налета на сканија. Возачот на реното, кој се здоби со тешки телесни повреди, е хоспитализиран и се наоѓа во кома. На местото на несреќата беа упатени претставници на МВР...

*

12 јануари 2037 година... 12 јануари 2047 година... 12 јануари 2057 година...

"Вчера на патот помеѓу Штип и Скопје..."

Гордица ВЕЛИЧКОВСКА

УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

Некои велат дека секој човек може да напише една убава песна (сметајќи ја веројатно и онаа, ненапишаната што ја носи во себе). Сепак, тоа не го прави секој човек - поет!

Слични искази, ниту случајно не се сретнуваат кога станува збор за романот, кралот на современата литература. Од таму - не е мала работа ако некој напише "макар само еден" добар роман. Бездруго ќе биде запаметен: и од читателите и од толкувачите на литературата и ниту случајно не може однапред да му накалемат "се искажа сиот во тоа дело" - иако многумина светски автори кои имаат импозантен корпус од повеќе врвни романи, сепак некако се поврзуваат само со едно свое дело, или поточно кажано - се асоцираат со еден наслов (на пример Толстој со "Војна и мир", Достоевски со "Злосторство и казна", Маркес со "Сто години самотија" и така натаму).

До врвната форма на современата литература потајно посакува да дојде не само скоро секој автор, туку скоро секој човек мечтаејќи дека макар ако го раскаже својот живот во роман, тоа ќе му донесе светска слава, а не забележувајќи притоа дека и соседите ги избегнуваат средбите со него, односно со усно прераскажаните фрагменти од неговиот роман-живот.

Од друга страна, ако се знае дека се повеќе луѓе имаат потреба да зборуваат/пишуваат, а се помалку да читаат/слушаат, и ако на пазарот има извесна хиперпродукција на се и сешто и кога понекогаш се има чувство дека веќе се е кажано, па сега само останува да се прераскажува, па дури е дозволено и да се вметнуваат цели одломки од туѓи дела, само притоа "уредно да се признае изворот" од каде е позајмено или пак "мудро да се молчи" и се остава на ерудицијата на читателот/толкувачот кој божем не се сака да се потцени од страна на авторот, па оттаму и треба се да знае и нормално - да препознае; се прашувате како навистина е можно некој да напише такво дело кое "ќе ве грабне и зароби се до неговата последна страница" - и ќе ви стане толку драго и толку блиско, па дури и познато што просто ќе ве натера и да си умислите дека е ваше и дека е штета само што вие тоа први не сте го запишале, па еве случајно Александар Донски бил побрз - нема што, па чесно е и нему да му се признае авторство, а згора на се, свесни сте дека сепак е оригинален на тема на која целиот свет размислува, полемизира, пишува, снима...

Александар Донски веќе и подари на македонската литература еден таков исклучителен роман "Тајната на Бакарната книга" - авторско издание (Штип, 2007 г.) за кој сум убедена дека е дар за сите читатели на земјината топка, но за жал и на нивна штета им е недостапен затоа што е напишан на јазик што

го говорат само неколку милиони луѓе.. Во случајов намерно не оперирам со пејоративни одредници од типот на "роман напишан на мал јазик" или "роден во мала средина/култура", затоа што сите вредни нешта се наоѓаат во мали количества! (Зарем има огромни наоѓалишта на дијаманти или други скапоцени нешта)?

Затоа македонскиот народ треба да е свесен и радосен што ја има оваа привилегија - прв да прочита нешто толку вредно кое големите држави веднаш би го отргнале од неговата душа за да направат од него - спектакл.

Во моментов ми паѓа на памет хрватската народна поговорка "Секое зло за добро", па време е лошото да стане добро за Македонија!

Како што реткиот бисер настанува од болката на школката, така и од раната на македонското печалбарство, овој бисер на македонската литература ќе му биде достапен на светот преку преводот на англиски јазик.

Лично имав среќа да бидам меѓу првите читатели на "Тајната на Бакарната книга" и откако ја прочитав "на екс" со златни пранги тргнав меѓу пријателите и колегите да замолам да ме "ослободат", а тие доброволно се пријавија да бидат меѓу заробените, зголемувајќи ја Легијата меѓу која се слушаа сличи шушкања: "Леле, имало и убаво ропство.", "Ноќеска останав без спиење", "И сестра ми сака да ни се придружи, а и сосетката ме замоли..."

На сличен начин се сеќавам, светска слава достигна Маркес со "Стоте години самотија..."

Ми се наметнува еден чуден парадокс во читањето: убавото четиво сакате да го споделите со најблиските, но ако сте искрени до сржта, ќе забележите и извесна жал при препораката бидејќи самите веќе нема да сте дел од првичната возбуда, туку веќе сте минато и багателно е сознанието дека делото можете да го препрочитувате зашто никогаш нема повеќе да биде ПРВ ПАТ!

И додека сум се уште на некој начин заробена од "Тајната на Бакарната книга", до мене веќе дојде ново дело од Александар Донски (овојпат во ракопис). Мора да признаам дека информацијата ја примив со скепса, оти се сомнеав дека за толку кратко време, по такво врвно дело, ќе може кој и да било, па така и Донски, да напише нешто барем на приближно ниво на уметничка издржаност. Но, ако првата книга во самиот наслов ја беше вплела тајновитоста - тогаш втората до мене пристигна на вистински - мистериозен начин и веројатно имаше посебна мисија да го изждене "првиот читател". Александар ми ја испрати книгата на ЦЕДЕ, па поради расипаниот компјутер, побарав помош од пријател, а тој пак го повика "својот"пријател, така што ЦЕДЕ-то го добив на хартија, па на "ситуацијата" како вечен оптимист и погледнав од убавата страна и се утешив дека на крајот ќе имам можност комплетно делото да го почувствувам и во раце, како вистинска книга...

Арно ама, само што ја допрев книгата, ја доживеав како врел костен, море како жарче на гола дланка и рефлексно, молчешкум, ја одложив

додека црвот на немирот не проработи во мене и не ја голтнав и неа, како и првата - "наискап". Не знам, можеби книгите мене ми се како седативи, па морам барем една да голтнам дневно, ама зошто ми се случува некои и да ги плукнам, затворам во подрум, отстранам? (Можеби за да и пркосам на вечната тема на домашните и писмените со кои пораснал нашиот педагошки кадар "Книгата - мојот верен пријател"? И додека ги средувам така впечатоците на кои не сакав да им придам импресионистички, и додека ги прочистував алатките за да влезам во најновата куќа на Александар Донски, која на еркери се наднела над цела држава, а згора на тоа и малку се - простопроширила, до мене стасуваат гласини дека ракописот во Македонија и во дијаспората се размножува со секавична брзина. Затоа можеби е задоцнето ова мое УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА и депласирано е во демократски времиња да спомнувам дека книгата скоро да не е забележана од државната цензура, па останува секој сам да го деконтаминира сопствениот двор. Сепак ми е должност да напомнам дека во рацете држите уметничко дело - или поточно материјализиран сон (на времето така настана "Кублај Кан") и ниту за миг не е дозволено мешање на поимите со, на пример, политички памфлет или со Програма на некаква си тајна политичка организација или нешто слично...

Се уште "вљубена" во "Тајната на Бакарната книга" на моменти си наликувам на оние мајки кои не се одлучуваат на второ дете од страв дека љубовта треба да ја поделат меѓу

две деца, немајќи го елементарното сознание дека љубовта не се дели, туку напротив - се умножува.

Но, "второто дете е веќе родено и треба да се "лула", а бидејќи сe уште не знае да зборува - дозволено ми е да го споредам со првото. Двете дела "на каменот си тежат" оти "каменот местото го држи" без оглед што првото пушта сонди во далечното минато, до славниот период на Александар Македонски, па со златни нишки ги поврзува вековите со сегашноста на нашата патрида (како што милуваше да каже Голем Александар), а второто тргнува од сегашноста, проектирајќи се во не така далечна иднина. Како заедничка карактеристика на двете дела веќе го спомнавме просто неминовното "наискап" читање.

Скоро сe друго е поинакво, па дури ако на некој литературозналец му се подадат двата ракописа (со скриено авторство) за анализа, тешко ќе може да го лоцира заедничкиот автор - Александар Донски. Оваа трага ме наведва на надеж дека Александар Донски има капацитет да го гради и понатаму својот стил, што никако не значи дека и двете дела немаат врвни вредности, или пак, дека мораат да си личат едно на друго. Едно е извесно - игривиот дух на Донски со моливите и неговата несебична љубопитност да ја сподели со читателот, просто го воведува, особено со новото дело, во коавторство, па на крајот останува нејасно кој повеќе ужива во играта - авторот или читателот.

Претходните книги на Донски, освен книгата раскази, не се од полето на литературата, но се исто така своевидни авантури во разни области, кои особено во најновото дело му послужија со нивната избрусена јадровина за бришење на границите на реалното и фикцијата (описите на кома), градејќи своевидна хипер-реалност. Се уште внимателно доближувајќи му се на најновото дело на А. Донски како "маче на жешка каша" би сакала да истакнам еден редок негов бенефит од исклучитеното хармонично и интелектуално семејство од кое потекнува и од кое, замајќи го најдоброто, продолжува да се гради (мајка му Љубица - извонреден педагог и талентиран ликовен уметник, татко му Љубомир Донски, кого претежно јавноста го знае како извонреден ликовен уметник со чија уметност во "Тајната на Бакарната книга" таткото и синот се сретнаа на иста тема: таткото со слика на ослепената војска на цар Самуил, а синот Александар опишувајќи го, меѓу другото, и овој дел од македонската историја: а во оваа прилика сакам да ја истакнам помалку познатата полиграфија на Љубомир Донски за да не се заборави и прескокнува, затоа што е една од ретките во македонската јавност, за која д-р Соња Стојменска Елзесер, непосредно пред неговата смрт потсети дека е автор на првиот фантастичен македонски роман "Враќање од пе-колот", објавен во 1966 год, со кое како таков, е внесен во југословенската енциклопедија за научна фантастика. Еве нова средба на повисоко ниво на таткото и синот -

на полето на литературата, на која сосема несвесно можеби е и влијанието на уште еден неразделив член од семејството Донски - тетката на Александар Нада Накова - долгогодишен дописник на "Нова Македонија" од Штип, на која неминовно ме асоцираа бројните фрагменти од весниците во неговото дело. Во анализава ми се наметнува уште една паралела меѓу двете најнови дела на А. Донски, а тоа е мешањето на времињата и на стиловите иако, ако првото дело со својот прв дел е напишано во стилот на магичниот реализам, а вториот дел во стилот на современ трилер, во најновото дело имаме поголема стилска воедначеност (нарушена на самиот крај) која можеби произлегува од помалиот временски период што го опфаќа (само педесетина години). Раскажано претежно од сезнајниот наратор (авторот), кој на стартот не поведува со исклучително естетизирана банална, скоро детска расправија на главниот лик Архангел со својот пријател Југомил на "вечната тема" Исток-Запад, односите меѓу Русија и САД и скоро и не забалежуваме дека сме "навлечени" на прозападната фаворизирана страна од "демиургот" на новата реалност. Ова Донски го постигнува со вешто водење на дијалогот, враќајќи ги на голема сцена *Дијалозите* на Платон (добро говореше Умберто Еко дека наскоро во пост-модерната ќе биде вклучен и Хомер) преку постапката на реновација на отфрлен жанр, подзасилен со драмски елементи, со елементи на авантуристички и пикарски роман, со остар вкус и мирис на чад од воена

хроника, со интертекстуални и интермедијални потези кои секако се постмодерни.

Линеарно раскажаната драма започнува на 13 јануари 2007 г. непосредно по жестоката и бесмислена расправија меѓу пријателите, со сообраќајка на патот Штип-Скопје, на излезот од Велес каде Архангел страда за да се разбуди по цели 41 година во модерна болница во Солун, новиот главен град на обединета Македонија. Авторот многу вешто крупните историско-политички промени ги става во минато и за нив дури и главниот лик дознава посредно што има да порача дека е објективно, од специјално обучениот психијатар за "случајот Архангел", кој систематизирано му ги подава архивираните написи од весиците, го говори македонскиот од времето на Архангел (пред да западне во кома) и т.н.

Во преден план е акцентирана психолошката драма на главниот лик, кој нема посакувана опција меѓу двете зла - да биде среќен што воопшто е жив, кога животот му поминал над четири децении во кома и реализираниот колективен сон, кој пак го дочекува на залезот од животот.

Архангел се среќава со својот лик во огледалото, а бргу потоа со дијаметрално спротивниот - со ликот на внукот за кој мисли дека е самиот тој од младоста: со старицата која треба да ја претставува неговата некогаш сакана сопруга, со синот пријателите и родниците во родниот Штип, каде се е изменето, освен конзервираното патријахално семејство (родителите продолжуваат да живеат со своите

деца, иако во поголема, нова куќа: сопругата, иако старица, традиционално ги дочекува и испраќа гостите - исто како некогаш...). Најавениот крај на приказната со посета на пријателот Југомил и со муабетот кој просто продолжува на местото каде запрел пред четири децении се испоставува дека е лажна каденца и се добива тегобно чувство дека авторот не може да го "изведе" читателот од приказната, од виртуелната реалност, предизвикувајќи своевиден читачки вертиго.

Простопроширена *Маусдонија*

Во напнато време на оспоруван идентитет на Македонија, особено од нејзиниот јужен сосед Грција, Александар Донски се зафаќа со постколонијална табу-тема: ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА кога многумина се плашат и од буквата "М" (оваа тема станува табу-тема по Мировната конференција во Букурешт 1913 г., кога Македонија т.н. "јаболко на раздорот" самото бива разделено од соседите, од кои токму Грција добива најголем дел со што повеќе од двојно си ја зголемува својата територија.

Донски темата ја пласира директно и "шокантно" уште во самиот наслов и корица и не остава простор за рамнодушност. Дури самиот однапред го прогнозира нејзиниот пат на контроверза и на играње од страна на медиумите за разлика од големиот интерес во дијаспората каде што ќе биде преведена на англиски јазик.

Со најновиот роман Донски порачува: "Не историјата, туку литературата има право на вистина". (Линда Хачион). Во својата историско-политичка метафикција тој ги преминува границите меѓу историјата и фикцијата, меѓу сонот и јавето... зашто еден "од сигурните патишта кон вистината е да се оди во насока во која расте твојот страв" (М. Павиќ: "Хазарски речник").

Носејќи не со "задоволството на раскажувањето" Донски мајсторски ги меша времињата: од Лијатаровото "минато идно време" преку "сегашноста на минатото" на Паоло Портогези и т.н.

Со самиот наслов Донски пласира ин медиа рес историско-политичка тема, која се одвива во блиска иднина (футуристичко-фикциски роман) и мошне умешно ја калеми на општествено-политичката реалност што ја поткрепува со многу документарни и автобиографски моменти (спомнува актуелни политичари, случувањата ги ситуира во родниот Штип, Скопје,Солун и т.н.). Зафаќајќи се со "застрашувачки политичка" тема која параноично е присутна кај јужниот сосед, особено од осамостојувањето на Р. Македонија, ако не заради потенцијалната воено-економска моќ и друг вид сила на Македонија, тогаш барем заради "мувата на капата", авторот со романот врши силна политичка критика. Иако таа води преку дестабилизација на поредокот , се со цел да се дојде до подобра политичко-економска и социјална клима, тој занаетски успешно го

потиснува овој момент во позадината на веќе случените настани во минатто.

Типично за пост-модерната, Донски не ја прифаќа реалноста, "вечната реалност" и користејќи топос на изгубени простори во својата општествено-политичка лабораторија играта со моливи ја заменува со игра на граници, прави политички хипотези.

Фикцијата Обединета Македонија преку успешно вкрстени уметнички постапки остава впечаток на релативност на историската реалност. Раскажувачкиот субјект во таа постапка просто се топи заедно со читателот, оставајќи му на "самиот текст" да го испише она што колективот потајно го мисли зашто кој не би сакал повеќе да си ги брцка нозете во море и тоа во свое, одошто во леген, па било да е тоа и со шлем на глава? Донски историјата ја зема како книжевна предлошка за да не поведе во нови насоки на размислување, проблематизирајќи го севкупното историско идеолошко и социјално знаење. Тој го урива овој тоталитарен севкупум, кој служи за исто такво владеење, ја урива негативната утопија - забраната отворено да се пишува за минатото и иднината. Тој ги меша границите на реалното и фиктивното, спектакуларно вадејќи ги на виделина како мрсни дамки темните, потиснати места од македонската историја, кои ја доведоа до статус на Маусдонија (Александар Станковски во: "Фајл: Дрогераш"). Затоа Александар Донски "не враќа носталгично, туку критички ревидира" (Линда Хачион) - низ отворен дијалог со минатото, но и со мошне промислени

геополитички и геостратешки хипотези на глобален план, градејќи нов, подобар и поправеден пост-модернистички простор.

Нишката на пост-модерната фикција кај Александар Донски произлегува од трауматскиот притисок на идеологиите и на силите кои владеат со актуелниот светски поредок. Утопијата на Донски станува "вистинска реалност" во блиска иднина, благодарејќи на неговата извонредна способност за фабулирање со техника на *јукста* позиција (конфедеративни односи на Р. Македонија со САД), при што, селејќи ја траумата, од сегашно во идно време, тој всушност ја доведува до катарза. Во Обединета Македонија има простор за исправање на историските неправди, со политички организирани енклави за грчките граѓани, со широка автономија за гораните и т.н., но и покрај добро водените хипотези на глобален план космичката Правда се реализира со ислучителниот интерес на САД за новопронајдената нафта во Овчеполието. Во најновиот роман на Александар Донски "границите меѓу литературните жанрови стануваат флуидни, дури и најрадикалните граници се преминуваат, оние меѓу фикцијата и нефикцијата, помеѓу уметноста и животот" (Л. Хачион). Неговиот главен лик Архангел е повеќе од "поразен сонувач" (Е. Шелева), оти тој всушност - авторот ни разоткрива на крајот дека сонувал скоро полвековна кома (пикарски елемент) - оди до крајните граници на животот за да "оправда" утопија која ветува подобра иднина. Може ли фантастичното да биде двигател

на историјата? Се чини дека Донски градејќи ја својата текстуалност на некој начин ја гради и идеологјата.

Свртувајќи го при крајот вниманието на читателот на самото дело и на неговиот статус, авторот наизменично го "тушира" де со студена, де со топла вода, па "обидувајќи се да го изведе од привидот", како од руските бабушки, го втурнува во друг привид - до збунетост, до вртоглавица... Внимателниот читател ќе забележи дека не случајно иницијалите на главниот лик Архангел Димитровски се идентични со оние на авторот Александар Донски, како и некои други автобиографски совпаѓања, а пишувајќи за себе во трето лице, авторот Донски го подига метатекстуалното ниво за уште еден степен повисоко, покажувајќи свесност за текст. Продолжувајќи да излегува од руските бабушки, наместо да привршува, Донски воведува уште една техника на паралелни светови и на циклично повторување на настаните, пред тоа водејќи не низ процесот на будењето од сонот на комата, решеноста првин да напише кратка повест со запишување на првенствено сонот, за да не го заборави, потоа решен и нешто да додаде, а со намера да напише подолга повест за на крај да му се случи роман (и ние оваа одредница на авторот ја почитуваме), при што користи техника на само-напојување на делото од себеси. Пишувањето за смртта ја пренасочува во пишување за пишувањето со елементи на самопрекинувања (скепсата дека фикцијата нема да се обистини бидејќи е преблиска иднина што го поткрепува

со факти од филмската уметност за слични предвидувања). Обраќајќи и се на институцијата читател, иако не директно, туку фабуларно, тој покажува врвна самосвест. На 12.1.2017 г. читателот М. ги затвора кориците на романот и "бидејќи му се примочува" пропушта да ја слушне информацијата на радиото за идентична сообраќајна несреќа меѓу Штип и Скопје... На 12.01.2027 на читателот Н. му се повторува истото, и така со ред на секои десет години.

Романот "Обединувањето на Македонија" Донски го остава отворен, недовршен, со циклично повторување на случката или сонот со што сака да порача дека историјата и соновите се повторуваат...

Најновиот роман на Александар Донски "Обеднувањето на Македонија" е специфична хетеротопија со елементи на трансисториска забава со богата метатекстуалност и метафикционалност.

НАПОМЕНА: Оригиналната информација за бомбата во американската амбасада е превземена од весникот “Време” (13.01.2007).

На предната корица е фотографија од организацијата “Македонски лавови” од Германија, снимена во 2001 година.

Сите ликови во овој роман се измислени. Секоја сличност со вистински ликови е случајна.

АЛЕКСАНДАР ДОНСКИ е роден во ноември 1960 година во Штип. Потекнува од уметничко семејство. Основно и средно образование завршил во родниот град, а дипломирал на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Скопје на групата Историја на уметноста со археологија. Има објавено голем број написи, авторски документарни радио-емисии и фељтони од областа на фолклорот, историјата и религијата во повеќе македонски и странски списанија и весници. За својата истражувачка дејност добитник е на извесен број награди и признанија. Во 1987 година, како резултат на неговите истражувања во Јапонија, од кои произлезе трудот Јапонскиот печат за Илинденското востание ја доби највисоката тогашна награда на Штип - наградата 8 ноември. Во 1989 година ја објави книгата-зборник Фолклорното богатство на Штип. Во 1993 ја доби стипендијата на Фондот за отворено општество на Џорџ Сорос (ЦЕУ РСС) за истражувачкиот проект Детскиот фолклор во источна Македонија, кој со успех го заврши.Во 1994 година ја објави книгата Натприродни одгласи. Во 1995 година ја објави книгата Што ќе ни се случи по смртта?, книга со сведоштва на македонски граѓани кои преживеале клиничка смрт. Има објавувано и свои кратки раскази во реномирани македонски списанија за литературата, а се занимава и со преводи на литературни дела и есеи од хрватски, српски и бугарски јазик за списанието за уметност СУМ. Во 1996 година ја објави збирката раскази под наслов Морбидни раскази. Еден е од ко-авторите на книгата Македонија - богата и сиромашна земја, која на германски јазик е

објавена во Германија во 1997 година. Истата година во Софија на бугарски јазик ја објави брошурата Орисија, посветена на етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите, подготвена и преведена од македонскиот писател во Бугарија - Славе Македонски. Автор е и на неколку документарнаи радио и ТВ серии, снимени во продукција на Радио Штип и ТВ ИРИС од Штип. Неколку години соработувал и со "Народна волја" (македонски весник од Бугарија) и "Австралиско-македонски неделник" од Мелбурн. Објавува свои текстови и на Интернет. Автор е и на книгите: "Етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите"; "Исус Христос и Македонците", "Уделот на Македонците во светската цивилизација"; "Античко-македонското наследство во денешната македонска нација" (објавена и на англиски); "Денешните потомци на Самуиловата царска династија" (објавена и на англиски со посебен осврт на роднинската врска на цар Самуил со британската кралица Елизабета Втора), "Сведоштва за Илинденскиот период" (во ко-авторство со Атанас Кирјаков, македонски активист од пиринскиот дел на Македонија), "Сите светители од Македонија", "Македонското потекло на некои од американските претседатели", која е објавена и на англиски, "Византиски цареви од македонско потекло", "Денешните потомци на античко-македонската царска династија", како и на романите: "Тајната на Бакарната книга" (која е објавена и на англиски), "Обединувањето на Македонија" и на мистеријата "Американски јасновидец во контакт со духот на Александар Македонски". Автор е и на голем број документарни емисии со истотиска содржина на македонски и на англиски јазик, кои можат да се најдат на неговиот историски канал на You Tube.